УНИВЕРЗИТЕТ „ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ„

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за педагогија
Инв.Бр. 14324
02.04. 2013 год.
СКОПЈЕ

# ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

*Тема:*

## *АСПЕКТИТЕ НА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

Ментор:
Проф.Д-р. Анета Баракоска

Кандидат:
М-р Рабије Мурати

Скопје, 2012

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# ВОВЕД

Демократизацијата на општествата, толеранцијата, демократската култура, меѓународното разбирање, мултукултурализмот, спремноста и одговорноста за активно делување врз општествените промени, индивидулаизацијата, професионалното насочување, откривањето на надарените деца, остварување на повеќе видови на писменост кои ги бара современото технолошко - информатичко општество, се само некои од бројните барања кои се поставуваат пред современото училиште и нејзината воспитно-образовна работа.

Демократизацијата на општеството во целина во транзиционите општества односно држави опфаќа два клучни процеси а тоа се: плурализмот и деполитизацијата на образованието.

Осамостојувањето на Република Македонија и процесот на транзиција ја карактеризираат и ред други појави и промени како што се политичкиот плурализам, пазарната економија, потребата за реформирање на воспитно-образовниот систем , а сето тоа се со цел приближување и приклучување на нашата држава кон европските развиени држави.

Република Македонија и по долго поминати години од осамостојувањето се уште е во процес на транзиција, се наоѓа во време на промени од сите области на општественото живеење воопшто, па оттука и во областа на образованието. Единката односно индивидуата, е тој покренувачки иницијатор за одредени промени и еден од релевантните фактори за подобрување на општествениот живот и нејзините категории.

Во природата на човекот е тежнението за промени и развој, но исто така и несигурноста односно очекувањата од тие промени. Образованието е општествена категорија, фундамнетално човеково право и право на децата без разлика на нивната етничка припадност,верска, расна и културна определеност. Образованието е инвестиција за иднината на децата, младите па и општеството во целина.

Долгиот транзиционен период на наша држава остава простор за многу неразјаснети и недоволно објаснети и дефинирани проблеми кои што се евидентни во секојдневниот живот.

Ако ја анализираме целта на образованието и воспитанието од античките времиња па се до денес како се менувала низ времето доаѓаме до определен заклучок кој што ќе се обидеме да го елаборираме подоле во трудот.

Во античките времиња целта на образованието и воспитанието била да формира добар човек, добар говорник, храбар војник, чесен - морален граѓанин, мудар и образовен владател. Во средниот век целта на образованието и воспитанието се насочува на ученост и чесност-моралност, строгост, послушност, молитва и работа. Деветнаесетиот век го насочува образованието и воспитанието кон сестрано хармонично - образована и развиена личност, граѓанин демократ. Дваесетиот век бара сестран развој на личноста, истражува и поттикнува развој на дарежливост, самостојност, критичко мислење, рамноправни можности и друго.

Осумдесетите и деведесетите години на минатиот век бараат образование и воспитание кое ќе може да одговори на прашањето како да се живее во светот на брзите општествени промени, мобилност и миграциите, информатичкото општество и високата технологија.

Денешното училиште има тешка и одговорна задача, а тоа е да образува ученици кои ќе бидат способни да ја менуваат постоечката состојба во општеството - одговарајќи така на предизвиците на современите општествени и технолошки промени, и истовремено да го разберат и почитуваат европскиот идентитет на општеството во кое што живеат - така да и понатаму се одржат културните, демократските и правните традиции на европската цивилизација.

Образованието и воспитанието не е одвоено од општествениот развиток, и тоа претставува важна основа но и одредница на тој општествен развиток. Па оттука може да констатираме дека образованието и воспитанието е процес, бидејќи секогаш е во развој, секогаш е во потрага по подобри барања и решенија, подобри системи и начини на работа.

Образованието и воспитанието во денешниот современ свет бара доживотно учење, постојано надоградување односно перманентно учење така да користејќи ги знаењата и техниките, да можеме да работиме по современите барања и да бидеме активни и корисни граѓани.

Имајќи го во предвид фактот дека образованието е доживотен процес, неговите содржини не можат да се одредат независно од времето. Образованието мора да реагира на сите општествени појави кои што се јавуваат, така што секоја промена што се случува во општеството во целина доведува и до промени и во сферата на образованието како општествена категорија.

Според современата антропологија човекот претставува единство на три суштини, и тоа: природна, културна и социјална суштина. Според тоа, потребно е нова образовна парадигма, каде што детето треба да се разгледува во сите три димензии, и тоа како природно, културно и социјално суштество.

Причина за превземање на реформи (промени) во образованието скоро во сите земји на светот па и кај нас е незадоволството од постојаниот образовен систем, а патиштата на таа реформа (промена) се различни.

Демократизацијата на општеството бара и демократизација на училиштето, а тоа пак неминовно го пренагласува моделот на индивидуално ориентирано образование. Само со таков модел на образование може да се применат принципите на хуманост, индивидуалност, различност на образованието и уважување на личните интереси на учениците.

Преминот од XX кон XXI век се карактеризира со премин од индустриско кон постиндустриско (информатичко, дигитално) општество. Следствено, треба секому да е јасно дека влегуваме во една нова епоха, епоха на нова светска цивилизација. Тоа неминовно го пренагласува барањето на нови педагошки идеи, нови концепции, нови теории и трагање по нови ефикасни практични решенија.

Главен параметар врз кој се гради современото училиште е квалитативно поинаквиот однос меѓу наставникот, ученикот и родителот. Значи, развивање на тој педагошки триаголник, каде што се повеќе се бара ученикот да биде во центарот на работата на училиштето.

Кога зборуваме за реформирање на училиштето од традиционално во современо, неминовно е да се врши и негова реорганизација и тоа внатрешна и надворешна реорганизација.

Во трудот ќе се разработат теми како што се општиот поим или значење на поимот демократија, поимот демократизација на образованието и воспитанието, демократско општество и демократско граѓанство, во рамките на демократскиот живот во училиште и подготовка на младите за подемократско живеење потребата од постоење и работење на ученичките парламенти, современото училиште и карактеристиките на тоа училиште. На сите поставени тези треба да се одговара теоретски (разработка на разни материјали и литератури) и секако по пат на теренско истражување и испитување на истите, како тие теоретски поставени барања и потреби се имплементираат и наоѓаат свое место ви секојдевниот живот, како во училиштето така и надвор од неа.

# ПРВ ДЕЛ

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

# 1. ГЛОБАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВОТО И НИВНИТЕ РЕФЛЕКСИИ ВРЗ ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

## 1.1.ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

На почетокот на деведесетите години од минатиот век, значајни промени почнаа да ги трансформираат економиите и секојдневниот живот не само во Европа туку и во целиот свет. Едната е појавата на глобалната економија како резултат на тоа што економиите станувaа се позависни едни од други. Другата промена беше технолошката револуција односно појавата на интернетот и новите информатички и комуникациски технологии. А сето тоа секако дека појави потреба за промени и во сферата на воспитно-образовниот систем односно на образованието како општествена категорија.

Република Македонија тежнее кон приклучување во европско развиените земји а тоа тежнение секако дека бара напорна и упорна работа во секој сегмент од животот а особено во делот на образованието како двигател на развојот и осовременувањето на животот воопшто. Промените кои што се однесуваат на образованието секако дека го опфаќаат и училиштето како институција која што на организиран начин, со определени форми и методи ги оспособува и подготвува младите луѓе за живот и работа во се поразвиено и демократско општество.

Во ерата на наглото развивање на науката, техниката, технологијата, автоматизацијата, електрониката и кибернетиката, училиштето остана во значителна мерка класична, вербалистичка и формалистичка установа, недоволно оспособена да биде двигател на модерниот живот, иницијатор, релизатор и верификатор на новите најреволуционерни промени. Сето ова негативно се

одразува на степенот на активност на наставникот и ученикот во воспитно - образовниот процес, текот и исходите на воспитно - образовната работа, на квалитетот на работата кој го постигаат учениците и наставниците, како и на угледот на училиштето и просветните работници во општеството.

Во духот на сето погоре кажано се поставуваат неколку прашања, од типот:

- Колку учениците знаат и колку научуваат во училиште?
- Колку знаењата што ги постигнуваат во училиште им помагаат на учениците успешно да се прилагодат во општествениот живот?

Ако се има во предвид фактот дека учењето е акт на промена, тогаш секако дека треба да се обрне внимание во која насока ги менуваме и ги формираме младите луѓе односно учениците. Сметам дека повеќе од потребно е во училиштата покрај знаењето учениците да се оспособат и за определени начини на мислење, определени ставови па и определени вредности и особини на личноста. Покрај информативната, училиштето има и формативна и социјализациска улога, но колку вистински ги остварува училиштето овие свои важни улоги, е прашање кое што треба да се проучува и анализира. Проблемот е што наставата се повеќе се насочува кон содржините на наставните програми и на лекциите, отколку на ученикот и учењето. Самостојноста во учењето е недоволно застапена односно недоволно се поддржува низ наставата.

Затоа сметам дека крајно време е нашите училишта, а особено наставниците како директни реализатори на воспитно-образовниот процес, да почнат реалистички да ги извршат измените и промените во образованието, а не само да се вршат некои административни законски измени и промени кои што тешко заживуваат во практиката на нашите училишта.

Демократијата како општествена формација со себе води и низа други измени во општествениот живот кои што бараат поотворен, полиберален пристап од било кој аспекти на било која категорија да се однесува таа измена. Сметам дека образованието како општествена категорија треба секогаш да биде во тек со општествените промени и секако дека во демократско општество треба да има

демократско образование. Образованието е столбот преку кој што се гради едно општество, колку поразвиено и подемократско образование имаме токлу подемократско и поразвиено општество ќе градиме.

Мислам дека овде треба да истакнам дека основен принцип во градењето на образовните политики и реформи е образованието за демократско граѓанство.

Демократизацијата на образованието не е некое ново и непознато барање како во развиените земји така и во нашата држава. Од почетокот на осамостојувањето на Република Македонија се зборува за демократизацијата на образованието, воспитанието за демократија, основи за демократија, граѓанско образование и др. Но сепак до денес се уште немаме посеопфатно релевантно истражување за оваа проблематика. Младите луѓе недоволно се подготвуваат за демократско однесување, работење и живеење во едно демократско општество.

Во врска со оваа тема постои само еден проект наречен „Граѓанско воспитание„ кој што беше организиран и реализиран од страна на ЦРС - Македонија - од Д-р. Марија Ташева и Слободанка Ристевска; финансиран од УСАИД, а наменет за децата од предучилишна возраст. Постои прирачник за децата од предучилишна возраст насловен како „ ОСНОВИ НА ДЕМОКРАТИЈА - ПРВИ ЧЕКОРИ „ каде што се учат четирите основи на демократијата кои што се:

- *одговорност;*
- *правичност*
- *авторитет; и*
- *приватност.*

Причината поради која што се одлучивме за истражување од оваа област е секојдневното соочување со секакви проблеми или недоразбирања, непочитувања и дискриминација од било која насока и од било каква природа. Општо кажано еден благ хаос кој што владее во нашето општество со тоа што секој смета дека има право (толкување и осмислување на демократијата онака како секој сака и ја разбира), сметаме дека повеќе од потребно е да ги подготвуваме и оспособуваме

децата и младите (дури и од најрана возраст), за живеење, работење и снаодливост во демократско општество.

Долгиот транзиционен период на Република Македонија, недоволната подготвеност и неиформираноста за тоа што значи демократија, демократско општество, демократско учење и живеење, го стагнираат развојот на државата и го спречуваат младиот човек да се развива во вистински демократски дух. Ако не можеме да делуваме и да ги измениме постоечките состојби и мислења, сметам дека неопходно е да се делува врз младото поколение, така постепено и нашиот народ заеднички да може да се образува и воспитува во демократски дух, со демократски начини и форми.

Тоа е единствената форма низ која што можеме да делуваме за развитокот и осовременувањето на животот воопшто, воспитно-образовниот систем па и на целата држава.

Чувството на заедничка припадност и заедничка судбина не можат да се произведат, тие мора да се стекнат и оформат со текот на времето. Во развиено општество треба да постои споделена културна свест каде што земјата или пак општеството ќе се фокусира не само на економијата туку и на образованието, граѓанството и културата.

За крај ќе наведам една мисла од Viktor Igo, кој вели: „Ќе дојде ден кога сите нации на овој континент ќе се здружат во повисок степен на единство и ќе создадат европско братство, без да ги загубат своите особености и својата славна индивидуалност. Ќе дојде ден кога умовите ќе ги бијат единствените битки - на отворени пазари на идеи. Ќе дојде ден кога гласачките ливчиња ќе ги заменат куршумите и бомбите„. Но беше потребен повеќе од еден век за да почнат да се остваруваат неговите утопистички предвидувања.

## 1.2. ПОИМ ЗА ВОСПИТЕН СИСТЕМ

Кога се зборува за воспитно - образовниот систем основното нешто кое треба да го сфатиме е тоа што системот треба да го разгледаме низ сите негови елементи како што се средствата, содржините, организацијата, методите на работа и облиците на евалуација, опремата како и наставниците, кои на директен или индиректен начин делуваат во остварувањето на целите и задачите во рамките на воспитно - образовниот систем.

Под поимот систем во теоретска смисла се подразбира секое функционално организирање и делување кое е насочено кон задоволување на основните принципи на делување и на тој начин се потврдуваат задачите за кои што постои.

Освен поимот "воспитно-образовен систем" многу често се употребува синтагмата "школски систем", "систем на школување", "образовен систем", "систем на обука" и други синтагми со кои што го означуваме заедничкото или посебното делување на мрежата на организирани институции. Секоја од овие терминолошки детерминанти има свое посебно значење и не може да се третираат како синоними. Системот на воспитание и образование подразбира нејзино создавање во рамките на школскиот систем како формален организациски нацрт, рамка и технички идеи во рамките на која се остваруваат планираниот, програмираниот, организиран, методички осмислен и секогаш евалуиран и усовршен процесот на воспитание и образование, чии што општи принципи на делување одредуваат закони и други јавни документи, одлуки и подзаконски акти. (Mijatovic, A., Antic, S. 1999, стр.293).

Кога станува збор за воспитно-образовниот систем секако дека тоа е сложен систем односно сложена структура на функционални компоненти како што се: институциите, содржините, методите, средствата, принципите на стурктура, односите, организацијата, планирањето, управувањето, раководењето, мотивирањето, финансирањето, вреднувањето, унапредувањето и др. (Баракоска, А. 2007, стр.196).

Со поимот „воспитно-образовен систем се подразбира" општ нацрт на регулирани облици, нивоа и нивна меѓусебна поврзаност, закони, прописи, одлуки, уредби, норми, стандарди со кои во целост се регулира делувањето на училиштето". (Mijatovic, A., Antic, S. 1999, стр.293).

Системот на воспитание и образование односно под поимот систем на воспитание и образование, се подразбираат сите институции кои што работат во сферата на воспитанието и образованието на граѓаните, а тоа секако дека се предучилишните институции, училиштата, како и институциите за воспитно-образовна работа вон училиштето.(Теодосиќ,Р., Прокиќ, Б., Ничковиќ, Р., Новаковиќ, М., 1969).

Основните карактеристики на воспитанието и образованието кои што ни се познати кај нас но и во сите други земји секако дека во целина го соочинуваат системот на воспитание и образование. Од друга страна пак основните карактеристики на системот на воспитание и образование се: демократскиот карактер, деетатизација, единство, задолжително образование (9+4), поддршка на системот на воспитание и образование во постигањата на науката, техниката како и во културата воопшто, експанзија на образованието, интегритетот и врската на системот на воспитание и образование со потребите на општеството како и општиот развој на единката.

Воспитанието, образованието и наставата, наблудувани во единство имаат сопствен развиток, но и општи и посебни законитости. Развојот на образованието, воспитанието и наставата иако имаат своја логика, не се независни туку се условени со општиот развој на општеството и човековиот развој. Секоја форма и систем на воспитание биле последица на она што е создадено преку материјалната и духовната култура на општеството или пак на новите појави и процеси кои ги манифестираат новите тенденции, новите повисоки облици на живот и мислење како на луѓето така и на општествениот живот, или пак последица на паралелен поттик на оние нови политички, културни и образовни иницијативи со кои што се тежнее да се надминува постоечкиот начин на живеење и создавање.(Leko, I., 1969, стр.25).

Воспитно-образовната работа претставува еден од основните услови на општествениот живот, општествениот прогрес и развој. Поради тоа, оваа работа има организиран, плански, систематски карактер, што значи се реализира во посебни воспитно-образвни институции. Најпозната и најзначајна воспитно-образовна инстисуција е *училиштето*. (Патаки,С., Вајнахт,Е., Вукасовиќ, А., (1965), стр. 51).

Поимот училиште има општо значење, бидејќи во животот постојат разни видови училишта и степени на училишта. Исто така целите и задачите на поедини училишта се разликуваат меѓу себе, како и нивната организација, воспитна работа и задачите. Свесни сме дека постојат општообразовни и стручни училишта, основни и средни, и др. Значи системот на воспитание и образование има пошироко значење од школскиот систем, бидејќи системот на воспитание и образование ги опфаќа сите воспитно-образовни институции. Во исто значење се употребува поимот воспитно-школски систем. Според тоа поимот воспитно-образовен систем ги опфаќа сите воспитно-образовни институции на една земја кои меѓу себе се поврзани во хармонија со принципите врз кои што е изграден дотичниот систем (Патаки,С., Вајнахт,Е., Вукасовиќ, А., 1965, стр.51).

Знаењето и образованието како процес значително влијаат на подигањето на квалитетот на животот, на подобрувањето на животниот стандард, знењето освен во институционалните начини може да се стекнува и преку медиумите, самостојно и во групи на неинституционален начин и тоа без гранична рамка.

Системот на воспитание, како супрасистем во современи услови, го сочинуваат три основни потсистеми:

- *Формален* - под кој подразбираме институциоанлен училишен систем кој што го сочинуваат предучилишните установи, основните, средните, вишите и високите школи и универзитетите со постдипломските студии;
- *Неформален* - кој најчесто се остварува надвор од традиционалните институциоанлни рамки - училиштата како што се претпријатијата, др.

установи, го опфаќа образованието на возрасните со цел да се преквалификуваат, доквалификуваат.

- *Информален* -кој укажува на разновидните облици на образование, кое се стекнува надвор од системот на формалното и неформалното образование, кое денес се означува со терминот "паралелно училиште". Информалниот систем се однесува на образованието кое се стекнува во семјеството, по пат на медиумите, и други влијаниа во општеството. (Баракоска, А. 2007, стр.196).

Од сето погоре наведено можеме да констатираме дека процесот на воспитание и образованието се одвива во рамките на институционалниот систем на образование. Таквиот систем ги опфаќа сите образовни институции кои се поврзани и организирани во една единствена мрежа. Во таа смисла секоја земја има свој специфичен систем на образование, иако постојат земји чии што образовни системи имаат некои општи и заеднички обележја кои се однесуваат на организацијата, нивоата на образованието, времетраењето на школувањето односно образувањето.

## 1.3. ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТАТА

Првите училишта ги срекаваме во робовладателското општество и тоа во земјите на древниот исток, пред двеста или триста илјади години пред нашата ера. Подоцна интензивно се развиваат во античка Грција и во стариот Рим. Овие училишта ги основаат сопствениците на робовите (робовладателите) за воспитување и образување на сопствените деца. Првично овие училишта биле приватни, а подоцна тие станувaат општествени и јавни. Така во Атина постојат различни училишта кои се поделени според намената и возраста. Тука можеме да говориме за првите зачетоци и појавата на училишните системи. Робовладателите ги отварале училиштата со цел во нив да добијат пошироко образование и сестран развој кој што ќе ги подготвува за владение и управување со државните и јавните работи. Децата на робовите немале право да ги посетуваат односно да се вклучат во

училиштата, туку само децата на робовладателите затоа може да констатираме дека училиштето и системот во тоа време имале класно - политички карактер.

Појавата на училиштата има значење за понатамошниот развиток на човекот, општеството и културата, бидејќи во неа се средуваат, систематизираат и пренесуваат искуствата на човештвото.

Така поаѓајќи од старите цивилизации како што се Кина, Египет, Месопотамија, училиштата биле подобро организирани и повеќе меѓусебно поврзани во систем, доколку националната односно државната организација била поширока и постабилна. Од друга страна пак државната организација покажува неколку долгорочни цели или политики кои што тежнее да ги постигне токму преку училиштето и воспитанието. (Trnavac, N. 1987, str.111)

Средниот век се карактеризира со процесот на обединување или воено освојување на феудите и кнежевствата, со што доаѓа до создавање на големи држави, така што било тешко и напорно да се вклопат различни типови на училишта, нивоа и карактери во еден поширок и поцелосен систем, систем кој што ќе биде организиран од државата. Така, во 17 и 18 век доаѓа до појава на првите училишни системи кои беа поврзани со државната организација, а карактеристично за системот е тоа што системските елементи на тој систем, а во нашиот случај на училиштето требаа да делуваат слично или исто. (Trnavac, N. 1987).

Почетокот на 19 век е најпогодниот период за развој на училиштето на сите нивоа, видови на училишта. Во овој период се појавува потребата од вовдеување на ред помеѓу тие училишта. Така Коменски вовел ред во наставата и училиштето, додека Хербарт и неговите следбеници воведуваат ред во целина на научниот систем - педагогијата.

Времето на индустриската револуција е карактеристично за тоа што индустриското производство има потреба од интензивен развој не само на основните училишта туку и на основање средни училишта, а особено појава и развој на факултетите и тоа на факултети од реален тип кои што ќе произведат работна сила која што ќе може да се справи со машините за производтсво, а воедно ќе го зголеми и самото производство. Напоредно со конституирањето на училишниот

систем како битна појава или потреба можеме да ја нагласиме и појавата на задолжително школување, така, како што поедини делови или држави на Европа се индустријализираат така тие ја озаконуваат обврската на училиштето, а воедно и го продолжуваат задолжителното школување (во некои држави тоа било 6 години, во други 8, и тн.)

Периодот на 18 и почетокот на 19 век се карактеристични со појавата на училишните правила, регулативи и училишни закони. Се поголемата потреба за подобра организација на системот доведува до појавата и на зајакната контрола и надзор.

Периодот на 19 и 20 век се карактеризира по тоа што луѓето барале подобра организација на своите институции и системот. Во таа потреба за подобра организираност луѓето често запаѓале во униформирање на меѓучовечките односи, каде што од системи и норми не се гледало човекот (индивидуата). Верувањето во семоќта на организиран политички, државен или училишен систем ги заслепило и оние на кои што развивањето и зачувувањето на здравиот разум им била основна дејност.

Училиштето е институција за организирано воспитание на човекот. Зборот училиште е од грчко потекло чие што првобитно значење е *доколица* односно време на не работа. Подоцна поимот школа од латинскиот збор schola поприма ново зничење што значи место каде слободното време се поминува во учење. (Баракоска, А., 2007, стр.198).

Училиштето било последица а не причина, што во новиот век се повеќе ќе биде причина на економскиот просперитет на поедини општества. Тоа особено важи за периодот на научно-технолошката револуција па наваму кога особено доаѓаат до израз новата технологија, нивото на науката и др.

Во феудалното општество училиштето имало класна карактеристика. Карактеристично за ова време било тоа што црквата имала значајна улога во процесот на воспитанието и образованието и секако поделеноста на училиштата според класите, така постоеле: свештенсвото имало црковни училишта као што се: а)манастирски; б) катедрални; в) парохиски; додека благородништвото имало

таканаречени судски училишта. Кметовите немале свои сопствени училишта. Во овој општествен поредок училиштето имале привилегија да го посетуваат само децата на привилегираната класа, што ни укажува на класниот карактер на училиштето а со тоа и на воспитно-образовниот систем. (Патаки, С., Вајнахт, Е., Вукасовиќ, А., 1965).

За време на француската буржоаска револуција настануваат низа прогресивни предлози во поглед на училиштето и нејзината организација односно организацијата на воспитно - образовниот систем. Тие нови предлози се однесуваат на негирањата на класниот карактер на воспитно-образовниот систем, од што произлегува барањето за задолжително образование за сите деца, демократско организирање на воспитно-образовниот систем од основно до високо образование, секуларен карактер на наставата и училиштето во хармонија со научните достигнувања во тоа време, изучување на реално знаење од подрачјата на природните и општествените науки, прилагодување на содржините на образованието во училиштето на практичните потреби на животот, развој на стручните училишта и популарно просветлување на широките слоеви на населението.

Буржоаскиот општествен поредок направил значајни чекори, ненадеен развиоток на економскиот, политичкиот, социјалниот и културниот живот што диктирал брз развој на школството. Во текот на 19 век многу развиени буржоаски земји донеле закон за задолжително школување за сите деца на одредена возраст.

Во капиталистичкиот општествен систем се развива мрежата на стручните училишта, вишите и високите училишта, тука се поставени темелите на образованието на возрасните, предучилишното и уметничкото воспитание, специјалното училиште и заводите. Меѓутоа основната карактеристика на овој систем е тоа што тој опфаќа два система односно два начина на школување и тоа: еден за децата од работниците и селаните а другиот за децата од високиот круг. Во училиштата не постои внатрешна поврзаност што значи не постои можност за премин од едно училиште или еден вид на училиште во друг вид. Само од одредени училишта постои можност за продолжување на образованието во вишите или

високите школи. Ова доведува до појава на дуализмот во образованието. А токму овој дуалистички воспитно - образовен систем можеме да го споредиме со еден лавиринт во кој голем број на млади луѓе биле заглавени во него. Освен дуализмот друга карактеристика на капиталистичкиот воспитно-образовен систем е и недемократичноста на тој систем која што произлегува токму од дуализмот. Се додека постојат поделби на начините на школувањето еден за народот а друг за угледните слоеви на општеството, таквиот систем не може да биде демократичен.

Основни карактеристики на социјалистичкиот воспитно - образовен систем е тоа што во овој период постоел единствен воспитно - образовен систем кој важел за сите деца и возрасни, се карактеризира со демократска организација на воспитанието и училиштето, секуларен и научен карактер на образованието во сите училишта и други воспитно - образовени институции, настава се изведувала на мајчин јазик за сите народи и припадници на националните малцинства. (Патаки, С., Вајнахт, Е., Вукасовиќ, А., 1965).

Разојот на училиштата во скратена форма може да се претстави на следниов начин:

1) *Прединституционални период* - пренесување на работните искуства, обичаите и верувањата во рамките на секојдневниот живот и работа;
2) *Училиштата скриби* - читање и пишување како основа за ширење на човековите комуникации, размена на производи и духовни творби;
3) *Училишта 3Р* - читање, пишување и сметање, како основа за воспоставување на поголеми човекови заедници и проширување на пазарот (ширење на говорниот и пишуваниот јазик) како и средство за ширење на религијата или власта;
4) *Сколастичко училиште* - религија и класични јазици, инхерентност на средновековни феуди, ширење или наметнување на одредена религија;
5) *Зајакнување на класичните средни училишта* - како израз на идејата на хуманизмот и ренесансата и потребите на трговијата, државна организација и уметност (чиновници, државна структура, и сл.);

6) *Реални гимназии (средни училишта)* - како потреба за развојот на индустријата и значењето на природните науки (индустриската револуција), период на пресметка меѓу класичните и реалните гимназии, развој на универзитетите;

7) *Политекнизација на училишното образование* - како израз на развојот на науката, техника и висок степен на индустрискиот развој, интелектуализација на училиштата и нивно подредување на интересите на економијата, научно-техничкиот развој и економскиот просперитет на државата;

8) *Сестраност во развојот на личноста во рамките на училишното образование и разновидност на моделите на училишните институции* - како израз и потреба на високиот степен на научно-технолошката револуција, општествените промени и реафирмација на културните и општохуманистичките вредности. (Trnavac N., Џорџевич J., 1995, стр.85).

Од сето до сега кажано од аспект на проблемот што го проучуваме, најнапред може да се констатира дека прво дошло до развој на идејата за народни училишта за сите на мајчин јазик без разлика на етнитет (до тогаш се учело на латински јазик), потоа доаѓа до зголемување на бројот и видовите на средни стручни училишта; а потоа и до зголемување и на бројот на факултети, а особено на оние во областа на природните и техничките науки. Со тоа е затворена изградбата на класичниот училишен систем кој во себе содржи основно(четиригодишно, потоа осумгодишно) училиште, средно училиште и факултет. (Trnavac N., Џорџевич J., 1995).

Современото училиште и современиот училишен систем тежнее кон постепено отварање, подобра внатрешна хоризонтална и вертикална поврзаност, афирмирање на идејата за плурализам. Досегашната одвоеност на формалниот и неформалниот систем на образование постепено се надминува, а училиштето веќе не е единствена институција кое што воспитува иако и понатаму е најорганизирана институција за воспитување и образование на децата и младите луѓе(Trnavac N., Џорџевич J., 1995, стр.87).

Историски гледано може да кажеме дека постепено со развоојот на училиштето се развива и општеството, така што како се развивало и се менувало

општеството се менувале задачите, целта, методите, средствата, содржините, положбата на учениците во училиштето.

## 1.4. Карактеристики на современо училиште

Главен параметер врз кој се гради современото училиште е квалитативно поинаквиот однос меѓу наставникот, ученикот и родителот. Значи развивање на тој педагошки триаголник, каде што повеќе се бара ученикот да биде во центарот на работата на училиштето (слика 1).




Слика 1

Кога зборуваме за реформирање на училиштето од традиционално во современо, неминовно е да се врши и негова реорганизација и тоа се мисли на внатрешна и надворешна реорганизација на училиштето. При процесот на реорганизација, односно на реформирање на училиштето секогаш треба да постои еден систем на почетни тези врз кои што треба да се врши таа реформа: како да се започне, како да се одвива процесот, кои стратегии да се користат, како ќе изгледаме и какви училишта сакаме.

Современото училиште за основна цел мора да го постави следните барања, и тоа:

- Да се оспособува ученикот за разбирање на самиот себе
- Да се оспособува ученикот за разбирање на својата околина
- Да се оспособува ученикот за разбирање на светот во кој живее
- Да развива вештини за комуникација
- Да развива вештини за размислување за себе
- Да се оспособува за самостојност и автентичност (Петрова-Ѓорѓева, Е. 2005).

Целта на основното воспитание и образование е појдовна основа за планирањето на наставата и другите активнисти на учениците, као и за развивање на програмата за работа на основното училиште.

Основното воспитание и образование има цел да им овозможи: хармоничен развој на учениците (когнитивен, емоционален, социјален и психомоторен) во сообразност со нивните индивидуални способности и развојните законитости и развој на личноста на ученикот врз основа на принципите на почитување на основните човекови права и слободи; оспособување на учениците да усвојуваат систем на знаења и вештини за независно, ефикасно и креативно делување во општествената и природната околина; почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна и верска припадност и физичките или менталните способности; развивање на свест и грижа кај учениците за сопственото здравје и за значењето на здравата околина.

Сите современи барања одат кон настојувањата наставникот и родителот да станат партнери во работата на училиштето. Тоа значи поинаков квалитет на соработка меѓу наставникот и родителите во современото училиште. Теориските основи на современата работа во училиштето ги наоѓаме во моделот на таканареченото "отворено училиште" па подоцна и во идеите на Русо кај кого ги среќаваме првите идеи на демократско и слободно воспитание, а понатаму истото го среќаваме и во идеите на Џон Дјуи. Дјуи во неговото толкување на демократијата ги вклучува двата основни елементи, а тоа се училиштата и граѓанското општество.

Русо пак јасно ја нагласил потребата за развивање на способностите, воспитание кое би требало да се вклучи во граѓанското општество, совладување на културата за учење и потребата за самообразование, па затоа и вели: „ Мојата цел не е да му дадам знаење, туку да го научам како по потреба да го стекнува„. (Вукасовиќ, А.,1990).

Тука вредно е да се спомене и мислата на Платон, која гласи: „Воспитанието и образованието се клуч кон создавање на подобро општество„. Образованието е доживотен процес и како таков не можат неговите содржини да се одредат независно од времето.

Преминот од XX кон XXI век значи премин од индустриско кон постиндустриско, значи информатичко, дигитално општество, а воедно и појава и една нова епоха, а тоа е епохата на нова светска цивилизација. Тоа секако дека го пренагласува барањето на нови педагошки идеи, нови концепти, нови теории и трагање по нови ефикасни и практични решенија.

Кога зборуваме за современо основно училиште, треба да го разјасниме првично принципот на ефективно, современо училиште, односно кој е генералниот принцип за постоење или формирање на такво училиште. Современото училиште пред се треба да осигура образование кое подразбира обезбедување квалитет на образование, еднаков пристап за сите и образование адаптирано за индивидуалните и социјалните потреби. Во тој контекст, основните училишта имаат обврска на децата и младите да им овозможат развивање и поттикнување на животни стилови, кои соодвествуваат на нивните индивидуални потреби и интереси, како и животни вредности и цивилизациски придобивки. Современото училиште треба да се состои од хуманистички карактер на образованието, партиципација на сите членови во работата на училиштето (наставник, ученик, родител), отвореност во работата, транспарентност во работата и секако треба да постои и децентрализација на работата на училиштето. Работата на ефективното училиште го вклучува во себе професионалниот развој на сопствените кадри, а особено на наставниците; стручното усовршување на наставниците за менторство на своите колеги, на наставниците - приправници и на идните наставници; примена на иновации; осмислување форми и модели за тимско работење и соработка со проектните тимови на училиштето;

опремување на простории, обезбедување на техники и секаков друг вид услови за училишно хоспитирање.

Современото училиште својот рејтинг го гради врз основа на високи аспирации, јасни цели и очигледни постигнувања. Таквото училиште треба да реализира квалитетна настава; да создава социо-емоционална клима за учење и работа; да прифаќа и решава проблеми во учењето; да поттикнува индивидуално напредување на децата со специфични предизвици во развојот; да ги почитува различните можности и потреби на децата; да поттикнува творечко учење,натпревар и да создава клима на задоволство од постигнатото; и да претставува пример за добра организациона поставеност.

Исто така, ефективното современо училиште треба да знае како да се справи со семејни проблеми, меѓугенерациски и меѓуврснички проблеми; содржините на слободното време на децата, личните дилеми, предрасуди и ставови на децата; потребите на децата со специфични предизвици на развојот; остварувањето на правата и културните потреби на детето како и задоволство од знаењето како лична и заедничка придобивка.

Така во образовниот систем треба да постои начин на работа преку кој ќе се открива и работи со талентирани ученици. Основното образование треба да постигне национална стандардизација за рано откривање и работа со талентирани и надарени ученици а елементите на овој концепт вклучуваат: надминување на парадигмата за еднаквост на сите ученици и примената на идентични линеарни пристапи и модели на учење; методологија за рано откривање на талентирани, надарени и креативни ученици; програми за работа со талентирани ученици; операционализација на постапките за побрзо напредување; едукација на наставниот кадар за детекција и идентификација; вклучување на талентираните ученици во меѓународната мрежа за негување на таленти.

Во основното образование треба да се поставaт такви основи кај кои во наставата помалку ќе се става акцент на наставникот и неговото предавање, а се повеќе ќе се практикува стекнувањето на знаења, вештини и градењето на ставови од страна на учениците. Главна порака е децата да учат од своето искуство, да им се

овозможи сами да експериментираат, да ракуваат со предметите, да користат симболи, да поставуваат прашања, да бараат одговори и своите наоди да ги споредуваат со наодите на другите деца. Искуството и знаењето на децата од периодот од 6-9 годишна возраст има темелно значење за нивното натамошно напредување во основното училиште. Треба да се растоварува програмата на работа, но и покрај тоа што се направени низа зафати за таквото растоварување на програмите, резултатите сепак се незадоволувачки. Најчесто тоа се врши механички, со исфрлање на делови на содржини кои, за жал често се објаснувања на појавите кои треба да се изучуваат, а се задржуваат сувите факти. Ваквиот пристап е најголемиот проблем и фактор кој предизвикува фаворизирање на меморирањето, фактографијата и енциклопедизмот од страна на учениците во основното образование. Решението на ваквиот проблем лежи во прашањето: Што му е потребно на еден ученик, на одредена возраст, со дадени потенцијали и интереси, да знае и да умее да направи, за да може успешно да го остварува сопствениот физички, емоционален, когнитивен и социјален развој и со успех да го продолжи своето школување?

Во наставата за жал претежно доминираат традиционалните техники кои во голема мерка ги пасивизираат учениците, за сметка на доминантната улога на наставникот. Автократскиот тип на раководење и предавањето се најфреквентните техники кои се употребуваат во наставата, што придонесува процесите на интеракција и активно учење на учениците во текот на наставата да бидат вистинска реткост. Современите барања го нагласуваат процесот на учење, заради што се неопходни сериозни промени на атмосферата во одделението во кое ученичката интеракција треба да има водечка улога, преку: поттикнување на самостојно и критично учење, индивидуална и партнерска работа, учење по пат на решавање проблеми, бура на идеи и групни дискусии, проектно учење, самостојно истражување, вештини за користење на повеќе извори на знаења, изработка на есеј, визуелна презентација, скицирање на идеи и нотирање, користење на ликовни метафори и графички симболи. Употреба на варијантни постапки, употреба на информатичка комуникациска технологија и системи и др.

Но, без друго, современо училиште бара и унапредување и на кадровските ресурси, што значи дека образованието на наставниците мора да го поддржи професионалниот развој во сите фази на нивната професионална кариера почнувајќи од иницијалното образование на наставниците, вработувањето, нивното образование за време на работата и секако понатамошното образование односно професионалното усовршување, учество во развојот на училиштето, и истражувачката работа. Се чини дека осовремувањето на наставата и учењето е невозожмно да се изврши се додека системски не се изврши промена во статусот и наградувањето на наставниците, со што би се избегнале ситуациите во кои сите наставници имаат ист статус и се вреднуваат (наградуваат) исто, без оглед на квалитетот што го поседуваат, пристапите што ги практикуваат во наставата и резултатите што ги постигнуваат во работата со учениците. Ваквиот модел за напредување во кариерата за наставниците треба да овозможи степенест пристап во статусот на наставниците (наставник - приправник, наставник, наставник - ментор).

Развојот на воспитно - образовниот процес во следните години нема да зависи само од волјата на еден човек или мал збир на луѓе, туку од делувањето на многубројни чинители, наставници, ученици, родители, претпријатија, медиумите, администрации, политички субјекти и други. Голем број на промени не можат да се реализираат ако не ги подржува поголемото мнозинство на чинители.

Може да заклучиме дека современото (ефективно) училиште својата мисија може целосно да ја исполни само доколку ги почитува принципите на отвореност кон условите и потребите на децата, во духот на меѓународните конвенции и стандарди.

# 2. ПОИМ ДЕМОКРАТИЈА

*"Демократијата не е цел, тоа е патот (начинот);*
*Тоа не е достигнување, туку еден процес ...*
*Кога ќе го разбереме ова и ќе почнеме да ја*
*живееме демократијата, само тогаш ќе имаме*
*демократија"*

Marry Parker Follet, 1918,стр. 58

Духот на демократијата е толку добар или лош онолку колку се добри или лоши навиките на граѓаните наспроти демократските принципи. Таму каде што секој се чувствува слободен, може во таа слобода да почне да се чувствува и ексклузивен. Желбата за подобар живот е човеково тежнение која што се повеќе води кон појава на статусни разлики, а сето тоа се повеќе е евидентна во демократијата каде што доаѓа до појава на индивидуализам.

Зборот *демократија* доаѓа од грчките зборови *demos* - народ и *kratien* - владее. Иако демократијата е дефинирана како владеење на народот, тоа не значи дека во демократските општества не постои концентрација на моќта во рацете на неколкумина. Контролата врз оваа концентрација на моќ и спречувањето на злоупотреба на власта е најважното прашање на кое треба да се даде одговор при создавањето на демократското општество.

Гледано историски корените на демократијата ги среќаваме дури и од Аристотел кој сметал дека треба да има една умерена демократија, со цел да се оневозможи еден владател или група на луѓе да станат многу силни. Ваквата демократија им давала право на глас само на богатите, жените не биле многу независни и се држеле надвор од политичкото управување. Но, демократијата треба да се состои од слободни граѓани, учени, кои преку редовна дискусија ќе носат одлуки од кои целото општество би имало придобивка.

Една од првите форми на демократија ја воделе грците во античка Грција, во Атина, а таа била нарекувана директна демократија која што значела лично владеење од страна на луѓето. Директната атинска демократија долго време се сметала за идеален тип на демократија бидејќи барала висок степен на учество на сите граѓани во власта. Но, и покрај сето ова и овој тип на демократија имал недостатоци како што се неприфаќањето на жените, робовите и странците за граѓани на Атина.

Постојат многу мислења за тоа што треба да има едно општество за да се нарекува демократско. По однос на постоењето и остварувањето на демократијата, идентификувани се два вида на демократија и тоа:

- Непосредна - директна демократија (референдуми) - каде што народот сам гласа за политичките предлози;
- Посредна - индиректна демократија - каде што народот избира група на претставници (скоро еднаков број мажи и жени) кои што донесуваат политички одлуки во име на народот.

Во пристапот кон определување на поимот демократија идентификуваме повеќе дефиниции за демократијата, и тоа:

- Демократијата е владеење врз основа на слободно дадената согласност на народот;
- Демократијата е систем на владеење во кој врховната власт се потпира врз народот;
- Демократијата е владеење на народот;
- Демократијата е владеење на народот, од народот и за народот;
- Демократијата е политикчки систем во кој владее мнозинството, но со највисока заштита на правата на малцинството. (Учиме право, 2002)

Според американскиот професор Robert Dahl, (Kval, Mellbye, Tranoy, 2005) демократијата е еден политички систем кој што треба ги задоволи следниве барања:

- Слобода на глас и слобода на збор и организација за сите. Со ова барање авторот го нагласува принципот на демократската еднаквост: овозможувајќи им на сите еднакви права и еднакви можности за политичко влијание.
- Разновидност на извори на информации.
- Слободна конкуренција за гласовите.
- Слободни и фер избори
- Влијание над избраните од страна на народот

Во „Лексикон страних речи и израза„ - Милан Вујаклија, 1970, *Демократијата* се објаснува како:

- Владение на народот, народна власт; државно уредување во која по учењето за трите власти, највисоката власт законодавната и извршната ги врши целиот народ (без разлика на положбата, образованието и имотот), било во облик на непосредна демократија, кога за државните работи решава собранието на целокупниот народ (како во стара Атина), било преку избраните претставници (репрезентативна - претставничка демократија).

Без претензии да навлегуваме во некоја подлабока анализа на поимот демократија се определуваме во продолжение да се задржиме на поимот демократија и што значи тој за граѓаните на нашата држава.

Република Македонија е плуралистичка држава со парламентарна демократија, со посредна демократија каде што со Устав е дефиниран уставниот поредок на државата како и правата и должностите на граѓаните кои живеат во неа. Во тој контекст го цитирам Уставот на Република Македонија, во член 8 каде што

се говори за уставниот поредок на државата и член 9 каде што се говори за правата на граѓаните. Член 8 гласи:

Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:

- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
- правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Додека во член 9 од Уставот се вели:

Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба.

Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

(Устав на Република Македонија).

Сите горенаведени објаснувања и дефиниции за поимот демократија како општествен поредок во кој што треба да владее граѓанинот како дел од општествеото, било тоа да е посредна или непосредна демократија, не наведуваат на

сознанието дека демократијата не треба да се сфати како анархија или пак непочитување на законите и правилата за живот и работа во едно општество. Демократијата значи прилагодување на законите и општествениот живот на потребите и барањата на граѓанинот како активен субјект во креирањето и унапредувањето на животот во општеството во целина а со тоа и во сопственото семејство на единката.

Бидејќи предмет на прочување на ова докторска дисертација е демократизацијата на воспитно-образовниот систем кај нас, во продолжение ќе се обидеме да го дефинираме поимот демократизација на образованието, со селекција на оние извори кои сметаме дека се релевантни и ќе дадат своевиден прилог на темата што ја третираме.

## 2.1. ПОИМ И ДЕФИНИЦИЈА НА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

На почетокот на овој наслов најнапред сакаме да истакнеме дека во пристапот кон објаснување на поимот демократизација на образованието, користени се повеќе извори кои ни овозможија подлабоко да навлеземе во проучувањето на овој поим кој истовремено претставува право, процес и цел.

Така во Педагошката енциклопедија, 1989-*Демократизацијата на образованието* се дефинира како:

- процес во светот, во поедини земји и средини во кои се избегнува наследеното класно и друго ограничување во пристапот кон остварувањето на правото на образование, се отвараат патишта за негова масовизација на сите нивоа и го засилува најширокото општествено влијание во политиката, финансирањето, планирањето и праксата на образование на поширокото население. Тоа се постигнува со проширувањето на мрежата и подобрувањето на финансирањето, намалување на влијанието на државните органи,

децентрализацијата односно со дистрибуција на одлучувањето на различни нивоа, вклучување на наставникот и другите вработени, родителите, учениците и претставниците на различни општествени структури, непосредно управување односно - самоуправување со училиштата и другите воспитно - образовни организации и на другите нивоа и модернизација на воспитно - образовниот процес со поголема активизација на ученикот.

UNESCO и другите меѓународни организации, препорачуваат и поттикнуваат акција на демократизација на образованието во светот, посебно против - дискриминацијата, борбата против неписменоста, за унификација и ширење на задолжителното основно и средно образование, поттикнуваат образование и компензациони мерки во областа на специјалното образование, образование на емигрантите, остварување на правата на образование на малцинствата, образование на возрасните и остварување на перманентното образование.

Во остварување на демократичноста и рамноправноста потребни се посебни мерки заради ублажување и надминување на социјалните разлики преку образовната политика, и тоа: - со елиминација на неписменоста, со појако развиено предучилишно образование и потполно остварување на основното образование; - исклучување на дуализмот во средното образование, отвореноста и проодноста низ целокупниот систем, развивање на образованието преку работа и за работа, развивање на наставата на мајчин јазик на сите народи, исти материјални услови за образование, подигање на стандардот на учениците и студентите, со материјални, социјални, организациони и педагошки мерки на принцип на солидарноста. Кон ова посебно треба да придонесуваат: училишните кујни, продолжениот престој, домови на учениците, бесплатен превоз и бесплатни книги, зголемено стипендирање и кредитирање на учениците и студентите, основање на предучилишни воспитни установи, предучилишни и подготвотелни одделенија во основните училишта а особено дополнителната работа со ученици кои заостануваат поради тешки услови на живот или недостаток на претходно школување.

Во Педагошкиот речник од 1967, *Демократизација на образованието и училиштето* се објаснува како:

- достапност на образованието на што поголем број на деца и право на воспитание, образование и школување на сите граѓани на еден народ, без дискриминација во поглед на полот, јазикот, верата, класната и расната припадност.

Во педагошкиот речник на авторот Шефик Османи од 1983, демократизацијата на образованието ја дефинира како: "еден од главните принципи на социјалистичката демократија во областа на образованието, која што се конкретизира во правата и можностите кои им се обезбедени на народот за да се образуваат, на нивното активно учество во решавањето на образовните проблеми (преку масивни дискусии, конференции, консултации, и др.), во тесната поврзаност на училиштето со животот и на нејзината содржина во функција на економскиот развој на општеството и заштита на земјата, во вистински - реални односи наставник - ученик, педагог (професор) - студент, и др".

Демократизацијата на образованието е едно од основните прашања и идикатори на општествениот развој. Меѓутоа демократизацијата на образованието не е само прашање на општественото уредување или пак на политичкото уредување туку таа е комплексна општествена појава и општествено - историски условена категорија. За потполно успешно реализирање на демократизацијата на образованието потребен е одреден степен на развој на производството односно производствените сили и општествено - економските односи. На процесот на демократизација на образованието покрај општественото уредување влијае и економскиот развој на општеството, положбата на граѓанинот, културата, традицијата и ред други фактори кои што влијаат на системот на образованието и воспитанието. Општо познато ни е дека човекот преку работата во согласност со условите не се менува само себе си туку и околината во која што тој живее и работи, а со тоа и процесот на образованието и воспитанието.

Демократизацијата како феномен не се однесува само на способноста за учење и унапредување на учениците, туку на ставот на општеството, за можностите кои ги нуди општеството со кои се овозможува учениците да се образуваат во рамките на своите интелектуални карактеристики и можности. (Trnavac, N. 1987).

Процесот на демократизацијата не треба да се поврзува само со можноста и пристапот до училишните форми на образование.

Исто така демократизацијата не треба да се сведе само на проблемот на финансирањето, туку повеќе на проблемот на распределба и пристап до средствата наменети за образование. (Поткоњак, Н., 1981, стр. 464.)

Сметаме дека од анализата на посочените извори и други материјали за демократизација на образованието, може да се констатира дека за реализирање на истата постојат неколку услови, и тоа:

- продолжување на задолжителното образование;
- отстранување на селективноста и дискриминацијата во образованието односно наставата;
- пролагодување на начините и методите на работа на условите на средината и карактеристиките на учениците;
- афирмација на доживотното образование и учење.

Демократизацијата на образованието бара реформи на воспитно-образовниот систем подигање на материјалната основа на образованието и децентрализација на образованието. Слободата на поединецот треба да биде старт, бидејќи единствено само слободниот воспитувач може да ги подучува воспитаниците за демократија во слободниот демократски систем. (Баракоска, А. 2007).

Учењето за живот во мир и слобода, за почитување на човековите права и учењето за демократија мора да станат дел од воспитно-образовниот процес.



ИНСТИТУТ ЗА ПЕД ГОГИЈА

Воспитанието и образованието мораат да бидат насочени кон полн развиток на човековата индивидуа, зацврстувајќи ги човековите права и темелите на слободата, борбата за мир и демократија. Училиштето е место во кое младите сами треба да влијаат на демократските промени во општеството и заедно со воспитувачите да работат на демократски предлози и на тој начин да влијаат на општеството.

# 3. ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО КОНТЕКСТ НА НОВИТЕ БАРАЊА ЗА ПОРАЗВИЕНО ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во согласност со социо-економската и политичката трансформација на нашето општество во однос на парламентарната демократија, општата демократизацијата на општеството во смисла на социјален, економски и меѓучовечки односи, неминовно ја наметнува потребата и од демократизација и на образованието како општествена категорија. Во контекст на демократизацијата на формалното образование, воспитно-образовните институции истовремено во рамките на целокупниот воспитно-образовен систем треба да ја утврдат стратешката цел за реформи во образованието.

Ако се има во предвид фактот дека демократизацијата има одредени нивоа во одредени области, како што се социјалните, економските и педагошките, тоа би значело:

- ✓ Прифаќање и постоење на демократски вредности - што подразбира слобода и одговорност, еднаквост и солидарност, гордост и самопочит почитување на вредностите на другите;
- ✓ Изградба и фокусирање на демократски принципи како и постапки за практично утврдување: активно учество и одговорност, толеранција и недискриминација, дијалог, дебати врз основа на аргументи и добротворна реализација на задачите (Бојанович, М., (2005), стр. 27-29)

Демократизацијата на образованието започнува или се базира на два основни принципи, тоа се:

- ✓ Принцип на рамноправност - како што се правда, прифаќање на еднакви права за сите без разлика на нивната етничка, верска, расна припадност, без разлика на полот, годините (возраста), местото на живеење, економската односно социјалната положба, способностите;
- ✓ Принцип на партиципација - слободно изразување на идеите и сопствените мисли, слободен избор и активно учество во донесувањето на одлуки како и прифаќање на одговорност.

Во современото општество а со тоа и во современите барања за поразвиено и европско образование се појавува потребата од прифаќање на други перспективи на образованието, на друга насока а тоа е образование врз основа на човековите права и потреби, овозможувајќи на тој начин активно граѓанство кое што ќе ги почитува основните човекови принципи како што се солидарност, хуманост, одговорност. Образованието за демократија или демократското образование не е ограничена само во образовните институции (училиштата) значи во формалното образование, туку овој вид на образование може да се реализира и надвор од формалното образование и тоа во различни општествени институции и тоа за сите луѓе без разлика на нивната старосна граница.

Ако се анализира нашиот воспитно - образовен систем исто така и ако се компарира со другите воспитно - образовни системи од другите земји може да се констатира дека воспитно-образовниот систем во нашата држава се карактеризира со следните елементи:

- ✓ Подсистеми (елементи) на воспитно - образовниот систем - што значи дека самиот општ систем во себе не ги содржи сите елементи кои го сочинуваат целосниот воспитно - образовен систем, а тоа значи дека предучилишното образование како

почетна алка на целокупниот воспитно-образовен систем не е опфатен во системот, иако се покажува како дел од формалното образование, нема организирано и задолжителено опфаќање на децата во предучилишното образование. Исто така и образованието на возрасните недостасува како важен сегмент на системот на образованието.

- ✓ Поврзаност меѓу елементите или чинителите на формалното образование - што значи дека не постои некаква битна или значајна соработка меѓу училиштата (тие се изолирани внатре во сопстевениот микросистем), ниту пак комбинирање на активностите и програмите за работа меѓу различни образовни институции, нема накоја мобилност ниту на наставниците ниту пак на учениците.
- ✓ Поврзаност меѓу институциите или елементите на формалното образование со институциите или елементите на неформалното образование - ваквата поврзаност и соработка меѓу овие два елементи секако дека би водело до по демократско образование а со тоа и до по демократско општество во целина.
- ✓ Информираност односно неинформираност за посебни елементи или случувања во сферата на образованието - не постојат јасни информации за реформите, измените и случувањата во полето на образованието и на образовниот систем воопшто, ниту пак дебати и конференции преку кои експертите и другите повикувани луѓе би можеле да го изразат своето мислење и визија за измените се со цел подобрување на степенот или стапката на образованието и поквалитетно образование.
- ✓ Училишната мрежа - (инклузивното образование) што значи опфаќање на децата со посебни (полесни) потреби во општиот образовен систем. Исто така и детектирање и работа и со учениците таленти кои бараат посебно внимание и секако и

посебно залагање за работа како за наставниците така и за родителите како соработници во работата на училиштето.

- ✓ Постоење стандарди за работа и функционирање-значи почитување на одредени стандарди за работа во одрдени институции, услови за работа, подготовка на кадри, и др.
- ✓ Начинот на раководење и управување на образовниот систем - секако дека децентрализацијата е еден од клучните предуслови за демократизација на образовниот систем, што значи дека ингеренциите за раководење и управување со основните и средните училишта му се даваат на општината односно на локалната власт, додека што се однесува до измените, дополнувањата , различните заклучоци за образовната сфера ги составува и донесува Министерството за образование како највисок орган за раководење и управување со образованието односно образовниот систем. Исто така со децентрализацијата голем удел во работата и функционирањето на училиштето има и советот на родителите кој секако дека овозможува училиштето да биде поблиска со родителите и учениците па и со целата популација која што гравитира во тој регион.

Новото време бара секако и нови училишта. А тоа значи училиштето да подготвува луѓе кои ќе мислат со својата глава, кои ќе можат слободно да го искажат своето мислење, кои ќе одговараат на потребите на општеството, луѓе кои ќе се почитуваат но и ќе почитуваат, кои ќе уживаат слобода на изразување и дејствување но и одговорност за своите постапки.

Ако се има во предвид дека интенцијата на државата е реформирање на воспитно - образовниот систем се со цел унапредување и усовршување на истиот, а сето тоа можеме да го реализираме институционално, преку училиштата, тогаш сметам дека првиот аспект или фундаментот за демократизација на образовниот систем, е реформирање на:

- формалните институции - училиштата и тоа преку постоењето и функционирањето на ученички и студентски парламенти и родителски управи;
- суштински промени како што се измените на наставните планови и програми, методите на работа со учениците, како и развивање на креативното и критичко мислење кај учениците;
- раководењето со училиштата.

Во книгата **"Школа за садашњост и будучност"** на авторот Томислав Боговац, 1979, авторот истакнува дека за основа на демократизација на воспитно - образовниот процес мора да се обезбеди општествено - економска и национална рамноправност. То значи дека без постоење на еднакви услови кои се дадени во општествено - политичкиот систем на едно општество не може да се постигне ниту еднаквост во образованието. Исто така ако во едно општество не се создадени предуслови за школување на мајчин јазик и уживање на еднакви општествено - политички и економски права без разлика на националната припадност не може да се остварува целта, училиштето да придонесува во решавањто на сегашните и идните потреби на општеството и на поединецот.

Кога се зборува за суштинските измени во образованието секогаш треба да се има на ум дека не може да се реализира реформирање и демократизација на образовниот систем ако немаме постигнато демократизација на наставниот кадар кој што работи во образовните институции. Наставниците треба да бидат отворени и подготвени за промени но воедно и спремни за да работат со нови посовршени и интерактивни форми и методи на работа. Сметаме дека иако наставните планови и програми треба да ги подготвуваат стручни и професионални служби, сепак за да се постигне поголем степен на демократизацијата на образовниот систем, наставниците би требале да имаат поголема слобода во менување на наставните содржини.

За да имаме потполна демократизација на образовниот систем исто така сметам дека е од исклучителна важност постоењето на алтернативните видови на

образование и постоењето на невладините организации кои што треба да имаат влијание во процесот на демократизацијата.

Важен аспект исто така е и раководењето на училиштата кога е во прашање демократизацијата на образовниот систем. Значи треба да се образуваат луѓето како демократски да раководат со образовните институции. Потребно е и формирање на различни фондови во училиштата за ученици стипендисти (истакнати-талентирани ученици) кои може да станат идни професионалци во одредена насока. Тоа за државата ќе значи продуктивна и адекватна подготовка на младите луѓе која ќе овозможи нивна понатамошна професионална определба и развој.

Кога зборувам за демократизација на образовниот систем, тој сам по себе секако дека не може да се реалзира и да опстои како единствена определба и барање за вклопување во големите промени што се случуваат како во светот така и кај нас. Демократизацијата треба да се реализира и да се развива заедно или неизменично со процесот на деполитизација и децентрализација на образовниот систем. Аспектот на децентрализација на образовниот систем во Република Македонија е процес кој е регулиран со законски одредби и е реализиран, но аспектот на деполитазција на образовниот систем е процес кој што уште не е започнат и веројатноста дека во блиска иднина ќе се оствари се минимални. За да опстои и да се развива демократизацијата на образовниот систем секако дека треба да се деполитизира истиот, и тоа постепено тргнувајќи од подоле кон нагоре опфаќајќи ги сите образовни институции.

Во продолжение на овој докторски труд ќе се задржиме на концептуалната рамка на демократизацијата на воспитанието и образованието и што значи демократизацијата на образованието за граѓанско општество.

# 4. КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА НА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Како дел од целокупната социјална трансформација на политиките на нашето општество кон парламентарна демократија и демократизација на општествените односи, економската транзиција кон пазарна економија и подготовка за интегрирање во европските структури и трендови, демократизацијата на образованието има клучна улога за сите учесници во тој процес. Затоа, демократизацијата на воспитно - образовниот систем, заедно со институциите на самиот воспитно - образовен систем од формален или неформален вид, истовремено е и цел и стратешка насока на реформите на образованието.

Демократизацијата на образованието како општествена социјална пракса и образовниот систем, како социјална институција секогаш мора де се набљудуваат во поширок општествено - политички контекст.

Демократијата не е само облик на политичко уредување и структура на власта (владение на народот по пат на директна и репрезентативна демократија), туку таа претпоставува и вклучување на демократско општествено уредување: таков облик на заеднички живот кој значи прифаќање и практикување на принципот за еднакви права, можности и постаки за сите членови на заедницата.

Кога се зборува за сите општествени нивоа било тоа да се социјалното, политичкото или педагошкото ниво, демократијата подразбира:

1. Прифаќање и почитување на (демократските) вредностите - како што се слободата, одговорноста, еднаквоста, солидарноста, достоинството на личноста - самопочитувањето и почитувањето на другиот и различноста;
2. Градење и придржување на (демократски) принципи и процедури во одлучувањето и во практичното дејствување - како што се активна и одговорна партиципација, толеранција, недискриминација, дијалог, и др.

Меѓутоа, образованието за демократија не е ограничено само на формалното институционално образование, туку го вклучува и влијанието на други општествени институции и различни други неформални облици на вонинституционално образование како што се семејството, работата, невладините организации, и др. Тоа, значи образованието за демократија не е фокусирана само кон децата и младите, туку завзема став дека сите граѓани се воедно и корисници и учесници односно креатори на образованието за демократија.

Демократизацијата на образованието односно образованието за демократија е еден од клучните сегменти на реформирање на воспитно - образовниот систем во сите транзициони земји кои што тежнеат кон евроатланското семејство. Кога се зборува за демократизација на образониот систем тогаш треба да се согледат разликите на нивоата на организацијата и функционирањето на образовниот систем, а воедно да се има во предвид и нивната меѓусебна поврзаност и зависност.

Нивоата на кои што може да се изведува демократизацијата на образованието се:

1. *На ниво на системот*:
   - Целите и начините на донесување на образовните политики -реформа на образованието;
   - Начин на спроведување на образовните политики;
   - Структура и организација на воспитно-образовниот систем вклучувајќи ги тука и професионалното образование и стручното усовршување на наставниците;
   - Управување и надзор над воспитно-образовниот систем;
   - Барања и начин на бирање на наставните кадри.

2. *На ниво на програмите на образованието и воспитанието*:
   - Концепции и цели на програмите на образованието и воспитанието како и положбата и улогата на сите учесници во образованието;
   - Начинот на донесување на наставните планови и програмите за различни нивоа на образование;

- Форми и методи на наставната работа, положбата на ученикот и наставникот во процесот на наставата;
- Форми и методи на воспитната работа а со тоа и положбата и односот на ученикот и наставникот, стручните соработници, директорот, како и родителите во воспитно - образовниот процес;
- Начинот на поставување и обезбедување на почитување на правилата на однесување во училиште, начини на разрешување на недоразбирања и конфликти;
- Систем на оценување на учениците, наставниците, програмите и на самиот наставен процес;
- Учебници и наставни средства;
- Образование за демократија и граѓанско општество, курикуларни аспекти на поделба на предметите на задолжителни, изборни, факултативни како и кроскурикуларна застапеност на целите и содржините на образованието за демократија и граѓанско образование.

*3. На ниво на образовните институции - училиштата*

- Структурно - организациони карактеристики на училиштето;
- Содржина на училишниот живот - наставни и вонаставни активности;
- Управување и одлучување во ниво на училиштето.

Кога се зборува за демократизација на образованието треба да се нагласат и мислењата и заложбите и на UNESCO во ширењето на идејата за демократизација на образованието, заложбата да не се спречува разојот на било кој член од заедницата. Така основните демократски принципи се:

- наставата да е на мајчин јазик;
- преку образовниот систем се соединуваат општите искуства на човештвото со искуствата и потребите на конкретен народ;

- пристапот кон сите степени и облици на образованието да е условен искучиво од работата и способностите на единката;
- во системот на образованието да се елиминираат секакви облици на дискриминација;
- системот на образование да е комплементарен со општествено - социјалниот систем;
- во образовните институции да владеат демократски, хумани односи помеѓу сите учесници во образовниот процес. (Trnavac, N. 1987, стр.159-160).

Задача на сите земји во светот е да работат на прифаќање на сите вредности кои водат кон вистинското остварување на човековите права во секојдневниот живот. Најсигурен начин кој би требало да води до ова цел е поимот на воспитанието и образованието. Затоа денес во многу земји во светот активноста е насочено кон развивање на разбирањето, толеранцијата и пријателството помеѓу врсниците и луѓето воопшто. Се повеќе се бара почитување на различноста, почитување на секој поединец без разлика на неговиот етнички, верски, културен, економски и социјален статус.

Кога зборуваме за концептуална рамка на демократизацијата на образованието неопходно е да го нагласуваме и училиштето како воспитно-образовна институција. Процесот на демократизација започнува со воведување на демократски односи во училиштето. Тоа започнува најнапред со упатување на учениците во демократскиот живот во одделението, создавање на искуства за демократизацијата преку животот и работата на одделението почитување и слободно изнесување на сопствените мислења и ставови. Процесот на демократизација бара време во кое учениците ќе ги учиме стекнатите знаења за демократија да ги практикуваат во секојдневниот живот и работа на училиштето.

Образованието во демократско општество треба да биде независна. Независноста се смета во смисла на почитување на образованието како еден важен и самостоен сегмент кој што битно влијае во развитокот на општеството во целина преку развојот и оформувањето на единката како еден важен ресурс во развојот на државата. Така сметам дека пообразованите и воспитани луѓе се склони или пак тежнеат кон по либерални и по демократски вредности. Од друга страна пак, оскудно образовните луѓе и неписмената популација може лесно да се манипулира, тие можат да избираат луѓе со помали вредности за нивни претставници или популистички политичари кои ја напуштат демократијата и стануваат диктатори, и покрај слободните и демократски избори. Оттука можеме да кажеме дека образованието е столб на егзистирање на демократското општество.

Главна цел на реформирање на образовниот систем во една држава па и кај нас, е модернизацијата и реорганизацијата на образовниот систем како суштинска подршка на развојот на демократијата во земјата. Демократизацијата на системот на образованието, вклучува и воведување на предметот образование за демократија или граѓанско образование во формалното образование, односно во училиштата. Образованието за демократија се поттикнува и треба да се афирмира преку процесот на образование или поконкретно во процесот на наставата преку различни индикатори да се влијае на оспособувањето на младата популација за полесно и подобро снаоѓање во демократијата како општествен и политички систем.

Образованието за демократско граѓанство опфаќа низа на активности и пракса со кои младите па и возрасните се оспособуваат за активно делување во демократскиот живот и спроведување на нивните права и одговорности во општетсвото. **Битен дел на образованието за демократско граѓанство е образованието за човекови права.**

Основна цел за развивање на природното чувство на демократијата е квалитативно поинаквиот начин на почитување на детските права како и прифаќање на детската способност да учествуваат во креирањето и развојот на сопствените животи здраво и одговорно. Остварувањето и почитувањето на

детските права веќе не е прашање и работа само на Женевската конвенција за правата на детето и декларациите усвоени во тие конвенции, туку веќе таа грижа и заштита на децата станува одговорност и на самите деца. Но, за тоа да биде возможно децата треба да ги знаат сопствените права и да поседуваат мотивација и вештини за нивно остварување. Така децата пополека директно ќе можат да се вклучат во демократските процеси на одлучување за еден нов свет кој полека станува дел од нивните сопствени визии.

За образованието за демократија последните години се зборува многу но сепак недоволно, но по се изгледа дека не се работи доволно во материјализирањето или реализирањето на тоа што треба и како треба за успешно и ефикасно реализирање на ваквиот вид на образование. Така, во 2004 година имаме реализација на некои проекти поддржани од страна на Католичките служби за помош (CRS) и Американската агенција за меѓународен развој (USAID) за *Зајакнување на граѓанското општество и поттикување на партнерства преку програмите за граѓанско образование*; кое што претежно се однесува на учениците од VII и VIII одделение. Исто така постои и еден прирачник за ученците од предучилишна возраст насловен како *Првите чекори* каде што се објаснуваат основите на демократијата а тоа се: *ОДГОВОРНОСТА, ПРАВДАТА, АВТОРИТЕТОТ И ПРИВАТНОСТА.*

Значи сето погоре кажано се однесува на учениците од основно образование кои што според наставните програми го учат предметот *Граѓанско образоание* во VII и VIII одделние со по еден наставен час неделно, додека за учениците од средните училишта исто така во наставните програми стои предметот *Граѓанско образование* а во некои и *Граѓани за демократија* во последната година на школувањето со по еден наставен час неделно.

Училиштето е место во кое најдобро може да се научи за деморатија, бидејќи низ него поминуваат генерации и генерации на млади. Комуницирајќи меѓусебно кај младите се развиваат меѓучовечките односи, при што се развива моќта на слушање и почитување на другите, почитување на самиот себе, смислата за слобода и личната одговорност внатре во заедницата (Баракоска, А., 2007, стр. 215).

# 5. ЗНАЧЕЊЕТО НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ДЕМОКРАТИЈА И ГРАЃАНСКО ОПШТЕТСВО

Кога зборуваме за образовните политики на Р. Македонија и тоа на сите нивоа тие се под надлежност на Министерството за образование и наука, кои што се раководени од Министерот кој што е член на владата. Следствено со ова образовните институции во рамки на Министерството за образование и наука се Бирото за развој на obраозованието; Образовниот инспекторат; Педагошкиот совет кои што законски и практично се под контрола на Минстерот. Од сето кажано произлегува дека и училиштата како воспитно - образовни институции не се самостојни во поглед на наставните планови и програми, тие се изработуваат на национално ниво.

Ако ретроспективно ја анализираме образовната политика од деведесетите години па се до денес, значи од осамостојувањето на Р. Македонија преку долгиот период на транзиција кој што трае 20 години и се уште не е завршен, јасно се гледа дека и по однос на образовната политика се уште има одредени прашања кои треба да се прецизираат и дефинираат.

Очигледно е дека после долгиот период на транзиција кој се уште трае, секоја влада има направено измени и почетни реформи за унапредување и усовршување на образованието, но ниедна од нив суштински не се осврнала на анализа и истражување на потребите на нашето општество и секојдневие. Реформите се прават претежно за тоа што нив ги бара Европа или пак дека соседните земји или држави кои што произлегуваа од поранешна Југославија ги примениле и се покажале како успешни. Значи се уште не е донесен некој конкретен патоказ за нашата држава кој што ќе ги задоволи потребите и барањата на нашата држава, на нашите граѓани.

Образованието за демократско граѓанство е актуелна и значајна задача и барање за сите земји кои што произлегуваат од транзиција но и од различни општествени и други конфликти и недоразбирања меѓу припадниците на различни заедници во едно дадено општество.

Образованието за демократско граѓанство е идеја која корените ги има во идејата за Европа како интегрирано и културно подрачје на демокртаски стабилности. Таа исто така е иновативен повеќе димензионален пристап со кој што се олеснува активното делување во демократијата, демократијата се однесува и на измените и пристапите поаѓајќи од подоле кон погоре. Тоа значи ако сакаме подемократско и поинтегрирано, порелаксирачка и пофлексибилна иднина и општество тоа можеме и треба да го постигнеме само преку процесот на образование и воспитание на децата и младите луѓе за живот и делување во општество со исти барања, потреби, понуди, одговорности, интереси, и др.

Образованието за демократско граѓанство тежнее кон помош на учениците, младите луѓе но исто така и на возрасните луѓе за активно, креативно и одговорно да учествуваат во процесот на донесување на одлуки. Значи треба дури и од најраната возраст децата да се учат на тоа дека се активни и одговорни припадници на една заедница односно едно општество и како такви треба свесно и одговорно да учествуваат во разни активности и задачи но исто така и да донесуваат независно од другите и одлуки. Значи да им се препушта на децата слобода на изразување и делување но преку тоа да им се нагласи и тоа дека секое слободно делување и одлучување носи со себе и одредена одговорност и сигурност во себе.

Образованието за демократско граѓанство овозможува доживотно добивање, промена и проширување на информации, вредности и вештини во понудата на формалното и неформалното образование и воспитание. Значи било тоа да е преку институционалното образование или преку вонинституционалното образование единката е во можност да се здобие со одредени информации и знаења кои што нејзе би и служиле во подобрување и усовршување на сопствените знаења, умеење и вештини, како и навиките за работа. Исто така тоа значи дека индивидуата треба да

учи перманенто, и така доаѓа до израз доживотното учење кое што е показател за поразвиено Европско отворено општество.

Образованието за демократско граѓанство претпоставува користење на повеќенаменски можности за учење. Тоа овозможува да се развива и да се потенцира парадигмата креирање односно формирање на општество кое учи, кое што може да се надоврзува со доживотното учење кое што претходно го објаснив.

Образованието за демократско граѓанство ги надминува границите и бариерите помеѓу училиштето и заедницата, но и помеѓу формалното и неформалното образование, на наставните и вонанаставните активности, на социјализацијата и школувањето(образованието).

Образованието за демократско граѓанство овозможува неизменично учење и поучавање како и подеднаква размена на улогите на наставникот и ученикот. Со ова доаѓа до израз барањето за измени на позицијата и улогата на ученикот во процесот на наставата, значи од позиција на пасивен објект, во традиционалното учење и водење на процесот на наставата, ученикот да стане активен субјект, соработник во процесот на наставата. Додека од наставникот се бара да им овозможува на учениците слободно да поставуваат прашања, тој да биде насочувач, ментор, соговорник во проц есот на наставата.

Образованието за демократско граѓанство ја зајакнува и одржува динамичната демократска култура втемелена на свеста и приврзаноста на заедничките основни вредности, како што се: човековите права и слободи, почитување на различноста и владеење на правото.

Образованието за демократско граѓанство го зајакнува општествената кохезија и солидарноста и ги усовршува и раздвижува инклузивните стратегии за сите групи во едно мултикултурно општество.

## 5.1. ЦЕЛИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ДЕМОКРАТСКО ГРАЃАНСТВО

Кога зборуваме за демократско образование односно за образование преку кое ќе може да се дојде до демократско граѓанство тогаш секако дека треба да потенцираме дека постојат и цели преку кои што треба или пак може да се реализира тој вид на образование. Анализирајќи различни извори од различни автори, и други неформални материјали и поширока литература, може да се констатира дека во определувањето на целите на образованието за демократско граѓанство, се нагласуваат различни аспекти, па оттука можат да се поделат или рангираат во неколку групи и тоа:

1. Зајакнување на демократското општество преку негување на демократската политичка култура;
2. Да се формира (креира) чувство на припадност и приврзаност кон демократското општество;
3. Да се подигне свеста за темелните - основните заеднички вредности и така да се изгради слободно, праведно и толерантно општество.

Државната образовна политика ги прифаќа современите тенденции за демократско образование барем декларативно така се изјаснува и ја прифаќа важноста на граѓанското образование (и како посебен предмет), граѓанските компетенции и сите облици на образование било тоа е да формално или неформално образование.

Идејата за Образованието за демократско граѓанство е промовирана во 1997 година и тоа со следниве цели:

- Да се одредат вредностите и вештините кои што поединецот треба да ги усвои за да стане партиципативен граѓанин;
- Да се утврдат начините со кои поединецот тие вредности може да ги научи;
- Да се утврдат начините со кои поединецот може да ги научи и да ги пренесува усвоените вредности и вештини на другите лица.

Кога се зборува за образованието за демократско граѓанство или пак за учењето за демократско граѓанство треба да напоменеме дека треба да се разгледува од аспект или тендеција како инструмент за развој на културата за права и должности. Во тој контекст во завршната декларација усвоена на вториот состанок на врвот на челниците на државите и владите членки на Советот на Европа во 1997 се истакнува и заклучува дека: „Свесни на образовните и културните димензии на најважниот предизвик со кој што ќе се соочи Европа во иднина, како и битните улоги на културата и образованието во унапредувањето на разбирањето помеѓу народите - го нагласуваме желбата за развој на образование за демократско граѓанство основана на правата и одговорностите на граѓаните и учествување на младите луѓе во цивилното општество„ (Final Declaration of the Heads of State and Governement of the Member States of the Council of Europe, Strasbourg: Council of Europe,1997, Декларација и План на делување, стр.1).

Во IV поглавје на Планот за делување учесниците на состанокот изјавуваат дека: „ Образованието за демократско граѓанство - челниците на владите и државите одлучиле да покренат иницијатива за образование за демокртаско граѓанство со цел подигање на свеста кај граѓаните за нивните права и одговорности во демократско општество активирајќи ја во постоечката мрежа......„ ( План на делување, 1997 - Страсбург - стр. 5).

Нагласувајќи ги „правата и одговорностите„ на граѓаните и потребата за „ активно делување„ а особено на децата и младите луѓе во цивилното општество се потенцира развитокот на демократската култура во една конкретна земја односно општество.

Осигурувањето на демократската стабилност и мир во едно општество секако дека зависи од поединецот и оттука произлегува идејата за демократско образование односно граѓанство кое што би требало да ја мотивра и подготвува а воедно и да ја зајакнува младата личност за превземање на одредени одговорни улоги во современото демократско општество.

Образованието за демократско граѓанство може да се реализира односно да се одвива во училиште, но може и надвор од институцијата училиште - и тоа на сите места каде што луѓето се собираат и тоа без разлика на нивната возраст. Образованието за демократско граѓанство поаѓа од идејата за доживотно учење, што значи дека по своите концепти и активности е повеќенаменска, па така навлегува во политика, право, социјалната и културната димензија на демократското општество.

Во центарот на сите задачи на образованието за демократско граѓанство е настојувањето на подобрување на институционалната структура и процесите кои поттикнуваат развој на образованието за демократско граѓанство. Политичарите и оние кои што донесуваат одлуки на различни степени на образование за демократско граѓанство го сфаќаат како клучен просветен белег и образовна политика.

## 6. ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДЕМОКРАТСКИ ДУХ

Важноста на развојот на образованието за демократско граѓанство се заснова на придонесот за развој на воспитно - образовниот систем во целина, а со тоа и на развојот на целото општество. Така, крајната цел е дека сакаме училишта во кои што учениците слободно ќе ги изнесат своите идеи и мислења, активно да учествуваат во позитивните измени како за себе така и за другите, место каде што ќе се почитуваат различностите и воедно ќе се уважуваат како такви. Секако дека очекуваме со примена на овие искуства младите луѓе многу рано да постават исти

цели и пред општеството, да бараат и тоа да се придржува кон исти принципи за сите подеднакво.

Ако ја разгледаме образовната политика и нејзината намера за решавање на одредени проблеми и прашања за воспитно-образовниот систем во целина секако дека ќе забележиме дека во сето тоа постојат области на образование за демократско граѓанство. Формулирањето на вакви политики, институционалната рамка која тие им ја даваат на локалните иницијативи, како и воспоставувањето на механизми за следење и осигурување на квалитетот на образованието за демократско граѓанство, претставуваат еден од најважните предуслови за успешно спроведување на образовната политика.

Но, исто така треба да се нагласи дека успешноста на спроведувањето на таа политика исто така зависи и од секој од нас поединечно. Тоа го велиме од причина дека сите знаеме дека ние служиме како модел на младите и учениците и како такви нив им овозможуваме и им даваме една важна и значајна лекција за животот која што лекција секако дека трае подолго од тоа што ние со зборови ќе им ја изнесеме. Ако создаваме средина во која што децата и младите ќе знаат да ги остварат своите права и одговорности, и ако создаваме услови со кои што ќе можат за тоа да придонесат сите ученици во училишниот живот, ќе направиме училиштето да се развива како модел на една отворена и демократска заедница. А секако дека тој модел ќе биде тој што во понатамошниот живот ќе ги води и ќе ги насочува младите луѓе во нивната работа и нивниот живот воопшто како единка која што треба да го развие и унапредува општеството во кое тој припаѓа.

Свесни сме за важноста на воспитанието и образованието во развојот на единката а со тоа и на општеството во целина. Воспитанието како општествена категорија присутна е во човечкиот живот дури и од најраната општесвена формација, така што воспитанието може да постои во било која општествена група. Бидејќи воспитанието е општесвена функција која што обезбедува т.е. овозможува водење и развивање на неразвиените и недораснатите кои што учествуваат во животот на групата на која што припаѓаат, тоа значи дека воспитанието се менува според особините на животот кој што преовладува во некоја група или заедница.

Знаеме дека општеството се менува впрочем тоа е основната интенција на секое општество да се измени , да се развива кон подобро, што значи да се поправа, а со тоа и да создава такви мерила и методи на воспитание кои што ќе придонесат кон тоа.

Кога се зборува за демократски дух на развој на образованието и воспитанието треба да се има во предвид и фактот дека за демократско образование треба да постои и демокртаско општество. Општество кое што сите граѓани подеднакво ќе ги третира и ќе ги цени, подеднакво ќе се постави кон нив во смисла на тоа што го нуди и што бара од нив, исти прва но и одговорности и зашто да не и исти или барем приближно подеднакви интереси за развој на личните способности и барања и општествени интереси за општ развој.

Демократскиот идеал и дух за развој на образованието и воспитанието а со тоа и на општеството во целина, не значи само слободно взаемна соработка меѓу општествените групи или заедници туку и менување на општествените навики и нивното прилагодување кон новите ситуации кои што настануваат како резултат на меѓусебните односи на заедниците. Демократијата е верна на воспитанието и образованието, демократското општество не го признава принципот на власта која што се наметнува однадвор, туку таа мора да наоѓа интерес и поткрепа да се постигне само преку образованието.

Затоа слободно може да кажеме дека демократијата е повеќе од општествена форма на владеење, таа е форма на зеднички живот, заеднички измени и градење на искуства.

Развивањето на зедничките интереси е карактеристика на демократијата, која што треба да биде последица на свесен напор и слободно размислување. Исто така треба да биде и резултат на развивање на критичкото мислење кај индивидуата, позитивното, ефективно здраво мислење и резонирање за различни проблеми и ситуации.

## 6.1. ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ДЕМОКРАТСКО ГРАЃАНСТВО И ДИМЕНЗИИТЕ НА УЧЕЊЕТО

Комитетот на министри на Советот на Европа 2002 година потврдиле дека образованието за демократско граѓанство е важен чинител кој го поттикнува меѓукултурниот и меѓурелигискиот дијалог. (Committee of Ministers of the Council of Europe: Recommendation (2002) 12 on education for democratic citizenship, adopted 16 October 2002).

Така тие сметаат дека граѓанското образование треба да се сфати како образование кое што трае цел живот и кое што придонесува за развој на способности за учење за заеднички живот во демократско општество, како и борба против „агресивниот национализам, расизам и нетолеранција„. Тоа би значело не само стекнување способности за застапеност на сопствениот став туку и став за слушање, разбирање и толкување на аргументите и на другите луѓе.

Значи, образованието за демократско граѓанство и образованието од областа на човековите права ги поврзуваат овие две димензии на учење така што се создава рамка за учење која што вклучува учење за време на часот и учење од искуствата од реалниот живот. Оттука, образованието за демократско граѓанство и образованието од областа на човековите права се засниваат врз три дидактички принципи, и тоа:

1. Учење **на** демократија и човекови права;
2. Учење **преку** демократија и човекови права;
3. Учење **за** демократија и човекови права. (Living in Democracy, EDC/HRE lesson Plans for Primary Level, Final Year by Rolf Gollob, Ted Huddleston, Peter Krapf, Don Rowe, Wim Taelman, Ed Rolf Gollob and Peter Krapf. Volume III of EDC/HRE volumes I-VI Education for Democratic Citizenship

and Human Rights in School Practice Teaching sequences, concepts, methods and models, Council of Europe, December 2007).

Овие три дидактички принципи сочинуваат една целина која што се применува во сето тоа што го работат наставниците исполнувајќи ги така трите димензии на учењето.

Првата димензија, односно учењето НА демократија и човекови права, подразбира учење на граѓанското образование и воспитание како задолжителен посебен предмет. Оваа димензија се однесува на когнитивната димензија на учењето, и би требало да го вклучува следново: учениците да можат да објаснат како функционира демократското општество наспроти други форми на државно уредување, потоа да ја опишат традицијата и историјата на човековите права.

Втората димензија на учење ПРЕКУ демократија и човекови права, учениците не треба да се информираат само затоа дека имаат право на учество туку и дека треба да ги користат тие права. Затоа треба да им се овозможува пракса во рамките на училишниот систем и живот така што тие ќе учествуваат и воедно ќе донесуваат одлуки секогаш кога тоа е можно и потребно. Така, пред се наставниците треба да им овозможат на ученицте тие слободно да го искажат своето мислење како за темите кои што се обработуваат на наставниот час така и за други теми кои што се однесуваат за поширокиот живот во училиштето кое што не е во директна поврзаност со темите на наставните планови и програми за реализирање на наставните часови.

Третата димензија која што се однесува на учење за демократија и човекови права првенствено се однесува на врската меѓу искуствата стекнати во училиштето и понатамошниот живот на ученикот. Образованието секако дека вклучува и живот во училиштето, подсистем кој се однесува на специфичните потреби и правила чии искуства не се директно преносливи, но од друга страна животот во училиштето е суштински дел на актуелниот реален свет. Многу искуства кои што учениците ги стекнуваат во училиштето ќе им се повторуваат во нивниот понатамошен живот како возрасни луѓе како што е на пример: половата еднаквост, интегрирање на

единката во заедницата и др. Значи, димензијата која што се однесува на учењето за демократија и човекови права конкретно се однесува на значењето на образованието на единката за неговиот понатамошен живот.

# 7. ПОЧИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТА - ФУНДАМЕНТАЛНО БАРАЊЕ ЗА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Самата демократизација на општетството а со тоа и демократизацијата на образованието пред себе поставуваат едно фундаментално барање, а тоа е почитувањето на различноста. Кога велиме почитување на различноста, сметаме дека тоа не е само почитување на различни етнички групи, почитување на различни културни групи, различни верски припадности, туку и почитување на индивидуалноста на единката, бидејќи секоја единка е структура за себе која што има свои потреби, свои барања, различни капацитети, различни можности, своја потреба за афирмација и почитување. Во смисла на почитување на различноста се смета дека треба да се нагласи и почитувањето меѓу двата пола или поинаку речено почитување и афирмирање на еднаквоста меѓу жените и мажите како партнери во формирањето и усовршувањето на  одредени принципи и начини на живеење и работа во општествениот живот.

Последните години се повеќе се зборува за промени во сферата на образованието, се работи за одредени стратегии за реформи во образованието, а сето тоа ја нагласува потребата за индивидуализација на наставата. Самиот поим индивидуализација, значи на секој ученик да му се пристапува индивидуално според неговите предзнаења, предиспозиции, капацитетот што го има ученикот, можностите, способностите, афинитетите и вољата за работа и учење. Ако се надоврземе на тоа што се нагласува во Концепцијата за деветгодишно основно образование, може да се увиди дека сите промени водат кон индивидуализација на

наставата токму заради тоа што современиот живот и современата настава бара знаењата и степенот или начинот на усвојување на знаењата да се прилагодат според потребите и барањата на секој ученик поединечно. Сето тоа неминовно ја пренагласува потребата за почитување на различноста на секој ученик или на секоја индивидуа поединечно. Но ова секако дека треба да продолжи и во понатамошното воспитание и образование вклучувајќи го тука средното образование и високото образование. Се знае дека сите ученици не се способни да усвојуваат одредени знања и умеења со исто темпо, тие немаат ниту подеднаков квантум на предзнаења. Затоа наставникот е тој кој што треба да биде дијагностичар, верификатор и насочувач на воспитно-образовниот процес. Улогата на наставникот е многу битна и релевантна и во смисла на грижата за здравјето на учениците, посебно на часот по физичко и здравствено воспитание, кој што во многу училишта во недостаток на спортски сали , овој час се занемарува и се заменува најчесто со часови по мајчин јазик или математика.

Сметаме дека различноста е интересен сегмент на демократското општество и на демократизирана настава, секој да може слободно да се пронајде и да работи онака како што тој може и сака, секој поединец може да просперира согласно своите потреби и можности.

## 7.1. ИНТЕРКУЛТУРНО И МУЛТИКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ

Знаејќи го фактот дека Република Македонија е мултиетничка, мултиконфесионална, мултикултурна и мултијазична држава тогаш повеќе од јасно е дека сето ова треба да се почитува и да се создават услови секој слободно да ги негува, почитува и развива своите вредности и национални богатства. Почитувањето на мултиетничноста и мултикултурата не значи само меѓусебна толеранција и разбирање, туку и развој и унапредување на различните култури, етнитети и воедно и реципрочно прифаќање и развивање на тие вредности. Сето ова

поуспешно и поквалитетно може да се постигне само тогаш кога граѓаните ќе се подготват и ќе се информираат од најрана возраст, значи почнувајќи од основното образование. Треба секој да се почитува, затоа што секој има потреба од развој и афирмација без разлика на неговата етничка, верска, расна и културна припадност. Сметаме дека секој вреди онолку колку што пред се сам ќе се почитува и ќе се цени а потоа колку некој друг ќе го почитува и цени. Затоа и треба секој да има развиено самодоверба и квалитети за успешно планирање и реализирање најнапред на сопствениот живот а потоа и на поширoката општествена заедница.

Од сето досега што го кажавме може да се увиди дека образованието има клучна улога во развивањето и унапредувањето на младиот човек. Државата е должна да обезбеди услови а пред се да подготви таков воспитно - образовен систем кој што ќе биде прилагоден на потребите на сите граѓани на државата без разлика на нивната етничка, културна, јазична и верска припадност.

Сите промени што се случуваат во општеството водат и кон промени на образованието како општествена категорија.

Тежнението за приклучување на нашата држава кон Европско развиените држави и Алијансата секако дека поставуваше пред нас една голема бариера, а тоа се промените и измените на нештата пред се во образованието а потоа и во сите сфери на општествено - економскиот живот. Меѓутоа, не е лесно да се измени нешто што со години наназад се развивало и се случувало во една насока, а сега треба да се движи и да се развива во сосема друга насока, со други методи и форми, на сосема поинаков начин.

Мултиетничкото живеење, меѓуетничката кохезија е една од фундаменталните услови кои што треба да се исполнат за успешно реализирање на нашите планови и потреби а воедно и за поразвиено образование и општество.

Познато ни е дека во светот скоро и да не постои земја која што е унинационална. Мултиетничноста е карактеристика на современото општество, па оттука и важноста и потребата и во образованието и воспитанието да се воведе и почитува таа карактеристика. Феноменот на уважување на мултиетничноста, мултикултурализмот и мултилингвизмот во образованието не е некое ново барање

ниту пак нешто непознато, туку тоа е еден феномен со кој што мошне успешно се справуваат многу земји како што се Франција, Белгија, Шпанија, Швајцарија, Америка, и др.

Демократизацијата на образованието подразбира давање на можности и права на образование на секој поединец подеднакво без разлика на неговата определеност по етничка, полова, верска, јазична, културна, физичка, интелектуална припадност - специфичност. Впрочем демократското право се однесува кон поединецот а не кон нацијата воопштено, иако поединците ја соочинуваат нацијата и државата. Во демократското општество сите нејзини припадници делуваат и индивидуално и колективно, па затоа е потребно сите тие подеднакво да се интегрираат во редовно образование и во општествениот живот.

Одамна е забележено дека мора да се прави разлика помеѓу билингвизмот и бикултурализмот. Така во рамките на една култура може да има повеќе од еден јазик, како и во еден јазик можат да се развиваат повеќе култури. Сметам дека културниот идентитет е многу посложен и покомплексен од јазикот. Едно лице може, во текот на својот живот да учи два или повеќе јазици и да не го изгуби својот културен идентитет, исто како што може совршено да го совлада својот мајчин јазик, но тоа не мора да значи дека тој автоматски припаѓа и има културен идентитет кој произлегува од неговиот мајчин јазик.

Борбата за човекови права и за мултикултурализмот во образованието всушност е самата борба на човекот за негова индивидуалност, за негово човеково достоинство, т.е. еднакво човеково достоинство. Еднаквото човеково достоинство всушност е универзален, комплексен и динамичен процес кој не може да биде трајно идентификуван - определен, а истиот тој во образованието претставува и образовна содржина, образовен процес и образовна цел.

Искусните наставници знаат дека учениците се разликуваат по стилот на учење, по емоционалните и социјалните карактеристики, по интелектуалниот потенцијал, физичкиот изглед, и др. и дека токму сите овие разлики се поголеми индивидуални разлики од било која друга поголема групна разлика која произлегува од полот, националноста, религијата и др.

Пренагласувајќи ја нечијата етничка, јазична и верска припадност често се заборава на индивидуалните други карактеристики на поединецот као што се полот, социјалните карактеристики, професионалните, интелектуалните и други карактеристики. Образовната работа ограничена исклучиво само на национална и политичка рамка може да биде сериозно осакатување на сите други димензии на личноста исто така и на можностите за понатамошен развој.

Модерниот образовен систем мора да се базира на прецизни и јасни уставни одредби, така што тие јасно можат да придонесуваат за отворено демократско општество, во кое поединецот граѓанин, без оглед на неговата етничка, верска, јазична, културна и друга припадност има еднакви шанси и можности да учествува и да успее.

Покрај сето погоре кажано сметаме дека во нашето општество треба да постои интеркултурно образование а не мултиетничко образование. Ако се осврнеме на бројната литература која што ја консултиравме за ова тема доаѓаме до заклучок дека интеркултурното образование односно интеркултурно општество е тоа што треба да функционира во нашето општество. Само преку интеркулурното општество односно интеркултурното образование ќе има спокој и взаемно почитување, така ќе можеме да градиме подобра иднина за нас и нашите поколенија.

Се поставува прашањето што е разликата меѓу мултиетничко (мултикултурно) општество и интеркултурно општество?

Прашањето го поставуваме поради тоа што треба да се разјасни првично како функционира општеството односно каква општествена формација доминира за понатаму да може да се планира и организира образованието како општествена категорија. Карактеристичните разлики кои се однесуваат на мултиетничкото општество и интеркултурното општество се:

- ✓ Мултикултурно општество - во него постојат различни културни, национални, етнички, религиски етнитети кои живеат во рамките на една иста територија, но тоа не значи дека тие остваруваат меѓусебна комуникација. Етнитетот кој што е со во бројчана смисла „помал„ , може

пасивно да се толерира и почитува без да биде прифатен како активен дел од тоа општество. Во такво едно општество каде што на разликите се гледа со негација, постепено се создава генерално оправдување и простор за постоење на дискриминација.

- ✓ Интеркултурно општество - во ваквите општества постојат различни култури, национални групи кои живеат заедно во една територија, кои задржуваат отворена комуникација и интеракција меѓу себе, соработуваат меѓу себе и заемно ги признаваат своите културни вредности и начини на **живеење**. Во една ваква ситуација зборуваме за активна толернација и **одржување на праведни релации каде секој има** своє значење, секој се **почитува, не постојат стереотипи што значи никој** не е супериорен ниту пак инфериорен, не постојат во ваквите општества добри и лоши луѓе, туку сите заедно се борат и работат за подобрување на нивната земја и нивниот животен и професионален стандард.

Меѓутоа кога се зборува за интеркултурно општество таа не може сама по себе да се создаде и да опстане, туку тоа треба да постои како резултат на дијалог меѓу различни култури и етнитети, процес кој што бара време и секако отвореност и разбиранње од сите засегнати страни. Но сето тоа што погоре го наведов не може да се реализира сама по себе само со воља на народот, туку тој процес на развивање на интеркултурализмот зависи и од политичките елити односно од луѓето кои раководат со државата.

Со помош на интеркултурното образование ќе се постигне позитивно мислење и полесен и подобар приод кон разликите, што значи: откривање на врските, механизми и ресурси за откривање и работа со разликите односно различноста, тука клучна улога има и училиштето со помош на организирање на различни активности за работа и приод кон разликите како и активностите надвор од училиштето (формалното и неформалното образование).

Општеството со тек на време се менува а со тоа и образованието; интеракцијата на различните култури продолжува да биде главен фактор но и резултат на овие промени и случувања.

Треба да бидеме свесни дека треба да ја живееме нашата различност на единство (во една земја), почитувајќи се едни со други, свесни за потребите и постигањата на сите нас заеднички и не занемарувајќи ја нашата одговорност за идните генерации. Секогаш свесни за потребите и можностите на секој поединец без разлики, за да не дојде до појава на културно - одделени, значи појава на педагошки концепт на културно - одделени групи во едно општество, т.е.оддавање преголема важност на еден етнос значи етничка припадност, јазик и идентитет.

# 8. ОБРАЗОВНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - МЕРКИ И ИНДИКАТОРИ ЗА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ

За демократизација на образовниот систем во целина пред се потребно е постоечкиот образовен систем да претрпи измени односно да исполни услови за реализирање на истите. Претходниот воспитно-образовен систем се карактеризира со следново:

- Централизација на системот на управување односно донесувањето и спроведувањето на просветната политика;
- Преинституционализиран односно затворен систем, а тоа подразбира одвоеност и спротивставеност на цивилниот сектор и граѓанските иницијативи, без системски обезбедена врска помеѓу формалниот и неформалниот дел на образовниот систем, соработката на училиштето со локалната заедница е ограничена и споредна;

- Предоминација на традиционалната концепција на образованието, а тоа подразбира традиционални методи на наставата кои водат кон меморирање и пренесување на готови знаења;
- Занемарување на воспитната функција на училиштето и учењето на социјалните вештини и умеења неопходни за живот во демократско општество;
- Инсистирање на послушност и мотивирање на ученикот заснована на страв од санкции;
- Недемократска клима во училиштето, што подразбира формални односи, хиерархијски и авторитарни односи и поставувања;
- Лоши услови за работа (недостаток на училници, опрема, наставни средства, лоши услови на училиштата);
- Одсуство на повратни информации за квалитетот на образованието;
- Нефлексибилен систем, а тоа значи дека нема некој механизам на прилагодување според различните потреби и барања;
- Непостоење на систем на професионално напредување - систем на евалуација и наградување;
- Недоволно развиена свест за суштината и значајноста на демократизацијата на училиштето (директори, наставници).

## 7.1. СТРАТЕГИИ ЗА ДЕМОКАРТИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО

Кога зборуваме за стратегии на демократизацијата на образованието пред се треба да мислиме на тоа што се ни е потребно за да може успешно да се реализира и имплементира демократизацијата. Пред се потребни ни се инфромации и слободен

проток на информации, достапност на информациите за сите, демократско донесување на одлуки, учество на сите заинтересирани страни, градење на капацитети на сите нивоа, јасно дефинирање на улогата и правилата, централна и локална транспарентност и одговорност.

Секогаш се зборува за промените и потребите за промени се со цел подобрување на стандардите за живеење и работење на единката во современиот живот. Иако сите промени што се реализираат не се многу истражувани и потврдени како успешни и мошне потребни, сепак треба секогаш да се има во предвид дека секоја една промена што се изведува треба да се знае како таа треба да опстојува во понатамошниот живот откако ќе се имплементира. Значи треба да се има во предвид како ќе се внесат промените и како тие промени ќе се одржуваат понатаму. Сето тоа можеме да го реализираме со помош на иновирање и дополнување на законските акти и одредби како предуслов и резултат на промените, во нашиот случај демократизацијата; усогласување на иницијативата на локално ниво преку проекти и различни програми, со централните текови на реформата, координирање на реформските чекори во областа на наставните планови и програми, обука и стручно усовршување на насатвниот кадар, контрола на квалитетот и евалуација, да се најде место на промената кое што треба да се реализира демократизацијата, и на крајот но не и неважното е пилотирање на промените и програмите пред поширока примена.

Ако се има предвид периодот од осмостојувањето на Република Македонија па се до денес, направени се бројни стратегии за развој и унапредување на образованието се со цел зближување на нашата држава со другите европски равниени држави и тоа првенствено преку образовниот систем.

Бидејќи образованието и воспитанието како општествени феномени се директни фактори за развој на единката но не само на индивидуален ниво туку и пошироко како фактор за развој на општеството во целина, тие секогаш имале и ќе продолжат и понатаму да имаат значајна улога и влијание во животот на единката но и на општеството пошироко.

Потребата за образование на единката е тој поттик што луѓето ги охрабрува и води за нивен развој и усовршување. Основно право на секој човек е образованието, а тоа значи дека секоја единка има право на образование, право кое што му е загарантирано со устав (погоре цитирано дел од уставот на РМ). Бидејќи основно човеково право е образованието секако дека пред се треба да се обрне внимание основното, фундаменталното стекнуванње на знаења, умеења и навики, а тоа е основното образование и воспитание. Основното образование е фундаментот на градење на развиена, сестрана и оформена личност. Се вели фундаментот односно базата на знаења и умеења бидејќи зависно од тоа каков фундамент ќе креираме, така понатаму ќе можеме да влијаеме на развојот и усовршувањето на личноста. Ако имаме јак и добро поставен фундамент, многу полесно ќе биде понатамошната градба и надградба во смисла на развитокот на единката како за неговите лични потреби така и развитокот и унапредувањето и на општеството во целина. Но да не го заборавиме и изоставиме и предучилишното образование, кое што со сите реформи и измени кои што се направени кај нас тоа постепено се губи и се инкорпорира во основното образование како задолжително.

Стратешка определба на Република Македонија и една од клучните цели на реформата на образованието секако дека е и демократизацијата на образованието. Таа пред себе поставува некои барања или поинаку речено услови кои што треба да ги задоволува и исполни, тоа се следниве:

- Децентрализација на постоечкиот образовен систем.
- Измени во законските регулативи.
- Стабилноста на политичките промени во општеството и темпото на економскиот развој.
- Поставување на вредносни рамки за реформата во сите сегменти и нивоа на образовниот систем.
- Трансформација на структурата, организацијата и начинот на функционирање на образовните институции.

За успешно и ефикасно имплементирање и реализирање на демократизацијата на образованието потребно е слободен проток на информациите и потполна достапност на истите; донесување на одлуките на демократски начин; учество на сите заинтересирани страни; изградба на капацитети на сите нивоа; дефинирање на улогата и правилата; и друго.

Понатаму, секако дека треба да се одговори и да се разјасни едно мошне актуелно и битно прашање кога се мисли на сите промени во било која сфера да се извршени, а тука се мисли на образаовната сфера, а тоа е како да се внесат и изведат промените и како тие да се одржуваат во одредената сфера во која што се изведени. Сметаме дека прв и основен услов за успешно реализирање на реформата е прилагодување на идеите или иницијативите за реформа во државата во која што се изведува конкретната реформа, а во случајот демократизација; иновирање и дополнување на законските акти; имплементација на истражувачки стратегии како што се планирање - обсервација - евалуација /рефлексија; координирање на реформските чекори во областа на курикулумот (наставните планови и програми); обуката и стручното усовршување на наставниците; контрола и евалуација на квалитетот.

На ниво на системот на образование и воспитание битна е и политиката односно законодавството на државата и законите кои се носат во функција на промените, во планирањето и усвојувањето на образовните политики и закони односно во реформирањето на образованието потребно е да се вклучуваат сите заинтересирани групи преку консултативни процеси и јавни расправи.

Подигањето на квалитетот на образованието исто така е еден многу значаен сегмент кој што води кон поголема општа развиеност и оспособеност на населението но и развој и на целото општество во поширока смисла.

На ниво на курикуларните реформи, наставните планови и програми значајна е диференцијацијата на задолжителните, изборните и факултативните предмети, со тоа што постепено се зголемува застапеноста на последните две категории согласно возраста на ученикот.

Воведувањето на образованието за демократија или граѓанското образование во формалниот образовен систем или во курикулумот на образовниот систем е значајна форма на подготвување и оспособување на младите лица за живот и работа во демократско општество.

Стручното оспособување и усовршување на наставниците опфаќа обуки во која што тие ќе се подготват за интерактивна, кооперативна стратегија за учење и подучување, демократски методи во воспитанието, развивање на партнерски односи со учениците и родителите и секако тимска работа во образовните институции.

Соработката и партиципацијата на родителите, наставниците и учениците во работата на училиштето има битна и значајна улога во организацијата на училишниот живот.

## 7.2. СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ И ЗАКОНСКИ НОРМАТИВИ ЗА ПРОМЕНИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО

Стратешка определба за развојот на Република Македонија е подигање на образовното ниво на населението, особено на децата и младите.Во наши услови на живеење, човечкиот ресурс е најзначаен фактор со кој можеме да се вклучиме во процесот на глобалниот развој. Во нашите училишта треба да се едуцираат индивидуи способни да се справат со предизвиците на времето во кое што ќе живеат и работат, идивидуи кои што ќе мислат а не само да меморираат.

Кога зборуваме за промени во сферата на образованието во Република Македонија треба да напоменеме како тие промени се реализирани односно извршени во етапи, започнувајќи од осамостојувањето на нашата држава па се до денес.

Првата група промени се иницирани, пред се, со донесувањето на Законот за основно и Законот за средно образование (септември 1995 год.), голем број

подзаконски акти, како и наставни планови и програми (за основно образование). Под сигнатура на оваа група на промени се:

- Уредувањето на сферата на образованието како подрачје од јавен интерес, со однапред дефинирани услови за обавување на воспитно-образовната дејност;
- можноста, покрај јавните образовни институции, да се формираат и приватни училишта по добиена концесија од државата за реализирање на јавен интерес во оваа сфера (во рамките на средното образование);
- редефинирањето на целта на образованието;
- промените во основањето, организацијата и управувањето на институциите во сферата на образованието;
- раководењето;
- односите со родителите и опкружувањето;
- финансирањето;
- иновациите во содржината на образованието, и др. (Општествената транзиција и образованието, 1998)

Според овој закон (септември 1995), основното образование трае осум години и е задолжително за сите деца од седум до петнаесет години. Исто така во основното образование е забрането политичко и верско организирање и дејствување. Во основното училиште не се дозволува организирање на верско образование. Основното училиште како јавна установа го основа Владата на Република Македонија по прибавено мислење од локалната самоуправа.

Втората група промени во основа се изведува на микро рамниште на организацијата на образовниот систем ( во одделни образовни институции), пред се,

преку реализација на голем број проекти во одделните степени на образование, од кои, најголем дел се целосно насочени кон дидактичко иновирање на воспитно - образовниот процес, аплицирање на иновативни приоди во социјализацијата на децата и градење на здрав животен стил. Тука треба да спомнеме само дел од проектите кои се застапени во основното образование, како: „Чекор по чекор„; „Активна настава, интерактивно учење„; „Координарана настава по физика„; „Европска мрежа што го унапредува здравјето„; „Промоција на хуманите вредности„; кои се реализираа од компетентни проектни тимови, со финансиска и техничка поддршка од меѓународни агенции и организации или во билатерална соработка со одделни земји и институции (Општествената транзиција и образованието, 1998).

Значајна составка во промените на системот на образованието без сомнение се и промените во образовната технологија. Новите научни и стучни сознанија од областа на педагошката теорија, како и реално фундираните критички забелешки на педагошката практика, императивно ја наметнуваат потребата од значајни позитивни поместувања во технологијата на реализирањето на воспитно - образовниот процес. Воведувањето на нов дидактички кодекс, односно дидактичко - методички приод во технологијата на воспитно - образовниот процес, треба да резултира со современа, флексибилна, мотивирачка, динамична и креативна настава. Што значи дека фронталниот настап на наставнкиот е неопходно да се замени со интерактивна релација наставник - ученик. Такви проекти кои беа насочени кон осовременувањето на образовната технологија беа: „Активна настава-интерактивно учење„; и „ Чекор по чекор„; кои се реализираа во 77 основни училишта низ нашата држава.

Според Законот донесен септември 1995 година, припадниците на националностите ќе се именуваат како припадници на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик. Тие, со културни манифестации можат да го прославуваат традиционалниот ден на просветата на заедницата на која и припаѓаат. Учителите отсега ќе се нарекуваат наставници во одделенска настава. Педагошката документација во основните училишта ќе биде на македонски јазик со

употреба на кирилица и на јазикот и писмото на припадниците на соодветната заедница. Утврдени се и нови услови и причини за назначување и разрешување директор на училиште и неговите нови надлежности, со што би се избегнала политизацијата во образованието. Градоначалникот три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор, донесува одлука училишниот одбор да објави оглас за избор на директор. Градоначалникот ке го избира директорот на училиштето. Основните училишта ќе се финансираат и од буџетот и од локалната самоуправа.

Во нашите училишта треба да се едуцираат индивидуи способни да се справат со предизвиците на времето во кое што ќе живеат и работат, идивидуи кои што ќе мислат а не само да меморираат. Имајќи го сето тоа во предвид, Министерството за образование и наука на Република Македонија донесе значајна одлука, а тоа беше да се изготви Национална програма за развој на образованието, како стратешки документ што треба да ги утврди насоките на развој на образованието до 2015 година. Овој значаен проект на Министерството се реализира со финансиска подршка на Институтот отворено општество - Македонија. Така во 2004 година Собранието на Република Македонија (Службен весник на РМ, број 63, 2004) донесе измени и дополнувања на законот за основно образование каде што според членот 3 основното образование трае девет години. Основното образование е задолжително за сите деца по правило од шест до петнаесет години, и опфаќа:

- подготвителна година
- четири години одделенска настава, и
- четири години предметна настава (Национална програма за развој на образованието во Р.М 2005-2015).

Единствената причина поради која што е воведена првата измена на законот за основно образование, конкретно зголемувањето на задолжителното образование од 8 години на 9 години е ниската стапка на опфатеност на одредена

група на деца во предучилишно образование, а особено на децата од руралните средини.

Според законот за основно образование во Република Македонија од учебната година 2005/2006 во подготвителната година на основното училиште се запишуваат децата кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години. Така, хронолошката возраст на децата во подготвителната година се движи меѓу 5 години и 8 месеци и 6 години и 7 месеци ( Национална програма за развој на образованието во Р.М 2005-2015). Но, проблеми има и со наставниот кадар. Со Основите на програмата за воспитно - образовна работа, донесена 2005 година утврдено е со децата во подготвителната година да работат воспитувачи со високо или со више образование и со завршени студии на Институтот за педагогија. Но, од друга страна, беше воведена законска обврска воспитувачите во подготвителната година да имаат завршено студии за одделенска настава со што се создаде сериозна неусогласеност во однос на иницијалното образование на воспитувачите и наставниците што работат со децата од шест годишна возраст. Имено и одделенските наставници не се подготвени за воспитно - образовна работа со деца од шест годишна возраст.

Така, досегашното основно осумгодишно образование беше поделено на: а) одделенска настава (од 1-4 одделение); и б) предметна настава ( од 5-8 одделение). Преодот од еден вид на настава во друг вид за многу деца претставувало проблем, поради тоа што одеднаш по 4 одделение се зголемува бројот на предметите, бројот на наставниците, а истовремено растат и очекувањата од учениците.

Во новото деветгодишно основно училиште ќе има три периоди кои ќе овозможат постепено а со тоа и полесно преминување на децата односно учениците од пониските кон повисоките одделенија. Така, сега би требало да има три периоди на основното училиште, и тоа поделено според следниот редослед:

1. Првиот период од 1-3 одделение;
2. Вториот период од 4-6 одделение;

3. Третиот период од 6-9 одделение (Концепција за деветгодишно основно образование и воспитание, 2007).

Ако се гледа на образовната политика од деведесетите па се до денес, значи од осамостојувањето на Р. Македонија па долгиот период на транзиција кој што трае 20 години и кој се уште не е довршен, јасно се гледа дека и образовната политика се уште не е јасно прецизирана и дефинирана, ниту пак има некоја рамка кон која всушност ние тежнееме да ја постигнеме и која се однесува на развивање и оспособување на младите луѓе за живот и работа во глобалниот свет но и во светот во кој што ние живееме, за секојдневните потреби и барања на нашето општество.

Секако дека секоја влада има направено измени и некакви реформи за унапредување и усовршување на образованието, но ниедна од нив суштински не се осврнало на анализа и истражување на потребите на нашето општество и секојдневие. Реформите се прават претежно за тоа што нив ги бара европа или пак дека соседните земји или држави кои што произлегоа од поранешна Југославија ги примениле и се покажале како успешни. Значи се уште не донесен некој конретен патоказ за нашата држава кој што ќе ги удоволи потребите и барањата на нашата држава и на нашите граѓани.

**Што се однесува до сратешките определби, од деведесетите па наваму значајни се следниве документи:**

1. 1991 година е промовирана првата рамка кога тогашната влада на Р. Македонија ги дефинираше главните насоки за промени на системите на предучилишно и на основно образование. Оваа стратегија ја одразуваше потребата за промени во образованието, но тоа беше насочено кон „продолжување на напредокот и развојот на воспитно - образовните активности„. Што се одесува до образованието за демократското граѓанство таа дури не беше ни предвидена како цел на образовната политика. Така, во 1994 година Владата и образовните институции формираа работна група заедно со Педагошкиот завод на Р. Македонија, развија и понудија три

различни глобални проекции за напредокот на предучилишното, основното и средното образование.

2. Крајот на 1994 и почетокот на 1995 година резултираше со усвојување на втора нормативна рамка за образовната политика. Таа беше прагматична: Министерството и Педагошкиот завод... веруваат дека нема време повеќе да се чека, но ниту да се избрзува со генералната образовна стратегија.Прагматичната природа на ова политика се пронаоѓа во полето на образовни технологии и други дидактички и методски аспекти на образовната работа. Овој пристап кој што се практикува и ден денес ја дава главната рамка во која се воведени првите проекти од областа на образованието за демократско граѓанство и за почитување на различноста.
3. Третата рамка на образовната политика се наоѓа во Националната стратегија за развој на науките и уметностите, која што беше усвоена од Владата на Р. Македонија во 1997 годин и која што ги дефинира глобалните развојни трендови во Р. Македонија. Овој докумнет делумно е финансиран од Програмата за Развој на ОН, и ги прецизира следниве образовни промени:

- Демократизација на образованието преку:
  - Создавање услови за развој на секој ученик а посебно на талентираните;
  - Еднакви образовни услови без оглед на потеклото, општествениот статус или материјалниот, национална и религиозна припадност;
  - Децентрализација на активностите на воспитание и образование, зголемување на учеството на локалната власт, родителите и др.
  - Подигање на формалното образование на младите и возрасните...
  - Подобрување на ефикасноста на воспитанието и образованието на сите нивоа...

- Откривање и елиминација на условите што создаваат функционална неписменост.

Оваа стратегија не беше преобразена во оперативна рамка или политика, така што овој докумет не се ни спомнува како релевантен стратешкиот документ усвоен од Владата во февруари 2001 година како Стратегија за развој на образованието.

**4.** Четвртиот стратешки документ е Стратегијата за развој на образованието кој што стапи во сила врз основа на договорот потпишан во 1999 меѓу Владата - Министерот за образование и Светската Банка и Кралството Холандија. Откако се комплетира Нацрт стратегијата, докуметот беше отворен за широка јавна дискусија, така врз основа на него, Владата во февруари 2001 година го усвои конечниот документ. Образованието за демократско граѓанство и за почитување на различноста е експлицитна компноента на Старетегијата. (Task Force, Education and Youth Enhanced Graz Process, Working Table 1, Stability Pact for south Eastern Europe, Politikata na Republika Makedonija kon obrazovanieto za demokratsko graganstvo i za pocituvanje na razlicnosta 1991-2001, Izvestaj).

**5.** Следните стратешки документи се Националаната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 година и Концепцијата за деветгодишно основно образование и воспитание 2007 година. Во овие документи се бара продолжување на задолжителното образование и подобрување на условите односно инфраструктурата за реалзирање на воспитно - образовниот процес. Во дотичните стратешки документи се бара поврзување на предучилишното и основното образование, а сето тоа поради ниската стапка на посетеност на малите деца во предучилишните институции.

Врз основа на гореспоменатите документи за образованието, Министерството за образование и наука почна со спроведувањето на новите национални наставни планови за основното и средното образование во кои е воведено образованието за демократско граѓанство, како наставен предмет под наслов граѓанско образование.

Во продолжение ќе се обидеме да ги анализираме стратешките документи од аспект на демократизација на образованието.

## 7.2.1. Проекција за развојот, иновирањето и трансформирањето на системот на воспитанието и образованието во Република Македонија

Кога се зборува за стратешката определба на Републиика Македонија за реформирање и иновирање на воспитно - образовниот систем, тогаш секако дека ќе почнеме се елаборирање на првиот стратешки документ кој што беше усвоен во Република Македонија, а тоа е проекцијата за развојот, иновирањето и трансформирањето на системот на воспитанието и образованието во Република Македонија. Во овој доцумент се даваат определени карактеристики кои што се однесуваат на подсистемите на воситно - образовниот систем, кои треба да станат основа за иновирање и трансформирање на воспитно-образовниот систем во Р. Македонија.

- ✓ Што се однесува до подсистемот предучилишно воспитание и образование, како базично, фундаментално образование за младото поколение , тоа има нерамноправен статус и третман. Таквиот статус и третман на преучилишното образование е евидентен третирајќи го како социјална дејност а не како воспитна - образовна дејност. Проекцијата предвидува и допушта отварање на приватни предучилишни установи, детски градинки кои што на родителите ќе им даваат можност да бираат каде сакаат да ги запишат своите деца, дали тоа ќе биде во приватни или државни институции. Исто така во Проекцијата се нагласува потребата и од задолжителна подготовка на децата за поаѓање на училиште во шестата хронолошка година,а не со навршени седум години. Сето ова се предвидува во Проекцијата со цел

да има поврзување на предучилишното воспитание и образование со основното воспитание и образование.

✓ Карактеристика за основното образование е продолжување на времетраењето на основното образование од осум до девет години односно десет години, и поделба на основното образование во три периоди и тоа:

1. Од I-III одделение;
2. Од III-VI одделение; и
3. Од VI-IX односно X одделение.

Што се однесува до промените во контекст на курикуларниот концепт забележителна е структуираноста на наставните предмети, потребата од редефинирање на општите цели и задачи на воситанието и образованието потпирајќи се на слободите и правата на учениците.

✓ Што се однесува до средното образование во Проекцијата се налага односно се бара да се напушти концептот на насочено образование што значи програмската ориентација во средното образование да овозможи хоризонтална и вертикална поврзаност, како со основното образование така и со сите видови и степени на средното образование. Исто така Проекцијата предвидува и полесен пристап односно реални услови за продолжување на образованието, што значи упис во високо образование и пристап до високообразовните институции.

Глобалната проекција за подсистемот средно образование ја иницира потребата за постоење на повеќе видови на средни училишта - образование, како што се: гиманазиите, стручните школи, училиштата за занимања и уметничките училишта.

✓ Кога се зборува за високото образование во Проекцијата се наведуваат некои карактеристики или елементи кои што треба да се изменат во високото образование, и тоа:

- Заложба за автономен универзитет;
- Отворен универзитет;
- Демократско - плурален универзитет кон интересите, потребите, желбите и склоностите како на индивидуалните така и на општествените потреби;
- Да се редефинираат односите меѓу високото образование и вишите школи;
- Промени во уписната политика (можност за отворање студии со самофинансирање, трансформирање на режимот на студиите и др.).

Од анализата на овој докумет по однос на согледување на аспектите на демократизацијата на образованието кои се определуваат како посебни барања ги издвојуваме следниве: отварање на приватни градинки и зголемување на опфатот на децата во предучилишните установи; продолжување на времетраењето на основното образование од осум на девет години; постоење на повеќе видови средни стручни училишта покрај гиманзиите; поврзување на основното со средното образование и заложба за автономен универзитет во кој ќе се редефинираат односите во функција на демократизација опфаќајќи ја и уписната политика.

### 7.2.2. Модели, програми и стратешки документи за реформирање на воспитно-образовниот систем во Р. Македонија во период од 1994-1998

Треба да се има во предвид фактот дека воспитанието и образованието се фундаментален фактор за развој на единката и на општеството во целина, дека живееме во време на нагли промени и потреба за демократизација на општествените односи, па оттука и потребата за поразвиен, похуманистички и подемократски воспитно - образовен систем.

Што се однеусва до измените и барањата за реформирање на воспитно - образовниот процес треба да се нагласат некои модели на воспитно - образовна работа кои се карактеристични за оваа стратегија и за овој временски период.

Така во 1994 година во неколку предучилишни установи се започна со реализација на моделот ***"чекор по чекор"***. Овој модел почна да се реализира и во одделенската настава во основните училишта од учебната 1996/1997 година. Во 1994/1995 година во одделенската настава се реализираше и проектот ***Активна настава - интерактивно учење***, кој од учебната 1997/1998 година почна да се реализира во неколку забавишни групи при основните училишта проектот Активна настава - интерактивно учење.

Освен овие два модела во текот на деведесетите се појавија и други модели на воспитно - образовна работа како што се: чекор напред, Мозаик, Тематско планирање, и др.

За успешно функционирање на еден воспитно - образовен систем се бара координираност на сите негови компоненти, што значи соодветно поставени подсистеми и нивна интеракција. Во конкретната стратегија се бара поврзаност на предучилишното со основното образование кое се манифестира во: меѓусебни посети; взаемна соработка на роаководителите и стручните соработници; соработка

меѓу воспитувачите и наставниците од одделенска настава; заеднички средби на децата и учениците и др.

Што се однесува пак до основното образование, неговата организација и структура во септември 1995 година Собранието на Република Македонија усвои Закон за основно образование (Службен весник на РМ. Бр.44, 20 септември 1995 година) во кој меѓу другото се вели:

- ✓ Основното образование трае 8 години и е задолжително за сите деца од 7-15 години;
- ✓ Основното образование се организира во основните училишта и дејноста во основното училишта е од јавен интерес;
- ✓ Во основното училиште не се дозволува верско образование;
- ✓ Основното училиште е јавна (државна) установа. Не се допушта отворање приватно училиште за основно образование; и др.

Целите и задачите на основното образование во конкретниот документ, се остваруваат според наставните планови и програми. Така целта на образованието и воспитанието во Република Македонија е да им овозможи на учениците индивидуален развој во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни карактеристики, да усвојуваат знаења и умеења за природата, општеството и човекот и да се оспособуваат за нивна примена во животот и натамошно образование, да ги почитуваат граѓанските права и обврски.

Задачите на основното воспитание и образование се дадени на следниов начин: да ги воспитува учениците за почитување на основните слободи, правата на човекот за живеење во демократска заедница; да негува правилен физички развој кај учениците; да го поттикнува сознајниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците; да ја развива самостојноста кај учениците, креативноста; да им овозможува да стекнуваат основни знаења и умеења во областа на јазикот, математиката, природните и општествените науки, информатичките технологии, уметноста, техничките средства, и др.; да ги оспособува учениците за усно и писмено изразување на мајчин јазик; учење историја; изучување на странски јазици; изградба

на навики за здрав начин на живеење; услови за забрзан развој на талентирани ученици како и на учениците со пречки во психофизичкиот развој.

Како продолжување на започнатите активности за деидеологизација и за намалување на оптовареноста на учениците, во месец Мај 1995 година извршени се измени на Општата програмска структура, со донесување нов докумет насловен како План и програм за воспитно - образовната дејност на основнотот училиште. Потоа во јуни 1996 година беше донесен документ за програмските основи насловен како Основно образование - содржини и организација на воспитно - образовната дејност, кој започна да се применува во учебната 1996/1997 година.

Така, структурата на воспитно - образовната дејност во основното училиште според Програмските основи ја сочинуваат: настава по задолжителни предмети, изборни и факултативни предмети, дополнителна и додатна настава, воннаставни ученички активности, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната средина, следење, оценување и унапредување на вопситната и образовната работа, планирање на воспитно - образовната работа на основното училиште и педагошко усовршување на наставниот кадар. (Основно образование, 1996, Содржини и организација на воспитно - образовната дејност, МОФК И ПЗМ, Скопје, стр.17).

Што се однесува на измените и развојот на образованието во Македонија , со иницијатива на UNICEF во Македонија и Министерството за образование и физичка култура со решение бр. 10-3376/1 од 19.10.1998 година се изработи Стратегија за развој на предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија.

Основна задача на предучилишното воспитание и образование е подготовка на децата за успешен старт во основното училиште. Затоа во стратегијата се предлага:

- ✓ воведување на подготвително одделение, како задолжителна, односно годината пред поаѓање на училиште да биде задолжителна за целата популација на деца што следната година треба да тргнат на училиште.

- ✓ Изработка на интегриран курикулум за предучилишните установи и во првите две години во одделенската настава. Значи тој модел ќе биде наменет за децата од 5 до 8 годишна возраст, во кој што модел играта ќе се користи како доминантен воспитно-образовен метод.
- ✓ Почитување на детските права и детската личност;
- ✓ Адаптирање на просторот и опремата на возрасните и развојните специфики на децата;
- ✓ Водење сметка за детската иницијатива, љубопитност, користење на детската креативност, самостојно размислување и др.;
- ✓ Воспоставување на флескибилни форми на соработка со родителите и нивно вклучување во воспитно - образовната работа со децата;
- ✓ Измени во иницијалната подготовка на идните воспитувачи и наставници и институционализација на нивното професионално усовршување.

Сето тоа што погоре е кажано е интенција за подобрување на состојбата во воспитно-образовниот процес, како и унапредување и развој на тој систем, а со помош на тоа да се создаде ефективно училиште, со јасна дефинирана и артикулирана програма како и со јасна визија за својот понатамошен развој, училиште кое ќе овозможи рационално и максимално користење на сите расположиви ресурси.

Ако се компарира конкретниот стратешки документ со претходниот, има унапредување на аспектите и барањата на демократизација на воспитанието и образованието. Во овој документ подготвителната година се воведува како задолжителна, се бара да се почитуваат детските права и детската личност, барање кое што е основна карактеристика за демократизација на образованието односно демократскиот живот во училиштето. Исто така се бара да се почитува детската

иницијатива, креативност, самостојното размислување, адаптирање на просториите во училиштето спрема возраста и спецификациите на децата. Во деведесетите се реализирале значајни проекти кои се карактеристични за развојот на демократскиот живот во училиштето и демократските односи, кои се карактеристични и евидентни во документот кој се анализира.

### 7.2.3. Стратегија за развој на образованието 2001-2010 година

Дваесеттиот век беше карактеристичнен со две големи револуции, и тоа: светскиот процес на социјалистичките револуции кој доживеа неславен крај и научно-технолошката револуција која од корен ги промени начинот на производството и општествените односи на планетарно ниво. Исто така битно е да се напомене и пазарната економија која се покажа како стимулација за развојот на новите технологи.

Постсоцијалистичкиот период бараше неминовно и нов начин на воспитно-образовна дејност, однсоно реформиран воспитно-образовен процес или систем. Се појавува потребата од висок квалитет на образованието се со цел обезбедување повисок стандард и забрзан развој на човековите ресурси.

Периодот од деведесетите години до 2000 година се карактеризираше со измени и активности кои резултираа со донесување на различни стратегии со цел унепредување на образованиетово Р. Македонија.

Процесот на измени и унапредување на воспитанието и образованието не завршува со реформите карактеристични за 90-те години. За првата декада од новиот милениум беше донесен нов стратешки документ.

Министерството за образование и наука на Република Македонија на Владата и предлага документ односно стратегија за развој на образованието во Република Македонија за периодот 2001-2010 година. Значи, во ноември 1999 година, врз основа на одлука на Владата на Република Македонија од 14.11.1999 година, министерот за образование на 24.12.1999 година потпиша договор за

соработка за изработка на документ стратегија на образованието, со претставник на Светската банка и амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија.

Во овој документ е наведена неповолната инфраструктура во нашите училишта, која што го усложнува саканиот резултат или раст на развојот и квалитетот на образованието. Основното образование во Република Македонија е задолжително за сите деца без исклучок и без разлика. Што се однесува до средното образование опфатеноста на учениците во неа е незадоволувачка, што значи дека постои недоволна вклученост на одредени групи во средното образование. Но исто така барањето за зголмен број на опфатеност на ученици во средното образование ќе треба да биде покриен или бара и нови капацитети на средните училишта, значи изградба на нови згради за средни училишта. Исто така треба да се напомене и тоа дека во 2000-та година е звршена првата фаза на реформата на средното стручно образование на рамките на VET FARE програмата со која се опфатени еден дел од струките. Исто така потребно е да се овозможи средните стручни училишта да даваат услуги за образование на возрасни.

Во стратегијата се забележува и на нестандардизираниот премин на учениците од средното кон високото образование, што значи дека не постои усогласеност на добиените оценки во средното училиште и покажаниот резултат на универзитетите односно факултетите.

Наставната опрема во основните и средните училишта е недоволна, застарена и не е унифицирана. Значи има застарен фонд на наставна опрема, наставата станува се повеќе вербална, додека изостанува во поголем број на училишта експериментот, демонстарциите и практичните работи. Се бара компјутеризација на сите основни и средни училишта, како и поврзаност на тие компјутери во мрежа преку Министерството за образование и наука.

Од 2000-та година и наредните години активно се спроведува проектот за воведување на граѓанско образование преку група предмети од општествените дисциплини. Но за да се постигне со успех се нагласува потребата и од корекции на наставните содржини и растеретување или исфрлање на идеолошки содржини кои беа карактеристрични во социјалистичкиот период.

Перманентното образование на наставниците е грижа на Бирото за развој на образованието која што е во состав на Министерството за образование и наука. Во таа насока се нагласува дека недостасуваат стручни институции за перманентно образование на наставниците.

Во рамките на Бирото за развој на образованието во 1999 година беше воспоставено одделението за оценување. Исто така треба да се формира и одделение за професионална ориентација.

Системот на образование е комплексен и со внатрешни сили кои водат до негов развој. Овој документ ги дава само приоритетните цели зад кои стоеше Владата и за кои бара соодветна поддршка од јавноста и од меѓународниот фактор. Приоритетните цели произлегуваат од потребата за обновување на образовната инфраструктура, цивилизациско доближување до Европската унија, стекнување на практични знаења и претприемачки дух и подигнување на просечното образовно ниво на населението.

Карактеристично за овој документ е тоа што прв пат се бара преку стратешки документ да се воведе граѓанското образование во наставните планови и програми, како сегмент за унапредување и оформување на демократски личности и демократско однесување и учење на младите личности. Друг аспект на демократизација во конкретниот документ е барањето за образование на возрасни, постоењето на стандардизиран премин на учениците од основно кон средно образование и од средно кон високо образование. Во документот уште се нагласуваат и неповолните услови кои се во училиштата, застарената опрема, форми и начини на изведување на наставата, кои секако дека треба да се реформираат и унапредуваат, барањето за компјутеризација на наставата и перманентното образование на наставниот кадар.

## 7.2.4. НАЦИОНАЛАНАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2005-2015 ГОДИНА КАКО ДЕТЕРМИНАНТА ЗА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Ако се има во предвид дека последните години се значајни по измените и случувањата во техничко - теxннолошкиот развој како во светот така и кај нас, тогаш воспитно - образовниот систем треба да биде усогласен на потребите и барањата на новото време. Ваквото прилагодување на нашето образование се реализира со тешкотии, а тоа значи се подготвуваат кадри кои не можат да одговараат на потребите на пазарот на трудот.

Во анализата на овој документ ќе појдеме од предучилишното воспитание и образование како значаен подсистем од целокупниот воспитно - образовен систем. Потсистемот за предучилишно воспитание и образование претставува дел од глобалниот воспитно - образовен систем во Република Македонија чија основна дејност е воспитание и образование на децата од 8 месеци до поаѓање во училиште. Со разните програми за деца од предучилишна возраст на секое дете треба да му се овозможат поволни услови за целокупен развој на неговите потенцијали. Во овој документ за наредниот период се предлага максимален опфат на децата од 3 до 6-годишна возраст со цел да им се овозможат услови за подеднаков старт во основното училиште и функционално поврзување со следниот подсистем - основното образование.

Во рамките на предучилишното воспитание и образование за наредниот период, покрај целодневниот престој на децата во градинката, на локално ниво би било добро да се промовираат кратки форми на опфат, во зависност од постојните потреби, можности и интереси во локалната средина. Овие форми на опфат би можеле да бидат *институционални, вонинституционални и алтернативни форми* на опфат на предучилишните деца. Ваквата поставеност на системот на

предучилишното воспитание и образование во помалите средини, во старт дава можност за зголемување на опфатот на предучилишните деца со некоја кратка форма на предучилишно воспитание и образование. Исто така, кратките форми на опфат нужно ќе ги промовираат мешаните возрасни групи како современа тенденција во методиката на предучилишното воспитание и образование.

Во однос на законските измени и дополнувања од сферата на предучилишното воспитание потребно е да се обезбеди квалитетна и транспарентна демократизација, децентрализација и либерализација на предучилишното воспитание како интегрален дел на образовниот систем.

Децентрализацијата во предучилишното воспитание и образование генерално ќе значи постепено пренесување на надлежностите и ингеренциите од централно на локално ниво.

Финансирањето на предучилишното воспитание и образование е во ингеренции на Министерството за труд и социјална политика и е регулирано со Законот за заштита на децата.

Во сферата на предучилишното воспитание извршени се значајни иновации во програмската поставеност на предучилишното воспитание и образование. Како најзначајни се одвојуваат: „Чекор по чекор" методички проект кој започна 1994 година и кој се реализира во сите предучилишни установи во вкупно 650 воспитно-образовни групи, „Инклузија на децата со посебни потреби" кој започна во 1998 година, и „Граѓанско образование", (Crighton J. (1996), Republic of Macedonia-Education Rehabilitation project identification, World Bank); Министерство за образование и физичка култура (1998) итн. Ефектите од проектите се вградени во новите програмски документи изготвени од Министерството за образование и наука, т.е. Бирото за развој на образованието.

Почитувањето на другиот е основа на демократските односи во воспитно-образовниот процес. Почитувањето на личноста на детето подразбира самопочитување на воспитувачот и почитување на другите луѓе и разбирање и почитување на развојниот факт дека детето станува личност врз основа на тоа што

другите (родителите, воспитувачите) го сметаат за таков и постапуваат согласно со тоа.

Генералниот правец на развој на општеството во Република Македонија е во насока на изградба на здраво граѓанско општество кое се заснова и функционира на принципите на демократијата. Промовирањето на граѓанското општество, но и неговото практицирање отпочнува уште во предучилишниот систем на воспитание и образование со што во голема мера се следат европските и светските трендови во овој поглед. Предучилишниот систем носејќи се со делот од својата одговорност во поглед на изградба на демократијата и граѓанското општество.

Во делот на активностите кои го промовираат активното граѓанство и придонесуваат за изградба на граѓанската свест е и реализацијата на проектот насловен како: „Граѓанско образование - пат кон граѓанско општество" кој од учебната 2000/2001 година почна да се реализира во рамките на предучилишното воспитание и образование. Со него се опфатени големите и забавишните групи при детските градинки и воспитните групи со полудневен престој во основните училишта. Преку реализацијата на четирите концепти, всушност, се реализираат цели кои се однесуваат на поставувањето на основите на граѓанската свест кај малите деца.

Една од стратешките определби врзани за развојот на Република Македонија е подигањето на образовното ниво на населението, особено на децата и младите.

Основното образование во овој процес е клучно, пред се заради тоа што се работи за првиот значаен социјален контекст (вон семејството) каде се стекнува односот кон знаењето, одговорноста и работните навики, и се социјализира во духот на општествените вредности. Ниеден повисок образовен степен не може во целост да ги надомести пропустите и грешките направени во рамките на основното образование. Основното образование е отворено и овозможува пристап за сите деца без оглед на јазикот, полот, религијата или физичката и менталната попреченост.

Задолжителниот карактер на основното образование ја наложува потребата од востановени механизми за континуирано градење стандарди и имплементирање

на методологија на аналитичко-развојно следење на клучните индикатори на успешност и квалитет на основното образование. Основното образование е единствено и бесплатно, остварува идентични цели и задачи насочени кон пренесување на општествено прифатените вредности. Задолжителноста и единственоста на основното образование се основа на еднаквоста на секој поединец во општествената заедница.

Секоја промена на задолжителното образование мора да има предвид два аспекти на појавата: 1) трендовите во земјите во светот, пред се европските; 2) специфичноста на земјата (економската моќ на државата, училишната мрежа, капацитетот, кадрите и сл.).

Така, со измени во Законот за основно образование (Службен весник на РМ, број 63, 2004) е предвидено воведување на подготвителна година како дел од задолжителното деветгодишно образование. Со тоа, досегашното задолжително образование од 8 години се зголемува на 9 години.

Министерството за образование и наука настојува да ги следи препораките за креирање на *училиште по мерка на детето*. Правото на образование е највисокото право кое Министерството и државата имаат обврска во целост да го почитуваат и обезбедат.

Современите барања го нагласуваат процесот на учење, заради што се неопходни сериозни промени на атмосферата во одделението во кое ученичката интеракција треба да има водечка улога, преку: поттикнување на самостојно и критичко учење, индивидуална и партнерска работа, учење по пат на решавање проблеми, бура на идеи и групни дискусии, проектно учење, самостојно истражување, вештини за користење на повеќе извори на знаења, студија на случај, изработка на есеј/предметен продукт/операција, организирање на сесии за поставување на цели, визуелна презентација, и др.

Република Македонија настојува да создаде рационална мрежа на училиштата за средно и за постсредно образование усогласена со потребите на стопанството, пазарот на трудот и политиката на вработувањето која брзо и ефикасно ќе се прилагодува на локалните и на глобалните промени.

Најголемиот број земји имаат 9-годишно задолжително образование, но постои тенденција кон поместување на границата нагоре. Во земјите во транзиција се уште е доминантна структурата 8+4. Вишото средно образование трае од 3 до 5 години.

Образование за сите е мотото за остварување на поголема демократија и поквалитетни законски решенија во легислативата на сите степени и видови на образование. Како и другите земји во транзиција, така и Република Македонија има потреба од развој на демократијата и зајакнување на правната држава.

Образовниот потсистем за средно и за постсредно образование во Република Македонија до 1. 06. 2005 година беше централизиран. Со Програмата за развој на средното и на постсредното образование се планира да се преземат мерки со кои ќе се помогне во периодот на адаптација (до крајот на 2007 година) на децентрализацијата на овој образовен потсистем. Децентрализацијата претпоставува поголеми демократски односи.

При конципирањето на образовната стратегија во средното и во постсредното образование, стратешка цел треба да биде планираниот и контролиран процес на учење и прифаќање на хуманите и општествените вредности. Различните облици на граѓанско образование се еден од најбитните механизми за стекнување вештини од страна на граѓанинот за активна партиципација во образовните установи и унапредување на критичката свест во однос на нештата од секојдневието. Поаѓајќи од ова, една од целите на средното и на постсредното образование е градење на граѓанска одговорност, како општ принцип во процесот на образованието.

Децентрализацијата на подрачјето на средното и на постсредното образование и вклучувањето на социјалните партнери треба да создава поволни услови стручното образование и образованието стекнато во стручните гимназии да се насочи кон потребите на трудот кои се со интернационален карактер.

Доживотното учење ја нагласува потребата од достапност на сите степени на образование, на сите членови на општеството под еднакви услови, без разлика на полот, возраста, етничката припадност, социоекономската состојба и другите

социјални фактори. На тој начин се гради општество со еднакви услови за сите, што е важно не само за неговиот демократски развој, туку е услов за оптимално користење на човечките ресурси во правец на општествениот и личниот развој.
Принципот на еднаквост во образованието не се подразбира само како еднаквост на можностите, туку и како осигурување на условите потребни секој да го оствари својот образовен максимум. Како што се повеќе образованието станува неопходно за поединецот, така и државата станува обврзна да ги обезбеди условите секој поединец да го реализира својот образовен потенцијал.

Потребата од стратешки приод во трансформацијата на високото образование не произлегува само од промените што се случуваат на национално ниво, туку таа е импликација и од влијанието на т.н. надворешни, т.е. глобални, сеопшти фактори на влијание што го детерминираат високото образование и во другите земји во светот.

На 19 септември 2003 година, Република Македонија стана рамноправен член на европското семејство на земји кои се обврзуваат да ги следат и реализираат препораките од Болоњскиот процес и заедничката определба за креирање на единствен европски простор на високо образование.

Воведувањето на државната матура во средното образование, која ќе ги замени приемните испити на универзитетите (Законот беше усвоен од Собранието во 2003 година и во течеше како пилот-фаза до негова имплементација; целосниот опфат на генерациите започнал од 2007 година), ќе ги фокусира средните училишта кон исполнување на испитните стандарди за успех. Од искуствата од други земји кои го воведоа овој систем, реално е да се очекува да се зголеми бројот на средношколци од недоволно застапените социјални групи кои ќе се квалификуваат за влез на универзитет.

Најзначајни реформи на студиските програми и воведување на двоциклични студии со кои го трансформираа традиционалниот 5+2+3 модел во 4+1+3, или 4+1,5+3 модел за академски студии и во модел 3+2+3 за професионални студии, извршија факултетите на техничките и тенолошките насоки (2004 год.). Некои од нив воведоа и студии со траење пократко од три години, како студии со „краток

циклус" во рамките на првиот циклус на студии. Во тек се преструктуирања во другите области.

Значи што се однесува до Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 како стратешки документ кој што се залага за реформирање и унапредување на воспитно - образовниот систем во нашата држава тој најопширно се занимава со сите подсистеми на целокупниот воспитно-образовен систем. Се залага за продолжување на задолжителното образование од осум на девет години а воедно со тоа и поврзаност на предучилишното образование со основното образование. Креирање на демократски вредности и односи во образовните институции и тоа започнувајќи од предучилишните установи, основното училиште средното училиште па и високото образование.

Што се однесува до демократските аспекти кои се забележуваат во Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, тие се знчително побројни и поевидентни во овој стратешки документ за разлика од другите документи. Така, во конкретниот стратешки документ демократските аспекти се забележуваат во барањата за децентрализација на образованието; почитување на другиот, почитување на личноста на детето; доживотното учење; граѓанско образование - како механизам за стекнување вештини на граѓанинот за активна партиципација и граѓанска одговорност; прифаќање и учење на хуманите и општествените вредности; критичко и самостојно учење, учење по пат на решавање проблеми, вештини за користење на повеќе извори на знаења, ученичка интеракција; инклузија на децата со посебни потреби. Значи за разлика од другите документи Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 нуди поголема демократизација на воспитанието и образованието, а со тоа и на училиштето односно демократизација на односите во училиштето.

## 7.2.5. КОНЦЕПЦИЈА ЗА ДЕВЕТЕГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

Кога се задржуваме на Концепцијата за деветгодишно основно образование и воспитание треба да напомeнеме дека во овој докумет се врши анализа на основното образование кај нас во споредба со другите развиени земји. Дадени се објаснувања како е дефинирана организацијата и управувањето со основното образование како и структуирањето и функционирањето на овој подсистем. Ние ќе се обидеме сето тоа да го анализираме од аспект на демократизацијата на воспитанието и образованието.

Основното образование се уредува со Законот за основно образование. Во Уставот на Република Македонија во член 44 одредено е дека основното образование е задолжително и бесплатно. Општините основаат основни училишта по претходно прибавено мислење од Владата на Република Македонија. Воспитно-образовната дејност на основното училиште се изведува според наставен план и наставни програми што ги донесува министерот за образование и наука.

Во повеќето европски и други развиени држави во задолжителното образование децата се вклучуваат на возраст од пет или шест години. Во РепубликаМакедонија од учебната 2005/06 година, во основното училиште во подготвителната година се запишуваат сите деца кои до крајот на календарската година ќе наполнат шест години. Всушност, основното образование заедно со подготвителната година трае 9 години.

Во Република Македонија наставата во основните училишта се организира во смени, така што една или две недели учениците одат во училиште претпладне, а наредните недели попладне.

Задолжителната програма во нашето основно училиште опфаќа настава по задолжителните предмети и од изборните предмети за кои ќе се определат учениците во V или VII одделение. Ученикот избира најмалку еден предмет, а може

да се определи и за два изборни предмети. Еден наставен час е наменет за одделенската заедница. Меѓутоа, тука спаѓаат и слободните ученички активности и дополнителната и додатната настава.

Со концептите за наставата и учењето се нагласува дека ученикот е самостојна личност и дека оптоварувањето треба да биде во сообразност со неговите интереси и специфичностите во одделни развојни периоди.

Тргнувајќи од законската регулатива за основното образование во нашата држава се применува заеднички наставен план со програми за задолжителните, изборните и факултативните предмети.

Основното воспитание и образование е задолжително и достапно за сите деца без оглед на нивниот род, социјалното и културното потекло, вероисповедта, националната припадност и различните физички и психички способности. Основното училиште треба да им гарантира на учениците еднакви можности за натамошно образование во средното училиште.

Училиштето ќе ги превземе сите потребни мерки да обезбеди заштита на детето (ученикот) од сите форми на дискриминација во текот на неговиот престој во училиштето и одвивањето на сите активности во воспитно-образовниот процес. На сите ученици во основното воспитание и образование треба да им се гарантира редовно континуирано школување во основното училиште и да им се овозможи да стекнуваат знаења, искуства и вештини во сознајното, емоционалното, социјалното и психомоторното подрачје. Училиштето ќе овозможи активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности во училиштето кои се однесуваат на него.

Еден од важните услови за подобрување на квалитетот на образованието е кај учениците да се поттикнува љубопитноста и мотивацијата за учење, а посебно кај поспособните и надарените ученици. Општообразовниот карактер на основното училиште не треба да се менува во ниту еден негов дел со содржини и активности за подготвување за одредено занимање. Со постојното мотивирање и оспособување на учениците за користењето на ефикасни методи и техники на самостојно учење, ќе се овозможува тие да станат приврзаници на идејата за доживотно учење.

Во основното воспитание и образование со содржините, методите и активностите, како и со одговорниот живот и работа на учениците и наставниците треба да се развива толеранцијата, почитувањето на разликите меѓу луѓето и на нивните права и одговорности.

Основното образование и воспитание за учениците со посебни образовни потреби се организира на најпогоден начин со цел да овозможи нивно подобро напредување во наставата и учењето во согласност со индивидуалните можности.

Училиштето ќе ги преземе сите потребни мерки кои се неопходни за да се овозможи физичка безбедност, како и зачувување и унапредување на здравјето на учениците. Училиштето не смее да биде под влијание на верски, политички или други погледи кои отстапуваат од принципите и целите на основното воспитание и образование, меѓутоа во него има место за сите ученици без оглед на нивните лични, верски и други мислења и убедувања. Ученикот има право на изразување и слобода да бара, да прима и да дава информации и идеи од сите видови било усно или писмено. Училиштето треба да остварува програми што се однесуваат на културата, традициите, уметноста, екологијата и заштитата на природата и околината.

Во согласност со програмата за работа на основното училиште, на учениците и на нивните родители треба да им бидат добро објаснети целите на образованието, барањата на училиштето, како и правата и должностите на учениците, на наставниците и на родителите.

Основното воспитание и образование има цел да овозможува: хармоничен развој на учениците; оспособување на учениците да усвојуваат систем на знаења и вештини за независно, ефикасно и креативно делување; развивање граѓанска свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на нивниот национален и културен идентитет во духот на почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна, родова и верска припадност и физичките или менталните способности; развивање на свест и грижа кај учениците за сопственото здравје и за значењето на здравата околина.

Подготвителната година во основното образование се вградува во наставниот план за основното училиште и се развива нова структура која има три воспитно-образовни периоди. Во подготвителната година на основното училиште воспитувачите водат досие за ученикот во кое се сублимираат најзначајните показатели за развојот на ученикот. Во досието има систематизирани релевантни показатели за напредувањето на детето и нив може да ги користи наставникот во одделението, кој што продолжува да го следи развојот и напредувањето на ученикот и за тоа ги известува родителите. На крајот на наставата во I одделение ученикот се оценува со описни оценки. Понатаму секој период претставува релативно заокружена целина во однос на развојните карактеристики на учениците и законитостите во учењето, како и според начинот на проверување и оценување на знаењата на учениците, облиците на индивидуализирана и групна настава, нивоата на знаење и вештини и напредувањето на учениците. Овие промени прегледно се разработени со наставниот план и наставните програми за трите развојни периоди на учениците од I до III; од IV до VI и од VII до IX одделение со што се ублажува преодот од одделенска кон предметна настава.

Во трите развојни периоди треба да се измени улогата на наставникот бидејќи треба да биде медијатор помеѓу ученикот и она што тој треба да го научи и да го применува во животот. Неговата улога е да демонстрира, поддржува, охрабрува, да советува и објаснува во оние случаи кога од него учениците ќе побараат помош. Улогата на наставникот се менува и во однос на оценувањето затоа што во наставата нужно е учениците постојано да се воведуваат и оспособуваат за самооценување, како и за оценување на знаењата и активностите на учениците во групата и паралелката.

Според Концепцијата во училиштето во I одделение ќе има деца на возраст од 5 години и 8 месеци до најмногу 6 години и 8 месеци.

Првиот период на наставата од I до III одделение - карактеристично е тоа што во првите три години наставата и другите облици на воспитно-образовна работа со учениците се систематизирани и претставуваат една основна целина. Всушност, во прво одделение развојот на предоперативното ниво на мислење кај децата поминува

кон степенот на конкретни операции. Со наставните програми во новото училиште не треба да бараме од сите ученици истовремено да ги постигнат очекуваните знаења за читање, пишување и сметање до крајот на наставата во прво одделение, туку тие се планираат со оглед на индивидуалните разлики учениците да ги постигнат целосно до крајот на трето одделение.

Вториот период од IV до VI одделение - на деветгодишна возраст кога учениците се во четврто одделение во новото училиште се налага потреба да продолжи процесот на континуирано усвојување на ново искуство и знаење и развивање на нивните способности за мислење што е помалку зависно од конкретното искуство. Развојот на мислењето кај детето треба да се води кон стадиумот на кој што ќе може да ги замисли самостојно операциите, да ги антиципира резултатите, да се служи со системи за класификација.

Завршен период од VII до IX одделение - просечната возраст на учениците од 11 до 14 години, налага да се поставуваат развојни цели и да се избираат содржини и методи со кои ќе се поттикнува развојот на способностите за апстрактно - логичко мислење.

Со наставата во основното училиште се остваруваат основните воспитни и образовни цели. Наставата се планира и изведува според програм за задолжителни и изборни предмети, по одделенија, според наставниот план за основното училиште. Во основното училиште од I до VI одделение не се практикува надворешна диференцијација на учениците, меѓутоа се развиваат различни дидактички облици кои водат кон индивидуализирана и групна настава што даваат подобри резултати во учењето на секој ученик. Во завршниот период во VII до IX одделение може да се организира, исто така, делумна индивидуализирана и групна настава по нивоа на сложеност во училиштето со ученици од различни паралелки, но од исто одделение според предметот за кој што ќе се определат учениците.

Образованието и воспитанието во основното деветгодишно училиште треба да прераснува во процес на усвојување знаења и развивање вештини, ставови и вредности кај учениците. Со завршување на деветгодишното основно образование ученикот трњеба да биде подготвен да се снаоѓа и прилагоди во сите сегменти на

понатамошното образование. Ваквиот ученик треба да биде поотворен како кон општеството така и кон односите со наставниците и со дугите ученици, критичен и реален во своите идеи и согледувања.

Општо земено, учениците многу малку учествуваат во одлучувањето за работи што се во врска со училишниот живот, немаат можност да добијат релевантни информации, ниту да го кажат своето мислење за да влијаат врз одлуките кои се донесуваат во училиштето. Односот на наставниците може да се опише како заштитничко/потценувачки и не го поттикнува кај учениците развивањето на потребата од учество, ниту им обезбедува на децата алатки со кои ќе можат да се изборат за задоволување на нивните потреби и интереси. Демократските процедури не се почитуваат ниту во изборот на структурите во кои учествуваат учениците, ниту, пак, се присутни во контекст на работењето и одлучувањето во рамките на училиштето.

Значи има нагласени тенденции да се создадат подобри услови во училишта за да им се гарантира на сите ученици поквалитетно општо образование, а истовремено да им се понуди можност за избор на одредени предмети во сообразност со нивните интереси и очекувања.

Конвенцијата за правата на детето не е широко дистрибуирана до децата, а наставниците имаат мали познавања на вредностите кои се промовираат со неа и имаат отпор кон имплементацијата на Конвенцијата во практиката.

Во училиштата се одвива наставата по историја која според одредени показатели е етноцентрична, односно ориентирана е на етникумот на чиј јазик се одвива наставата, а содржините за другите што постојат во учебниците се игнорираат.

Наставата не е индивидуализирана. Активностите на поучувањето и учењето се прилагодени на просечниот ученик - дете кое учи само или со другите во услови кои се несоодветни за кооперативност.

Дополнителната и додатната настава практично речиси и не функционираат, иако постојат на декларативно ниво. Во училиштата постои висок праг на толеранција кон насилничко однесување.

Во новите наставни програми да се планираат соодветни методи во наставата и поуката со кои ќе се поттикнува интересот, како и методи и облици на настава што се сообразени на возраста и способностите на учениците. Во вишите одделенија да се нагласи учењето со методот на откривање на знаењето, примена на експерименти, обиди, вежби и решавање на проблеми.

Учениците да започнат со изучувањето на првиот странски јазик од прво одделение на 6-годишна возраст со користење на методите што се сообразени на развојните способности на децата (како во училиштата во другите држави во Европа) и подолг период во текот на школувањето на учениците во основното училиште.

За создавање еднакви можности во образованието училиштето треба да води грижа за сите ученици, а тоа ќе се постигне доколку на крајот на наставната година во трето одделение се прават писмени интерни проверки на знаењата. Со нив ќе се проверува колку се постигнати очекуваните резултати што се планирани со наставните програми. Додека, пак, по завршувањето на VI одделение може да се врши доброволно проверување на знаењата, а посебно по мајчин јазик, математика и по странскиот јазик што го изучуваат учениците. На крајот на IX одделение има потреба да се воведе задолжително национално проверување на знаењата, за сите ученици, по мајчин јазик, математика и за трет предмет од задолжителните предмети што ќе го одреди министерот. Резултатите на националното проверување на знаењата треба да се користат како додатни показатели за постигањата на учениците.

Аспектите на демократизација на воспитанието и образованието во конкретниот документ можат да се согледат во барањата за хармоничен развој на учениците; оспособување на учениците да усвојуваат систем на знаења и вештини за независно, ефикасно и креативно делување.

# ШЕМА НА ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# 8. ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Иако се зборува за демократијата како општествено уредување, етимологијата на значењето на зборот демократија значи владеење на народот во едно определено општество или заедница. Кога зборуваме за демократичност на образованието односно демократизација на училиштето тогаш се мисли на заедницата внатре во училиштето како што се наставниците, учениците, административните работници, и др.

Кога зборувам за демократизацијата на училиштето треба да нагласам дека тоа може да се однесува на надворешниот и внатрешниот однос на училиштето кон демократизацијата. Така би имале:



ВНАТРЕШЕН ОДНОС НА УЧИЛИШТЕТО

| | | |
|---|---|---|
| **Директор-наставник; наставник-наставник** | **Наставник со технички работник, стручни служби** | **Наставник-ученик** |

Ако се има во предвид фактот дека училиштето е институција која што го подготвува младиот човек за живот, тоа секако треба да и овозможи на единката правилна, соодветна, ефикасна, повеќенаменска подготвеност и спремност, умеење за снаодливост во се по развиеното и динамично општество, кое што бара личност која ќе биде поинформирана, поподготвена и поспремна да се справи со потребите на современото време.

Процесот на глобализација секако дека го забрза процесот на функционирање на училиштето. Се поголемата конкуренција на националниот и меѓународниот пазар, бара се поголема продуктивност на работа и секако

развивање на технолошкиот сектор. Тоа бара и поголемо усовршување на човекот како единствен индикатор не целокупните промени и развој. Државата односно нејзиниот равој е поврзан со економскиот развој и моделот на образовен систем. Поквалитетен образовен модел, поголем економски раст, а со тоа и поразвиена држава, што значи постои една меѓусебна поврзаност меѓу овие елементи.

Кога се зборува за надворешната демократизација на училиштето во однос на државните власти, значи треба да се има во предвид дека токму државните власти се тие кои што ги донесуваат законските регулативи и акти преку кои функционира и опстојува образованието во целина, а со тоа и училиштето. Со процесот на децентрализација голем број од надлежнсоти на училиштата се пренесуваат од централната во локалната власт. Односот на училиштето со невладините организации е еден од клучните атрибути во развивањето и оживувањето на демократизацијата на училиштето. Тие меѓусебно треба да соработуваат во различни сфери од секојдневниот живот и преку тој однос да третираат разни теми и проблеми кои што го засегаат училиштето, животот во него, и проблемите и потребите на образовниот процес и систем во целина. Што се однесува на односот на училиштето со родителите се мисли на вклученоста на родителите во животот и работата на училиштето, запознавање на родителите со детските (ученичките) проблеми, потреби, барања за време на престојот во училиштето; организција и реализација на воспитно-образовната работа во училиштето, вклучување на родителите во донесувањето на различни одлуки што се однесуваат за училиштето и тоа претежно преку советот на родителите. Сите современи барања одат кон настојувањата наставникот и родителот да станат партнери во работата на училиштето. Тоа значи поинаков квалитет на соработка меѓу наставникот и родителите во современото училиште. Теориските основи на современата работа во училиштето ги наоѓаме во моделот на таканареченото „отворено училиште„; па подоцна и во идеите на Русо кај кого ги среќаваме првите идеи на демократско воспитание и понатаму во идеите на Џон Дјуи. Русо јасно ја нагласил потребата за развивање на способностите, совладување на културата за учење и потребата за самообразование, па затоа и вели:

„ Мојата цел не е да му дадам знаење, туку да го научам како по потреба да го стекнува„.(Вукасовиќ,А., 1990).

Внатрешната демократизација на училиштето се однесува и на односот на самите вработени во инстуцијата училиште. Значи првенствено односот на директорот кон наставниците, колку тој умее да менаџира и раководи со училиштето и со вработените, како ги стимулира и ги охрабрува наставниците, дали воопшто и го прави тоа, колку успева да формира семејна атмосфера и кохезија внатре во училишниот колектив. Што се однесува на односот на наставниците меѓу себе се мисли на тоа колку тие комуницираат и соработуваат меѓу себе, колку разменуваат идеи, новости, и др. Колку оние самите меѓу себе се охрабруваат за успешен развиток и работа као и нивната меѓусебна кохезија. Односот на директорот но и на насатвниците со техничкиот персонал, стручните служби во училиштето е исто така важен фактор за успешно реализирање на наставната работа во училиштето, бидејќи сите тие подеднакво го соочинуваат посебниот дел од големиот мозаик за успешна работа во образовната институција - училиште. Односот меѓу наставниците и учениците и самите ученици меѓу себе исто така се важна алка за развојот и за усовршувањето на воспитната работа во училиштето. Барањата за поставување на ученикот од позиција на пасивен објект во позиција на активен субјект во воспитно - образовната работа, не е некое ново барање, кое што може да се обезбеди само со декларативно изјаснување. Во таа смисла треба да се разработува односот, односно воспоставувањето на меѓучовечки односи помеѓу субјектите во воспитно-образовниот процес. Тоа значи дека треба да се развива што поквалитетен и поинтензивен однос помеѓу наставникот и ученикот.

Демократизацијата на училиштето а со тоа и на образованието во целина е значајна тема и проблематика која што поставува одредени барања. Основните забелешки се оденсуваат на вработените во училиштето како што се наставниците и другиот персонал во училиштето како директорот, педагогот, психологот, социјалниот работник, библиотекарот и др., учениците, родителите.

Основите барања за реализирање на демократизацијата на училиштето се однесуваат на:

- ✓ Поставување на здрави и коректни односи меѓу наставникот и ученикот, значи поголема соработка меѓу наставникот и ученикот со што ќе се подобри квалитетот на работа во училиштето но и ќе се надмине стравот од училиштето;
- ✓ Поголемо учество на родителите и учениците во решавањето на одредени проблем во училиштето кои се поврзани со образованието. Оваа соработка би се развило преку советот на родителите и советот на учениците и нивната меѓусебна соработка;
- ✓ Соработка на училиштето со локалната власт, вклучување на учениците во дискутирање на решавање на одредени проблем кои се јавуваат во училиштето;
- ✓ Автономијата на училиштето се гледа и во тоа сите актери во училиштето треба да ги превземат сопствени одговорности во таа институција;
- ✓ Изборот на директор исто така влијае во демократизацијата на образованието, ако тој е избран адекватноод страна на колективот, ако тој е отворена личност кој што соработува со сите вработени подеднакво тогаш секако дека ќе има поголема демократизација во тоа училиште;
- ✓ Почитување на правилата на работа во училиштето, и елиминирање на корупцијата;
- ✓ Училиштето не треба да има бирократска администрација, туку треба да биде отворено училиште, транспарентно, каде што информациите ќе се шират преку сите и до сите учесници во работата на училиштето и надвор од него. (Мемуши, Л., 2003).

Современите барања го нагласуваат процесот на учење, заради што се неопходни сериозни промени на атмосферата во одделението каде учениковата интеракција треба да има водечка улога, преку: поттикнување на самостојно и

критично учење, индивидуална и партнерска работа, учење по пат на решавање проблеми, бура на идеи и групни дискусии, проектно учење, самостојно истражување, вештини за користење на повеќе извори на знаења, изработка на есеј, визуелна презентација, скицирање на идеи и нотирање, користење на ликовни метафори и графички симболи, употреба на варијантни постапки, употреба на информатичка комуникациска технологија и др.

Од аспект на демократизација на училиштето секако треба да се мисли и на постоењето и функционирањето и на училишните парламенти како внатрешни структури на едно училиште било тоа да е од основно или средно образование.

## 8.1. УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ОСПОСОБУВАЊЕ ЗА ДЕМОКРАТСКО ДЕЛУВАЊЕ

Во рамките на демократизација на училиштето како воситно-образовна институција, секако дека треба да нагласиме значењето на формирање и функционирање и на училишните односно ученичките парламенти во училиштата. Споменатите парламенти би требало да бидат подготовка и оспособување на младите луѓе за живот и дејствување на демократски начини и демократско општество. Така, ученичките парламенти би се формирале од претставници на ученици од различни одделенија и тоа по еден претставник од секоја генерација на одделениа, еден претставник од советот на родителите, еден претставник од локалната власт и двајца претставници од раководството на училиштето. Значи тој парламет ќе се состои од претставници на учениците, претставници на раководните лица или органи од училиштето, претставници на родителите и претставници на локалната власт. Претсатвниците на учениците би се избрале преку слободни избори кои што треба да ги организира училиштето во соработка со учениците и претставници од локалната власт (секторот за образование). Така за време на предизборие учениниците би спремале памфлети и разни други промотивни

материјали преку кои секој ќе може да го промовира својот кандидат и ученичките интереси кои тие ќе ги бараат, бранат и на нив ќе им се посветат. Истото ова би требало да се реализира и за другите претставници кои би биле членови во парламентот. Би требало да се одреди дата, ден на гласање, кога учениците слободно на избирачките листови би гласале за тој соученик, и претставник за кој што сметаат дека ќе го претставува и ќе ги брани нивните потреби и интереси на подостоен начин.



Слика. 2 Ученички парламент

Освен ученичките парламенти, во училиштата треба да има и училишно списание, каде што учениците би го организирале, уредувале и објавувале во соработка со раководството на училиштето. Така во списанието тие би пишувале за

разни ученички проблеми, интереси, новитети, потреби; со еден збор ќе дојде до израз творечката активност на учениците како и културата на пишување, желбата за пишување, да се промовираат ученичките афинититети и да се буди ученичкиот интерес за живот и делување во демократско општество.

Примарни цели на постоењето на ученичките парламенти се:

1. Промовирање на здрави односи во училиштето и развојот на демократските процедури;
2. Развивање на критички став на појави и настани во училиштето и надвор од него;
3. Резолуција за вистински социјални вредности и цивилизација;
4. Развивање на култура на дијалог, поттикнување на развојот на вистинска толеранција и солидарност;
5. Подигање на свеста за рамнотежа помеѓу правата и обврските;
6. Активно учество во образовните активности на училиштето;
7. Иницирање и имплементација на своите акции во науката, културата, спортот и други активности од интерес за учениците во училиштето;
8. Развој на соработка со наставниците, училишните одбори, совети на родители и управителите на училиштата;

За да ги постигнат своите цели ученичките парламенти, ќе се осврнат на следните задачи, како што се:

1. Активно учество на учениците во процесот на самоевалуација во училиште;
2. Подобрување на училишните секции, клубови, организации, компании и други форми на ученичка организација;
3. Организирање на различни форми на научни, културни, спортски и други изрази на учениците;
4. Соработка со училиштето, наставниците и други високи органи на училиштето;
5. Гласање за клучните прашања поврзани со наставната програма;

6. Организирање на активности насочени кон зголемување на средствата за финансирање на работењето на колегите (претставниците) на парламентот - собранието;
7. Организација на добротворни и хуманитарни активности во училиштето;
8. Организирање на други активности кои придонесуваат за модернизација и демократизација на училиштето.

Ако се осврнеме на тоа што погоре е кажано, сметам дека основна задача на ученичкиот парламент односно ученичкото собрание би било развивање на демократијата, вежбање и заштита на учениците, како и развивање на соработка со други слични организации било тие да се од еден ист град или пошироко и од други градови.

Што се однесува до овие ученички парламенти, мислам дека тие треба да постојат почнувајќи од основното училиште, средното па и на факултетите односно Универзитетите каде што тие парламенти постојат и функционираат како собраниа каде што се третираат студентските проблеми, потреби, барања.

Што се однесува до ученичките парламенти тие би користеле како инструмент или како алатка за да се измери колку училиштето е по мерка на детето, колку тоа им овозможува на младите луѓе да бидат толерантни, рамноправни и секако активни.

Ако ги анализираме образовните закони на пример во Република Србија, може да се забележи дека постоењето и формирањето на ученички парламенти во Србија е регулирана со закон.

На прашањето што е училишниот парламент во магазин издаден од Министерството за образование и спорт на Република Србија од 2005 година, се нагласува дека: идејата учениците да се собираат и да се самоорганизираат за да учествуваат во училишните одлучувања е токму идејата за постоење на ученичките парламенти. Во втората половина на минатиот век постоеле ученичките заедници во ниво на одделениата, кои не беа толку активни, со еден збор се знаело кој одлучува во училиштето и одделението. Затоа ученичките парламенти се сметаат

како мини варијанти на државни собраниа, во кои седат претставници на учениците за да решаваат прашања за нивното училиште. Потпирајќи се на важечкиот закон во Република Србија, ученичките парламенти ги заснивaат самите ученици кога ќе одлучат дека тоа им треба. Но, и органите на училиштето како што се директорот, педагогот, психологот, наставниците можат да бидат оснивачи на ученичките односно училишните парламенти. Меѓутоа идеалниот училишен парламент треба да биде збир на претставници на мнозинството одделенија на училиштето, претставници на кои нивните колеги ќе им веруваат и ќе им дадат доверба да ги претставуваат нивните интереси во училишниот парламент. (DX – магазин, 2005, Измјери школу да ли је по твојој мјери).

Што се однесува до законските регулативи на формирањето и функционирањето на школските парламенти во Република Србија, ќе да цитираме дел од Законот за основно образование и воспитание објавен во Службен весник на Република Србија, бр. 62/2003, 64/2003, 58/2004 и 62/2004, кој гласи:

Во Член 98 од законот стои дека:

„ Во последните две одделениа на основните училишта и во средните училишта можат да се организираат ученички парламенти за:

1. Давање мислења и предлози на стручните органи, училишните одбори, советот на родителите и директорот за правилите на однесување во училиштето, годишната програма на работа, училишниот развоен план, слободните и вонваставните активности, учество во спортски и други натпревари;
2. Разгледување на односот и соработката ученик - наставник, воспитувач или стручен соработник;
3. Информирање на ученикот за прашања од посебен интерес и значај за нивното школување.

Парламентот го соочинуваат по два представника на секое одделение во училиштето, додека во уметничките училишта по три претставници од секое одделение, односно година. Парламентот се избира секоја година и има има претседател. Програмата за работа на парламентот е составен дел на годишната

програма на работата на училиштето. Ученичките парламенти на сите училишта можат да се здружат во заедници на ученички парламенти.

Од сето погоре кажано може да се констатира дека потребно е и во Република Македонија со закон да се регулира формирањето и функционирањето на ученичките парламенти вклучувајќи ги и основните училишта. Постоењето на ученичките парламенти треба да биде одговор на демократското време, потреба и барање на современото и демократско делување и работење во демократско училиште. Активирањето на младите луѓе од најрана возраст во демократско живеење и делување, секако дека ќе придонесува до поразвиено и подемократско општество и деморатски однос меѓу единките.

## 8.2.ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО И ДЕТСКИТЕ ПРАВА

Кога се зборува за демократизација на училиштето секако дека важен сегмент во реализирањето на таа компонента е и информираноста, почитувањето и знаењето за детските права. Не може да се бара од образовниот систем да овозможи формирање на демократска личност, а без претходно таа личност дури од најрана возраст да са информира за своите права и одговорности па потоа да се научи да ги почитува тие права како сопствените права така и правата на другите со кои што живее во една иста заедница (во нашиот случај таа заедница е училиштето).

Се смета дека битен сегмент во оваа насока е да ги информираме младите луѓе за нивните права, а исто така и за тоа дека и најмладите имаат закони и законски одредби кои што се грижат за нив и нивните права. Во оваа насока првенствено вреди да се напомене документот на Обединетите нации односно Декларацијата на правата на детето од 1959 година, и подоцна Конвенцијата за правата на децата ратификувана 1989 како документ со кој што се определуваат правата на децата, кои се тие права што треба да ги ужива секое дете без разлика на неговата полова, етничка, верска, расна и друга припадност или определност.

Ако го поставиме прашањето зошто е потребно посебно да се уредуваат правата на децата? ; Тогаш потребно е да нагласиме дека:

- Децата претствуваат ранлива група која што бара посебно да се регулираат и да се нагласуваат нивните права;
- Кршењето на детските права уште ден денес се катастрофални и тоа претежно преку експлоатација на децата, трговија со нив, сексуално и друго злоставување, и др.

Понатаму во трудот би истакнале неколку сегменти или елементи првенствено од Декларацијата за права на децата од 1959 година каде што може јасно да се види како се регулирани и објаснети правата на децата. Во Декларацијата меѓу другото стои и тоа дека децата имаат право на права, имаат право да уживаат посебна заштита, право на име и национална припадност, право на социјална, здравствена грижа за сигруен и здрав раст и развиток, ако имаат тешкотии при развојот право на посебна грижа, на љубов, внимание, разбирање и животот во семејство, право на образование, право на заштита од злоставување, заштита од сите видови на дискриминација.

Конвенцијата за права на децата треба да нагласиме дека содржи 4 групи на права, и тоа:

1. Заштитини права: како што се заштита од експлоатација на децата во работа, трговија со деца, сексуално искористување на децата;
2. Резултативни права: на пр. Здравствени права, право на образование, право на игра;
3. Право на учество: како што се правото на информирање, правото да биде сослушан, и др.
4. Односот на детето со семејството, општеството и државата.

Конвенцијата за права на детето, детството го смета како една комплексна и значајна фаза односно период на животот, за чие што успешно реализирање

потребно а де се задоволат неколку критериуми. Таа, значи не гради права спротивни или пак кои што ќе се противат со правата на родителите како и со правата и задачите да државата. Но сите тие заедно треба да се борат и да ги почитуваат интересите и правата на децата. Подоле во трудот ќе напоменам само некои критериуми кои се карактеристични за Конвенцијата за права на децата каде што глобално кажано стои дека: правата на децата се и права на човекот воопшто; дека Конвенцијата е универзален документ за проценка на условите на живот на сите деца во сите земји и култури на светот.

Ако сакаме да испитаме кои се најчестите повреди или кршења на детските права во нашите училишта мислам дека одговорот би бил: соодветни (несоодветни) постапки на возрасните; образованието на децата со тешкотии во развојот; насилство со врсниците; насилство на возрасните кон децата; соодветни (несоодветни) услови.

Училиштето е местото каде што првенствено децата треба да бидат информирани и воспитани за нивните права и одговорности. Сметаме дека е потребно дури и од најмала возраст на пригоден и соодветен начин младите луѓе да се информираат и постепено и да се воспитуваат за правата кои што треба да ги уживаат а со тоа и со одговорностите кои што произлегуваат од тие права. За жал се уште постојат единки кои што го поставуваат прашањето кој и како треба да ги подучува децата за нивните права. Секако дека одговорот е јасен дека пред се во образовниот систем основното училиште е местото каде што тоа треба да се учи и тоа преку информирање преку работа со разни проекти, обележување на детската недела, светскиот ден на правата на детето и др.; преку содржини во разни предмети, вонаставни активности, советот (парламентот) на учениците, и др. Потоа средното училиште продолжува со поучувањето на децата за нивните права и тоа преку содржини на поедини предмети (тука доаѓа до израз потребата за граѓанско образование како наставен предмет); преку советот (парламентот) на учениците; воннаставните и вонучилишните активности; разни проекти, и др.

Најчести заблуди кои настануваат кај возрасните кога станува збор за информирање и почитување на детските права се тоа дека детските права се минлив

тренд, ако децата се информираат за нивните права тогаш ќе ги злоупотребат тие права, наставниците не се доволно мотивирани да ги информираат децата за нивните права затоа што и нивните права се кршат и нив никој не ги штити.

Од сето погоре кажано сметаме дека основна задача на училиштето како една демократска микрозаедница е да:

- Ги дистрибуира хоризонтално правата и одговорностите;
- Промовира соработка и партнерство во сите нивоа;
- Ги зајакнува индивидуалните и колективните капацитети за промени;
- Осигурува повеќе можности за учење и индивидуален (посебен) развој;
- Поттикнува општествено вклучување и кохезија;
- Да нуди сигурна околина како и подршка од околината.

## 8.3. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Во развиените земји родителите имаат битна улога за подобрување на работата на училиштето со нивните можности за соработка и со учеството во одлучувањето за животот и активностите на децата во училиштето. За таа цел соработката со родителите започнува во одделението / паралелката на родителските состаноци со наставникот ( во нижите одделенија) или со класниот раководител во вишите одделенија. Родителите заедно со наставникот се договараат за проширените активности на децата во училиштето.

Во училиштата има одредено денови за разговор со родителите. Кога има потреба родителите можат да дојдат во училиштето да разговараат непосредно со наставникот за успехот на детето и да направат план како да му помогнат. За

постигнување на оваа цел наставниците и родителите имаат редовна соработка и таквата соработка се втемелува во училишната практика. Родителите од иста паралелка односно одделение избираат свој претставник за во советот на родителите во училиштето. Тие предлагаат кандидати за советот на училиштето кој што е највисок орган на основното училиште. Доколку не се постигне разбирање и не се најдат добри решенија со наставникот за тешкотиите на ученикот, тогаш следен соговорник на родителот е класниот раководител на детето. Во случаите кога не можат да се најдат решенија за наставните проблеми, надлежен е директорот. Но, доколку родителите и понатаму сметаат дека училиштето не ги разбира нивните аргументи и дека нивните деца се обесправени тие можат да се обратат и да побарат непосредна помош од училишната инспекција.

Советот на родителите на училиштето избира од сите предложени кандидати тројца членови во советот на училиштето.

Родителите се вклучуваат во управувањето со училиштето преку учеството во училишниот одбор. Двајца од 7 члена колку што брои училишниот одбор во малите училишта или тројца од 9 члена колку што брои училишниот одбор во големите училишта се родители претставници на советот на родители. На тој начин тие директно се вклучени во донесувањето на најважните одлуки за училиштето.(Ристевска,С., Ѓоерѓиевска, Г., 2004,).

Советот на училиштето е највисок орган на јавното основно училиште. Во него има тројца претставници на основачот, пет претставници на вработените во училиштето, и тројца преставници на родителите. Тие се избираат со тајно гласање.

Советот на училиштето ги има следните надлежности:

- го именува и разрешува директорот;
- ги прифаќа програмите за развој, годишниот работен план и извештаите за остварување на плановите за работа;
- одлучува за можното воведување на програми кои ги надминуваат стандардите што ги нуди училиштето;
- одлучува за жалби во врска со статусот на ученикот;

- одлучува за жалби во врска со правата, обврските и одговорностите на работниците во училиштето;
- одлучува за жалби на родителите во врска со воспитно-образовната работа во училиштето.

Во нашата земја последните години се интензивира соработката на родителите со наставниците односно со училиштето. Иако за ова соработка се зборувало уште во периодот од 1996 година, кога се планирано соработката меѓу учениците, наставниците и родителите во основните училишта во нашата држава да се интензивира и да се збогатува.

Статистичката проценка на времето што децата го поминуваат дома со родителите и на училиште со наставниците, зборува дека тоа време е или исто или малку подолго од времето поминато на училиште со наставниците. Училиштето е работилница во која се создава моделот на утрешниот граѓанин. Тоа на организиран начин ја продолжува воспитно-образовната функција на семејството. Значи училиштето како и семејството има иста одговорност кон децата односно учениците. Од тука сосема е оправдан заклучокот дека родителот треба да знае се што се случува во училиштето, а како ќе знаат ако не се вклучени и ако не соработуваат.

Често пати соработката или вклучувањето на родителите во работата на училиштето се сфаќа погрешно. Некои соработката ја подразбираат како давање пари, донација да се направи нешто за училиштето. Секако дека и тоа е соработка, но соработка е и тоа кога некои родители држат предавања, работилници, на пример, во врска со здравјето на учениците, изработуваат помошни наставно-дидактички средства, изработуваат разни проекти. Соработка е кога им помагаат на децата во изготвувањето на домашните задачи, во организацијата да се посетат културни институции, музеи, театри и др. Присуството на родителите во училиштето, наставниците треба да го сфатат како нивна грижа за детето и респект кон специфичноста на нивната професија.

Работата на советот на родителите и соработката со училиштето и пошироката заедница се прикажани со следната шема:




Слика 3. Совет на родители во училиште

Родителите се вклучуваат во управувањето со училиштето преку учеството во училишниот одбор. Двајца од 7 члена колку што брои училишниот одбор во малите училишта или тројца од 9 члена колку што брои училишниот одбор во големите училишта се родители претставници на советот на родители. На тој начин тие директно се вклучени во донесувањето на најважните одлуки за училиштето.

На крајот на теоретскиот дел на ова докторска дисертација, а во контекст на последниот наслов со сите негови поднаслови би сакале да додадеме дека демократијата означува стил на живот, таа настојува во донесувањето на одлуки да одлучуваат сите во една организација, во нашиот случај училиштето. Секоја човечка единка како самостојна личност има право сама да одлучува за важните прашања во својот живот.

Слободата претставува богатство на објективни можности помеѓу кои се врши избор. Не може да се зборува за слобода ако постои само една отворена можност.

# ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во склоп на севкупната социјално-политичка трансформација на општественото уредување во правец на парламентарна демократија и демократизација на социјалните односи, демократизацијата на образованието и образование за демократизација на сите нивоа и за сите учесници игра клучна улога.

Таквото општествено уредување подразбира заеднички живот кој во себе носи прифаќање и практикување на принципот на еднакви права, можности и постапки за сите членови на заедницата.

Предмет на оваа истражување се аспектите на демократизацијата на воспитно-образовниот систем во Република Македонија. Основен белег на промените на воспитно-образовниот систем сметаме дека се промените кои што настанале во училиштата, впрочем интенцијата на иновациите е да се дојде до поквалитетни промени во воспитно - образовниот систем. Примената на иновациите меѓу другото се базира и на подготовката и спремноста како на наставниците така и на другите вработени во училиштето, па и на училишната инфраструктура. Промените во училишното работење претставуваат долготраен процес.

Веќе се поместува парадигмата од општество што учи, во општество на знаења. Во тој контекст образованието добива клучна улога.

Ако тврдиме дека образованието е фундаментално човеково право тогаш неминовно е да преку тој фундамент градиме луѓе свесни за демократско однесување, совесни, одговорни и правични. А сето тоа сметаме дека може да се постигне преку вистинско заживување на демократичноста внатре во училиштата па и демократизацијата на образованието во поширока смисла.

Може да се каже дека кај нас истражувањата кои што се однесуваат на демократизација на образованието, на учлилиштето се многу ретки. Потребата за истражување од ваков вид се имплицира од фактот дека во развиените земји се повеќе се става акцентот на улогата на демократијата во функција на развојот на училиштето. Преку оваа истражување треба да се увиди и осветлува положбата и

улогата на детето во современото училиште, нивното однесување за време на престојот во училиштето, однесувањето на наставниците, а сето тоа низ призмата на демократското однесување, односно користењето на демократијата за реализирање на задачите, целите и потребите на воспитно - образовниот процес.

***Концептуална операционализација на предметот на истражување***

*а) Демократија*

Ова истражување ја наметнува потребата која води кон теоретска и етимолошка дискусија за концептот, развојот и вредностите на демократијата. Ќе стане збор за тоа што значи демократијата, улогата на демократијата во донесувањето на одлуки, почитување на донесените одлуки, и др.

*б) Училиште*

Обично под поимот училиште се подрзбира место односно институција каде се врши воспитување, стекнување знаења, умеења од најрана возраст. За потребите на нашето истражување училиштето ќе го анализираме во двојно значење. Прво, училиштето како државна институција каде што младото поколение се воспитува и се образува; и второ училиштето како општествена група која е составена од наставници и ученици, која има одредени задачи, обврски и одговорности, нивниот меѓусебен однос.

в) *Демократизација на образованието и училиштето*

Демократизацијата на образованието и училиштето се заснива врз добро изградени демократски односи во училиштето меѓу наставниците, меѓу наставникот и ученикот, учениците меѓу себе, учениците и раководителите на

училиштето. Исто така треба да се испитува и степенот на почитување на детските и општо човековите права, правото на изразување на идеи, мислења; развивање на критичко мислење.

г) *Образование за демократско граѓанство*

Преку ова истражување треба да се увиди колку образованието за демократско граѓанство влијае во развојот на демократскиот живот. Преку практикување на демократските начела во животот и работата дури и од најрана возраст во училиштата колку се влијае во развојот на демократски односи како во училиштето така и во општествениот живот воопшто.

## 2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Цел на ова истражување е да се добијат релевантни сознанија за начинот и степенот на демократизацијата на образовниот систем на Република Македонија.

До целта на ова истражување ќе дојдеме преку проучувањето на овие аспекти:

1. Информираноста на наставниците и учениците за демократијата, како форма на општествено функционирање.
2. Факторите кои влијаат на демократизацијата на образованието и стратешката определба на Република Македонија за демократизација на образованието.
3. Насоченоста на учениците кон демократски односи и одлуки и начинот на кој учениците треба да даваат идеи, предлози, да забележуваат проблеми и самостојно да ги решаваат.
4. Мислењата и ставовоите на учениците и наставниците за почитување на правата на детето.
5. Интересот на учениците за практикување на демократски односи во училиштето.

# 3. ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Задачи на ова истражување се:

1. Да се испита пристапот и остварувањето на правото на образование на сите граѓани во воспитно-образовниот систем на Република Македонија.
2. Да испита колкаво е влијанието на политиката и другите општествени форми во демократизацијата на воспитно-образовниот систем.
3. Да се испитаат мислењата и ставовите на учениците и наставниците колкав е степенот на демократизација на воспитно-образовниот систем во Република Македонија.
4. Да се испита потребата од постоење на ученички парламент во основно образование; функционирањето и влијанието на ученичкиот парламент во демократското оформување на учениците во средно образование.
5. Да се утврди интересот на учениците за демократија и делување во демократски амбиент.
6. Да се утврди колкав е степенот на демократичност во односите и работата на носителите на воспитно-образовниот процес.
7. Да се утврди колку носителите на воспитно-образовниот процес придонесуваат во учеството на учениците во одлучувањето за демократски начин во работата на училиштето.
8. Да се утврди колку училиштето како воспитно-образовна институција овозможува да заживее демократијата, и колку се практикува нејзиното користење.
9. Да се испита на кој начин е воспоставен контактот (дали воопшто постои) меѓу наставник-родител, наставник-наставник; наставник-ученик; ученик-ученик, наставник-директор; ученици-директор.

10. Да се утврди дали учениците можат да избираат свои преставници во раководството на училиштето; совети на ученици, ученички парламенти, претставник за родителски средби; планирање на екскурзии, и др.

# 4. ХИПОТЕЗИ

1. Генерална (општа) хипотеза е:

   Се претпоставува дека во воспитно-образовниот систем во Република Македонија во доволна мера се остваруваат аспектите на демократизација.

2. Посебни хипотези се:

   2.1. Не постои разлика во ставовоите на наставниците, директорите, учениците во однос на потребата за воспитание и образование за мир;

   2.2. Не постои статистички значајна разлика во перцепцијата за застапеноста на демократизацијата во воспитно-образовниот систем помеѓу испитаниците од различни градови;

   2.3. Постои статистички значајна разлика кај анкетираните од основните училишта во однос на анкетираните од средните училишта;

   2.4. Постои статистички значајна разлика во перцепцијата за застапеноста на демократизацијата меѓу различни етнички групи (во нашиот случај меѓу испитаници македонци и албанци);

   2.5. Постои разлика во перцепцијата кај ученицте од основните училишта, која е повисока во однос на учениците од средните училишта за примена на демократизацијата во воспитно-образовните институции;

   2.6. Не постои статистички значајна разлика во мислењата на наставниците и учениците за формирање ученички парламент;

   2.7. Постои статистички значајна разлика меѓу наставниците од основно и средно училиште за односот на локалната заедница и училиштето од аспект на децентрализацијата;

2.8. Не постои статистички значајна разлика помеѓу наставниците албанци и наставниците македонци, во проценката за демократскиот однос меѓу локалната заедница и училиштето од аспект на децентрализацијата;

2.9. Постои статистички значајна разлика помеѓу наставниците од основно училиште и наставниците од средно училиште за квалитетот на меѓучовечките односи во наставничикиот колектив во функција на градење на демократски живот во училиштето;

2.10. Постои статистички значајна разлика од етничка призма во однос на ставовите со кои наставниците се водат дијалогот со учениците кој е значаен за демократизација на односите наставник-ученик.

# 5.ВАРИЈАБЛИ

**Независни варијабли:**

- град
- националност
- тип на образовна установа
- директни учесници (наставник-ученик).

**Зависни варијабли:**

- Степен на застапеност на демократизацијата во образовните институции кај наставниците.
- Степен на застапеност на демократизацијата во образовните институции кај учениците.
- Степен на почитување и интеракција меѓу наставниците и учениците.
- Степен на доживување на демократизацијата во воспитно-образовните институции.
- Продолжувањето на времетраењето на задолжителното образование е значаен аспект на демократизација на воспитно-образовниот систем.

- Степен на свесност за придобивките од формирање и функционирање на ученички парламент.

# 6.ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Популацијата на истражувањето ја сочинуваат наставниците и учениците од основно и средно училиште. Во примерокот ќе бидат опфатени 80 наставници (40 наставници од основно училиште и 40 наставници од средно училиште) и 240 ученици од кои 120 ученици од VII одделение од основно училиште и 120 ученици од средно училиште.

Примерокот на истражуваењето опфаќа наставници и ученици од основно и средно образование во градовите Тетово, Гостивар, Скопје и Куманово. Од овие градови во примерокот училишта влегува по едно основно и едно средно училиште, и тоа од средните училишта 1 паралелка (15 ученици) албански ученици и 1 паралелка (15 ученици) македонски ученици од III година; истиот број се однесува и на учениците од основно училиште VII одделение. Значи вкупниот број на испитани ученици во основно и средно училиште би бил 240 ученици.

Што се однесува до наставниците, во истражувањето би се испитале наставници од албанска и македонска припадност и тоа 10 наставници албанци и 10 наставници македонци од основно и средно образование во сите наведени градови во кои ќе се истражува. Значи вкупниот број на испитани наставници би бил 80 наставници. И иситување на ставови и мислења (преку интервју), на директори на основни и средни училишта.

# 7.ИСТРАЖУВАЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ПРИМЕНЕТИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето се применети анкетни прашалници наменети за:

- ученици во основните и средните училишта
- наставници во основни и средни училишта
- протокол за интервју со директори во основни и средни училишта

Прашалниците се составени од прашања од затворен тип и скали на проценки со цел да се добијат по објективни одговори и да се дојде до порелевантни созананија за проблематиката која ја истражуваме.

Што се однесува до интервјуто со директорите, се одлучивме на стандардизирано интервју со претходно формулирани прашања поради чувствителноста на проблематиката која што ја истражуваме.

# 8.СТАТИСТИЧКИ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ЗА ОБРАБОТКА И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Податоците од истражувањето се обработени со професионален пакет за обработка на податоците СПСС. Базата на податоците во овој формат овозможи примена на статистички методи и техники од дескриптивната статистика како и методи и техники од инференцијалната статистика.

Во тие рамки беа анализирани дистрибуциите на податоците (анализа на фреквенциите) на генерално ниво и на ниво на посебни специфични категории кои произлегуваа одредени од дизајнот на примерокот како и посеби сетови на варијабли кои произлегуваа од дефинициите на темите и целите на истражувањето. Во анкетните прашалници освен блокот за социодемографски обележја на

анкетираните беа користени интервални скали дизајнирани да ги мерат индивидуалните ставови и мислења на анкетираните во врска со опфатените прашања кои беа групирани во посебни теми. Фактот што беа користени интервални скали овозможи примена на мерки на централна тенденција (М пресметување на средните просечните скорови кај одредени релевантни категории на анкетираните, опфатени со емпириското истражување како и мерките на дисперзија на индивидуалните резултати од просек и средна вредност).

Во понатамошните продлабочени анализи се користеа тестови за уттврдување на нивото на значајност на разликите помеѓу релевантните категории испитаници. Освен тоа беа креирани и двофакторијални модели - нацрти за анализа на варијансите. За таа цел применет е познатиот модел за анализа на варијансата АНОВА. Со примената на овој модел за анализа на варијансата беше овозможено да се земат во предвид сите варијабилитети во рамките на моделот како и нивните меѓусебни интеракцијски влијанија врз испитуваните зависни варијабли. Врз база на примена на ваков аналитички модел беше затемелено непристрасно објективно и на научни критериуми засновано да се прават проценките во прифаќање или отфрлање на хипотезите на истражувањето. Врз база на ваквите научно засновани проценки, се пристапи кон нивна понатамошна елаборација, во рамките на како на релевантните теоретски премиси кои се однесуваа на темата, така и на емпириjски податоци добиени со истражувањето. На тој начин се направи обид да се даде придонес во продлабочувањето и проширувањето на сознанијата за комплексните и динамични процеси за демократизацијата во образованието во основните и средните училишта во земјата.

# ТРЕТ ДЕЛ

# АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.Кратка дескрипција на примерокот

Спроведеното квантитативно истражување опфаќа неколку основни и средни училишта, наставници и ученици во мешани етнички средини (Македонци, Албанци и други националности) и тоа во Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар. Повеќето од нив се со мешан етнички состав и во однос на учениците и во однос на наставниците.

Истражувањето е спроведено во: Скопје(како главен град), Куманово, Тетово и Гостивар. Бројот на анкети е прикажан во табела 1 :

**Табела 1. Градови во кои е спроведено истражувањето**

| град | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| Гостивар | 98 | 25.0 |
| Куманово | 100 | 25.5 |
| Скопје | 95 | 24.2 |
| Тетово | 99 | 25.3 |
| Тотал | 392 | 100.0 |

Од приложената табела се гледа дека структурата на примерокот според бројот на реализирани анкети на ниво на првиот стратум - град во секој од градовите каде е спроведено анкетното истражување е избалансиран и опфаќа во секој град по 25% од вкупниот број спроведени анкети (со статистички незначајна варијација од општиот просек).

На ниво на вториот стратум примерокот е дизајниран така што обезбедува симетричност на бројот на анкети во однос на типот на воспитно наставната институција - основно училиште односно средно училиште во секој од градовите во кои е спроведено истражувањето (види табела 2).

Ваквата структура на примерокот каде што стратумите на ниво на град и во рамки на градот спроведени симетричен број на анкети во основни и средни училишта (стратумот тип на училиште) е со цел да овозможи објективна и

методолошки коректна анализа на феномените кои се предмет на превземеното емпириско истражување. Ваквиот дизајн на примерокот е во функција на задоволување на условите за одредени статистички анализи за кои е пожелна симетричност на одредени сегменти (види табела 2).

**Табела 2. Број на анкетирани во однос на типот на воспитно образовната институција во секој град**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Град | Гостивар | Основно училиште | 49 |
| | | Средно училиште | 49 |
| | | Тотал | 98 |
| | Куманово | Основно училиште | 50 |
| | | Средно училиште | 50 |
| | | Тотал | 100 |
| | Скопје | Основно училиште | 49 |
| | | Средно училиште | 46 |
| | | Тотал | 95 |
| | Тетово | Основно училиште | 49 |
| | | Средно училиште | 50 |
| | | Тотал | 99 |

Во табелата 3 е прикажана структурата на примерокот според бројот на спроведени анкетни листови во однос на:

- град
- тип на воспитно-образовна институција (основно училиште - средно училиште)
- директни учесници (наставници - ученици)
- етничката припадност (македонци - албанци - друга националност) се дадени во следнава табела. (Напомена: во понатамошните анализи од аспект на етничката припадност се прават анализи и споредби на два етникума: Македонци и Албанци).

Од податоците прикажани во табелата се гледа симетричност и избалансираност на сегментите од примерокот во рамки на градот каде е

спроведено истражувањето според тип на училиште: основно - средно, бројот на анкетирани наставници и ученици и националната припадност на анкетираните. Големината на сегментите во примерокот во 75% случаи варира од 19 до 25 анкетирани. Додека големината на сегментите ако се апстрахира националната припадност на анкетираните според типот на воспитно-образовна институција (основно училиште - средно училиште) по градови варира 43 до 49 анкетирани.

**Табела 3. Број на спроведени анкети во однос на: град, тип на воспитно-образовната институција, директни учесници во наставата и етничка припадност**

| град | тип на воспитно-образовна институција | директни учесници | Националност | | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Албанец | Македонец | |
| Гостивар | Основно училиште | Наставник | 9 | 10 | 19 |
| | | Ученик | 15 | 12 | 27 |
| | | Тотал | 24 | 22 | 46 |
| | Средно училиште | Наставник | 9 | 10 | 19 |
| | | Ученик | 10 | 15 | 25 |
| | | Тотал | 19 | 25 | 44 |
| Куманово | Основно училиште | Наставник | 8 | 9 | 17 |
| | | Ученик | 15 | 13 | 28 |
| | | Тотал | 23 | 22 | 45 |
| | Средно училиште | Наставник | 7 | 9 | 16 |
| | | Ученик | 13 | 14 | 27 |
| | | Тотал | 20 | 23 | 43 |
| Скопје | Основно училиште | Наставник | 10 | 10 | 20 |
| | | Ученик | 21 | 5 | 26 |
| | | Тотал | 31 | 15 | 46 |
| | Средно училиште | Наставник | 17 | 1 | 18 |
| | | Ученик | 18 | 6 | 24 |
| | | Тотал | 35 | 7 | 42 |
| Тетово | Основно училиште | Наставник | 9 | 10 | 19 |
| | | Ученик | 14 | 11 | 25 |
| | | Тотал | 23 | 21 | 44 |
| | Средно училиште | Наставник | 10 | 10 | 20 |
| | | Ученик | 14 | 15 | 29 |
| | | Тотал | 24 | 25 | 49 |

Бројот на анкетирани во однос на етничката припадност Македонец: Албанец е симетрична и е приближно изднaчена на ниво од приближно 45 анкетни листови во сите градови освен во Скопје каде бројот на анкети е 67:21 (Албанец: Македонец) - види табела 4 .

**Табела 4. Детален приказ на бројот на анкетирани во однос на етничката припадност, град и тип на воспитно-образовна институција**

| град | тип на воспитно-образовна институција-директни учесници | Националност | | Тотал |
|---|---|---|---|---|
| | | Албанец | Македонец | |
| Гостивар | Основно училиште - наставник | 9 | 10 | 19 |
| | Основно училиште - ученик | 15 | 12 | 27 |
| | Средно училиште - наставник | 9 | 10 | 19 |
| | Средно училиште - ученик | 10 | 15 | 25 |
| | Тотал | 43 | 47 | 90 |
| Куманово | Основно училиште - наставник | 8 | 9 | 17 |
| | Основно училиште - ученик | 16 | 13 | 29 |
| | Средно училиште - наставник | 7 | 9 | 16 |
| | Средно училиште - ученик | 13 | 14 | 27 |
| | Тотал | 44 | 45 | 89 |
| Скопје | Основно училиште - наставник | 10 | 10 | 20 |
| | Основно училиште - ученик | 21 | 5 | 26 |
| | Средно училиште - наставник | 18 | | 18 |
| | Средно училиште - ученик | 18 | 6 | 24 |
| | Тотал | 67 | 21 | 88 |
| Тетово | Основно училиште - наставник | 9 | 10 | 19 |
| | Основно училиште - ученик | 14 | 11 | 25 |
| | Средно училиште - наставник | 10 | 10 | 20 |
| | Средно училиште - ученик | 14 | 15 | 29 |
| | Тотал | 47 | 46 | 93 |

Оваа детална анализа на структурата на примерокот по линија на клучните независни варијабли е направена со цел да се стекне јасна и прецизна слика за основаноста за примена на статистичко-аналитички методи од инференцијална

статистика[1]. Со други зборови со примена на одредени методи на инференцијална статистика врз основа на кои е можно врз база на спроведеното истражување да се прават проценки на непознатите параметри во популацијата во однос на темите и содржините на овој истражувачки потфат како и да се подложат на статистичко тестирање на хипотезите.

# 2.АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТАТА

## 2.1. Детерминанти на перцепциите во примената на демократизацијата во воспитно образовните институции

За да се процени перцепцијата на примената на демократизацијата во воспитно образовните институции т.е. да се измери перцепцијата за степенот на застапеност на демократизацијата во воспитно образовните институции користена е 5-то степена скала каде 1= ниска застапеност а 5= највисока застапеност на демократизација во воспитно - образовниот систем во Р Македонија.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека просечното (средно) ниво на проценката за застапеност на демократизацијата во воспитно - образовните институции кај сите испитаници (и ученици и наставници) изнесува М=3.3 што е повисоко од средината на мерната скала (вредност 3).

Демократизацијата е сложен процес врз кој делуваат повеќе фактори и тоа независно или во интеракција меѓу себе и/или со други фактори. За таа цел е потребно да се разгледа и спореди перцепцијата на застапеноста на демократизацијата на повеќе нивоа и на повеќе релации.

[1] Инференцијална статистика или статистика на заклучување: делот на математичката статистика кој извлекува заклучоци од податоците, т.е. проверува дали податоците исполнуваат извесен услов и дава гаранции во однос на дадената неизвесност.

**А)** Како прво ниво на анализа (споредба) ќе бидат следниве ***независни факшори***:

- **град**
- **националност**
- **тип на образовна установа**
- **директни учесници (наставник-ученик)**

**Б)** На второ ниво ќе бидат анализирани битните релации помеѓу овие фактори како и интеракцијски меѓусебни влијанија помеѓу нив.

***релации и иншеракцијски меѓусебни влијанија помеѓу независниише факшори***

## А) Анализа на влијание на независните фактори врз перцепцијата на застапеност на демократизацијата во воспитно образовните институции

### *а1) анализа на независни факшори - їрад*

Како прво ќе ја споредиме перцепцијата т.е. просечните вредности на нивото на застапеност на демократизација во образовниот систем помеѓу испитаниците од различните градови помеѓу сите испитаници опфатени со истражувањето[2]. Просечните (средни) вредности за секој од градовите се дадени во табела 5. Сите добиени резултати се во позитивна насока, односно над централната вредност 3 од мерната скала. Генералниот просечен скор добиен од обработката на одговорите на сите испитаници е 3.3. Најнискиот просечен скор е добиен во Гостивар и изнесува 3.2 а највисокиот 3.5 во Скопје. Централно прашање на ова ниво на анализа е да ли варијациите во разликите на просечните скорови добиени на ниво на градовите статистички значајно се разликуваат или помеѓу нив нема статистички значајна разлика. Или со други зборови кажано дали добиените разлики се реултат на

[2] Вкупниот број на анкетирани за кои се добиени просечни вреднсти изнесува 371 и е помал од вкупниот број анкетирани затоа што во одредн број случаи на некои од прашањата или не е одговорено или е одговорено вне знамг па од таа причина тие објективно не можеле да се земат во базата од која се пресметуваат просечните вредности.

случаен варијабилитет или варијабилитетот се должи на влијанието на некој фактор.

**Табела 5. Просечни вредности на ниво на застапеност на демократизацијата во образовниот систем помеѓу испитаниците од различни градови**

| град | N | Средна Вредност | Стд. девијација |
|---|---|---|---|
| Гостивар | 95 | 3.2 | .84 |
| Куманово | 85 | 3.4 | 1.01 |
| Скопје | 93 | 3.5 | 1.22 |
| Тетово | 98 | 3.3 | 1.02 |
| Тотал | 371 | 3.3 | 1.03 |

За да можеме да ги интерпретираме резултатите во оваа смисла спроведена еднонасочна анализа на варијанса (во понатамошен текст ќе се служиме со познатата кратенка **АНОВА**[3]) се прикажани на табела 6.

**Табела 6. Анализа на варијанса-АНОВА, ниво на застапеност на демократизацијата во образовниот систем**

| Сума на квадрати | | df | Среден квадрат | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групите | 2.804 | 3 | .935 | .878 | .453 |
| Во групите | 390.721 | 367 | 1.065 | | |
| Тотал | 393.526 | 370 | | | |

[3] **ANOVA** (ANalysis Of VAriance) е аналитички модел за тестирање на значајност на разликите и се користи кога има повеќе од две групи испитаници. Предноста на оваа метода се состои во тоа што во моделот влегуваат во предвид сите варијабилитети како и нивното меѓусебно влијание, што е невозможно да се процени на друг начин.

Тестирањето на разликите во средните вредности помеѓу градовите покажува дека нема статистчка значајност на f- статистикот односно f=0.878 df=3 p=0.453 Ова наведува на генерален заклучок дека севкупната перцепцијата за застапеноста на демократизација во образовниот систем помеѓу испитаниците од различните градови е на блиско ниво и разликите помеѓу нив се статистички незначајни.

***а2) анализа на независни факшори - националносш***

Од аспект на етничката припадност (македонци - албанци), перцепцијата за застапеноста на демократизацијата во образовниот ситем покажува статистички значајна разлика. Имено просечната вредност кај испитаниците македонци изнесува $M_{мак} = 3.57$ а кај албанските испитаници $M_{алб}= 3.18$ .

Спроведениот т-тест[4] изнесува т= -3.59 df=340 p<0.01 што значи дека перцепцијата на нивото на застапеност на демократизацијата во образованието кај македонците е различна во однос на албанците (види табела 7).

**Табела 7. Перцепција на ниво на застапеност на демократизацијата во образованието кај македонците во однос на албанците**

| Еднакви варијанси | Левенов тест за еднаквост на варијанси | | t-тест | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | F | Sig. | t | df | Sig. (2-tailed) |
| | .338 | .561 | -3.592 | 340 | .000 |

***а3) анализа на независни факшори –шиџ на образовна усшанова***

Анализата на првото хиерархиско ниво на влијанието на типот на

[4] Во случај кога тестираме значајност на разлика помеѓу две аритметички средини постапката за тестирање на поединечни разлики помеѓу нив се применува едноставниот статистички t- тест.

образовната установа (основно - средно училиште) врз перцепцијата на застапеноста на демократизацијата во образовниот ситем покажува дека постои статистичка значајна разлика кај анкетираните во основните во однос на анкетираните во средните училишта. Просечната вредност кај анкетираните во основните училишта изнесува 3.60 а кај средните 3.07. Спроведениот т-тест изнесува т= 5.169 df=359 p<0.01 што значи дека перцепцијата на нивото на застапеност на демократизацијата во образованието кај анкетираните во основните училишта статистички значајно се разликува од просекот во средните училишта (види табела 8).

**Табела 8. Перцепција на ниво на застапеност на демократизацијата во образованието кај анкетираните во основните училишта во однос на средните училишта**

| Еднакви варијанси | Левенов тест за еднаквост на варијанси | | t-тест | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | F | Sig. | t | df | Sig. (2-tailed) |
| | 3.723 | .054 | 5.169 | 369 | .000 |

***а4) анализа на независни факшори – дирекшни учесници***

***(насшавник-ученик)***

Генералните оценки на степенот на застапеност на демократизацијата во воспитно образовните институции на релација наставник - ученик се дадени во табела 9:

**Табела 9. Оценки за степенот на застапеност на демократизацијата на релација наставник-ученик**

| | Средна вредност | Стандардна девијација | Н |
|---|---|---|---|
| Наставник | 3.3 | 0.9 | 147 |
| Ученик | 3.4 | 1.1 | 224 |

Спроведениот т - тест покажува дека не постои статистички значајна разлика во севкупната перцепција кај наставниците во однос на учениците. Спроведениот т-тест изнесува т= -0.541 df=352 p=0.569.

**<u>Резимето на анализата на резултатите - на првото хиерархиско ниво</u>** покажува дека влијанието на независните фактори врз перцепцијата на застапеноста на демократизацијата во воспитно образовните институции е различно. Според статистичките тестирања на резултатите можат де се поделат во две групи :

- првата група фактори кои немаат сигнификантно влијание на перцепциите на анкетираните во однос на на застапеноста на демократизацијата во воспитно образовните институции. Имено варијациите на резултатите кај анкетираните од различни градови околу општиот просек (3.3) се мали и статистички незначајни. Сличен таков ефект има кога резултатите се гледаат по просекот помеѓу наставниците и учениците.
- Втората група фактори кои имаат сигнификантно влијание врз оценката на застапеноста на демократизацијата во воспитно образовните институции. Анализата покажува дека според типот на образовната институција има сигнификантна разлика и тоа во основните училишта постои тенденција да се оценува дека застапеноста на демократизацијата во училиштата е во поголем степен застапена а значително во помал степен така ја оценуваат застапеноста на демократизацијата во средните

училишта. Таков ефект на евалуацијата на застапеноста на демократизацијата има и кога податоците се споредуваат според националната припадност на анкетираните. Кај Македонците постои тенденција во поголем степен да оценуваат дека демократизацијата е застапена во воспитно-образовните установи во однос на анкетираните Албанци.

## Б) Ефектите на релациите и интеракцијски меѓусебни влијанија помеѓу независните фактори врз перцепцијата на застапеност на демократизацијата во воспитно-образовните институции

### б1) *Релации и интеракцијски меѓусебни влијанија помеѓу независните фактори во двофакторијален модел во релациите град - националност*

Доколку се формира полн дво-факторијален модел (4 x 2 факторијален нацрт) во кој едната независна варијабла е град а втората националност и се спроведе анализа за да се види интеракцијата односно интеракцискиот ефект на овие два фактори се доаѓа до констатација дека не постои интеракциски ефект односно независно од градот просечната перцепција кај македонските испитаници е различна од онаа кај албанските испитаници.

На следниот график е прикажана просечниот скор на перцепцијата на степен на застапеност на демократизација во образовниот систем кај македонските и албанските испитаници. Видливо е дека во сите градови просечните вредности кај македонските испитаници се повисоки отколку кај албанските испитаници.

**График 1. Просечниот скор на перцепцијата на степенот на застапеност на демократизацијата во образовниот систем кај македонските и албанските испитаници**




Резултатите од статистичката обработка на податоците во двофакторијалниот модел на анализа на варијансата се прикажани на следната табела. Во прикажана табелата на Ф-тестот на спроведената дво факториелна АНОВА индицира дека интеракцискиот ефект помеѓу испитуваните фактори е статистички незначаен односно

$F_{(\text{град*нат})} = 1.514$ df=3 p=0.211

**Табела 10. Интеракциски ефект помеѓу испитуваните фактори**

| извор | Сума на квадрати | df | Средни Квадрати | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Корегиран модел | 24.067a | 7 | 3.438 | 3.528 | .001 |
| константа | 3604.836 | 1 | 3604.836 | 3698.665 | .000 |
| Фактор (град) | 8.195 | 3 | 2.732 | 2.803 | .040 |
| Фактор (националност) | 16.265 | 1 | 16.265 | 16.688 | .000 |
| Интеракција (град * националност) | 4.427 | 3 | 1.476 | 1.514 | .211 |
| грешка | 325.527 | 334 | .975 | | |
| Тотал | 4183.000 | 342 | | | |
| Корегиран тотал | 349.594 | 341 | | | |

a R квадрат = .069 (корегиран R квадрат = .049)

Во реалноста на перцепцијата на застапеноста на демократизацијата во воспитно образовниот систем влијаат многу фактори. Дво-факторијална АНОВА фактички ни укажува на колкав дел од вкупната варијанса на перцепцијата на застапеност на демократизацијата во образованието е одредена од интеракцијскиот ефект помеѓу факторите град како место на живеење и националност на анкетираните. Индиректен доказ за мултифакторната детерминација на зависната променлива - перцепцијата на застапеноста во образованието е и фактот што со овој дво факторијален модел односно нивната релација објаснува околу 7% (Rsquare =0.069) од вкупната вариајбилност на средната вредност. Останатиот дел од варијабилноста потекнува од други фактори и релации кои понатаму ќе ги анализираме.

Од аспект на испитаниците од различните градови, перцепцијата на застапеноста на демократизацијата е највисока во Скопје кај испитаниците Македонци (M=4.0), а најниска во Гостивар кај испитаниците Албанци (M=2.9).

**б2)** ***<u>Екстракција на интеракцијските ефекти на независните фактори врз перцепцијата на застапеност на демократи зацијата во образованието помеѓу директните учесници во воспитно образовниот процес</u>***

Со цел да се екстрахираат интеракцијските ефектите на детерминацијата на независните фактори :

- тип на образовна установа и
- националноста на учесниците вклучени во воспитно образовниот процес

помеѓу директните учесници во воспитно образовниот процес пристапено е кон сепаратна анализа на интеракцијските влијанија на факторите посебно и кај учениците и кај наставниците.

**б3)** ***<u>интеракцијските ефекти на независните фактори кај ученици</u>***

Анализа на релација - тип на воспитно образовна институција (ученици во основно односно средно училиште) и етничка припадност.

Креиран е 2x2 факторијален модел (во овој модел се вклучени две варијбли: Училиште ( ученик во основно односно средно училиште) и национална припадност (Македонец, Албанец).

Од спроведената АНОВА се добиени просечните нивоа на застапеност на демократизација во воспитно- образовните институции прикажани на следниот график и табела.

**График2. Просечните нивоа на застапеност на демократизацијата во воспитно-образовните институции и национална припадност на учениците**




**Табела 11. Анализа на релација – тип на воспитно образовна институција (ученици во основно и средно училиште) и националност**

| Тип на образовна институција | Националност | Средна вредност | Стандардна девијација | Н |
|---|---|---|---|---|
| Ученик во основно Училиште | Албанец | 3.7 | 1.1 | 66 |
| | Македонец | 3.7 | 1.0 | 37 |
| | Тотал | 3.7 | 1.0 | 103 |
| Ученик во средно Училиште | Албанец | 2.6 | 1.1 | 49 |
| | Македонец | 3.3 | 0.8 | 49 |
| | Тотал | 3.0 | 1.0 | 98 |
| Тотал | Албанец | 3.3 | 1.2 | 115 |
| | Македонец | 3.5 | 0.9 | 86 |
| | Тотал | 3.3 | 1.1 | 201 |

Следната табела е главната табела на Ф-тестовите за главните ефекти на двете независни варијабли како и нивниот интеракциски ефект врз зависната варијабла (степенот на застапеност на демократизацијата во образовните институции).

**Табела 12. Интеракциски ефект помеѓу испитуваните фактори (степенот на застапеност на демократизацијата во воспитно-образовните институции)**

| извор | Сума на квадрати | df | Средни Квадрати | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Корегиран модел | 37.879a | 3 | 12.626 | 11.991 | .000 |
| константа | 2139.862 | 1 | 2139.862 | 2032.223 | .000 |
| Фактор училиште | 25.299 | 1 | 25.299 | 24.026 | .000 |
| Фактор националност | 4.889 | 1 | 4.889 | 4.644 | .032 |
| Интеракција училиште * националност | 6.072 | 1 | 6.072 | 5.767 | .017 |
| грешка | 207.434 | 197 | 1.053 | | |
| Тотал | 2492.000 | 201 | | | |
| Корегиран тотал | 245.313 | 200 | | | |

a R квадрат = .154 (корегиран R квадрат = .142)

**- Наоди и толкувања (кај ученици)**:

1. Главниот ефект на типот на образовната институција е статистички значаен. ($Ф_{у_ос_ср}$ = 24.02 дф=1 п<0.001) Ова значи дека постои разлика во перцепцијата кај учениците во основните училишта ($М_{осн.уч}$ = 3.7) која е повисока во однос на учениците од средните училишта ($М_{сред.уч}$ = 3.0).

2. Главниот ефект на варијаблата националност е статистички значајна и гледајќи ги само учениците албанци во однос на учениците македонци постои стат. сиг. разлика во нивото на перцепција $М_{уч_алб}$ = 3.3 и $М_{уч_мак}$ =3.5 . $F_{нат}$ = 4.64 df=1 p<0.032 (да се потсетиме дека таа беше статистички значајна земајќи ги сите испитаници во предвид без оглед на нивната националнна припадност).

3. Интеракцискиот ефект на овие два фактора е статистички значаен. $Ф_{у_ос_ср*нат}$ = 5.76 дф =1 п<0.017. Ова значи дека во перцепцијата на едно ниво на првиот фактор зависи од нивоата на вториот фактор. Со едноставни зборови објаснето:

- Учениците македонци и албанци во основните училишта имаат многу слично ниво на перцепција (нема статистичка сигнификантна разлика) за разлика од учениците албанци во средните училишта и учениците македонци во средните училишта. Забелешка: на оваа еднаквост во перцепцијата кај учениците македонци и учениците албанци во основните училишта веројатно влијае и степенот на развој децата на таа возраст и нивното знаење и разбирање на поимите (термините) "демократизација", "застапеност на демократизација" итн.

- Во средните училишта, учениците албанци застапеноста на демократизацијата ја перцепираат со просечна вредност $М_{уч_алб}$ = 2.6 (пониско од средината на мерната скала) во однос на учениците македонци кои ја перцепираат со средна вредност од $М_{уч_мак}$ = 3.3. (постои статистичка сигнификантна разлика).

### б4) *интеракцијските ефекти на независните фактори кај наставници*

И кај наставниците потребно е да се анализира релацијата - тип на воспитно образовна институција (наставници во основно односно средно училиште) и етничка припадност.

Повторно е креиран е 2x2 факторијален модел (во овој модел се вклучени две варијбли: Училиште ( наставник во основно односно средно училиште) и национална припадност (Македонец, Албанец).

Од спроведената АНОВА се добиени просечните нивоа на застапеност на демократизација во воспитно- образовните институции прикажани на следниот график и табела.

**График 3. Просечните нивоа на застапеност на демократизацијата во воспитно-образовните институции и национална припадност на наставниците**




**Табела 13. Анализа на релација - тип на воспитно-образовна институција (наставник во основно и средно училиште) и националност**

| Тип на образовн а институција | Националност | Средна вредност | Стандардна девијација | Н |
|---|---|---|---|---|
| Наставник во основно училиште | Албанец | 3.0 | 0.63 | 36 |
| | Македонец | 3.9 | 0.84 | 38 |
| | Тотал | 3.4 | 0.86 | 74 |
| Наставник во средно училиште | Албанец | 3.1 | 0.71 | 41 |
| | Македонец | 3.5 | 1.03 | 26 |
| | Тотал | 3.3 | 0.86 | 67 |
| Тотал | Албанец | 3.1 | 0.68 | 77 |
| | Македонец | 3.7 | 0.94 | 64 |
| | Тотал | 3.4 | 0.86 | 141 |

Следната табела е главната табела на Ф-тестовите за главните ефекти на двете независни варијабли како и ефектот на нивната интеракција врз зависната варијабла (степенот на застапеност на демократизацијата во образовните

институции кај наставниците).

**Табела 14. Интеракциски ефект помеѓу испитуваните фактори (степенот на застапеност на демократизацијата во воспитно-образовните институции кај наставниците)**

| Извор | Сума на квадрати | df | Средни Квадрати | F | Сиг. |
|---|---|---|---|---|---|
| Корегиран модел | 17.076a | 3 | 5.692 | 8.943 | .000 |
| константа | 1547.337 | 1 | 1547.337 | 2431.193 | .000 |
| Фактор наставник | .694 | 1 | .694 | 1.091 | .298 |
| Фактор националност | 12.478 | 1 | 12.478 | 19.606 | .000 |
| Интеракција наставник * националност | 2.391 | 1 | 2.391 | 3.757 | .055 |
| грешка | 87.194 | 137 | .636 | | |
| Тотал | 1691.000 | 141 | | | |
| Корегиран тотал | 104.270 | 140 | | | |

a R квадрат = .164 (корегиран R квадрат = .145)

**- Наоди и толкувања (кај наставници)**:

1. Главниот ефект на типот на образовната институција е статистички незначаен. ($F_{н_ос_ср}$ = 1.09 df=1 p=0.298) Ова значи дека не постои разлика во перцепцијата кај наставниците во основните училишта ($M_{осн.уч}$ = 3.4) која е слична со перцепцијата на наставниците од средните училишта ($M_{сред.уч}$ = 3.3).

2. Главниот ефект на варијаблата националност е статистички значајна и гледајќи ги само наставниците албанци во однос на наставниците македонци постои стат. сиг. разалика во нивото на перцепција $M_{нас\ алб}$ =3.1 $M_{уч_мак}$ =3.7 . $F_{нат}$ = 19.6 df=1 $p<0.01$.

3. Интеракцискиот ефект на овие два фактора е статистички не значаен. $F_{н_ос_ср*нат}$ = 3.75 df =1 p=0.055. Ова значи дека во перцепцијата на едно ниво на првиот фактор не зависи од нивоата на вториот фактор. Со едноставни зборови објаснето:

- Перцепцијата кај наставниците македонци и во основните и во средните

училишта е слична но со повисока средна вредност во однос на перцепцијата на наставниците албанци. Исто така перцепцијата кај наставниците албанци е слична и во основните и во средните училишта и е со пониска средна вредност за разлика од перцепцијата кај македонските наставници за застапеноста на демократизацијата во образовните институции.

***Резимето на интеракцијскиот ефект на влијанието помеѓу типот на наставната установа и националната припадност***

- **кај учениците** влијае на перцепцијата на застапеност на демократизацијата во образованието со тенденција степенот на застапеност на демократизацијата во образованието да се намалува кај учениците од средните училишта во однос на учениците од основните училишта со тоа што кај учениците од албанската националност намалувањето на перцепцијата на застапеност на демократизацијата во образованието е поизразено.
- Додека **кај наставниците** интеракцијски ефект помеѓу испитуваните фактори изостанува.

***б5) Релација - наставник - ученик (во однос на перцепцијата за степенот на застапеност на демократизација во воспитно- образовните институции)***

За согледување на овие релации спроведени се повеќе независни поединечни т-тестови сумирани во табела 14 во која се дадени средните вредности на перцепцијата на застапеност на демократизација во воспитно-образовните институции за повеќе парови целни групи како и сигнификантноста на разликите.

**Табела 15. Средни вредности на перцепција на застапеност на демократизацијата во воспитно-образовните институции**

| Целна група 1 | Средна вредност | | Целна група 2 | Средна вредност | | Сигнификантност на разлики |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основно училиште – наставник Македонец | 3.9 | → | Основно училиште – ученик Македонец | 3.7 | → | НЕ |
| | | | | | | |
| Средно училиште – наставник Македонец | 3.5 | → | Средно училиште – ученик Македонец | 3.3 | → | НЕ |
| | | | | | | |
| Основно училиште – наставник Албанец | 3.0 | → | Основно училиште – ученик Албанец | 3.7 | → | ДА |
| | | | | | | |
| Средно училиште – наставник Албанец | 3.1 | → | Средно училиште – ученик Албанец | 2.6 | → | ДА |

Кај македонските испитаници релацијата наставник - ученик е конзистентна (согледана преку перцепцијата за застапеност на демократизација во воспитно образовните институции) и кај испитаниците од основните училишта (наставници/ ученици) и кај испитаниците од средните училишта. Нема статистички значајна разлика на релација наставник - ученик во основните училишта и на релација наставник- ученик во средните училишта.

Кај албанските испитаници се јавува разлика во степенот на перцепција на релација наставник - ученик кај испитаниците од основните училишта како и на релација наставник - ученик кај испитаниците од средните училишта. Перцепцијата кај учениците албанци од средните училишта е M=2.6 т.е. под средното ниво на мерната скала а кај учениците албанци од основните училишта изнесува M=3.7.

## 2.2. СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ПРАШАЊАТА ПОВРЗАНИ СО ДЕМОКРАТИЗАЦИЈАТА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

### 2.2.1. Оценка на учениците за примена на демократи зацијата во воспитно-образовните институции

Примената на демократизацијата во воспитно образовните институции учениците имаа можност да ја оценат на скала преставена со 1-најниска застапеност и 5-најголема застапеност. Во најголем број, учениците примената на демократизацијата ја оценувале со оцена 3, додека со најниска оцена ја оцениле околу 5%. Со највисока оцена примената на демократизацијата ја оцениле околу 19% од учениците.

**Табела 16. Примена на демократизацијата во воспитно-образовните институции претставена на скала од 1 до 5**

| Скала од 1 до 5 | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 најниска застапеност | 11 | 5 |
| 2 2 | 34 | 14 |
| 3 3 | 85 | 36 |
| 4 4 | 50 | 21 |
| 5 најголема застапеност | 44 | 19 |
| 9 Без одговор | 13 | 6 |
| Тотал | 237 | 100 |

## 2.2.2. Перцепција на значењета на демократизацијата на образованието кај учениците

Учениците кои беа дел од ова истражување имаа можност да се произнесат околу своите размислувања за тоа што за нив преставува демократизацијата во образованието. Беше приложен сет од девет насоки кои се однесуваат на довербата, почитувањето, хуманите вредности, толеранција итн.

Дека демократизацијата во образованието значи развивање доверба, почитување на различни мислења и обезбедува добра комуникација, согласност изразиле околу 88% од учениците. Овој процент преставува агрегација од одговорите во потполно се согласуваг 32% и се согласуваг, 56%. Овој висок процент на позитивни одговори претпоставува дека учениците и се однесуваат во тој дух, да развиваат доверба и почитуваат различни мислења.

**Табела 17. Демократизацијата на образованието:**

| Демократизацијата на образованието за вас значи: | Се согласувам % |
|---|---|
| Децентрализација на образованието | 70 |
| Почитување на различноста | 75 |
| Развивање на критичко мислење | 76 |
| Го поставува учењето и постигнувањата на учениците во центарот на активностите | 78 |
| Еднаков пристап на образованието без разлика на полот, етнитетот, социјалната состојба | 81 |
| Образование за мир и развивање на толеранција | 83 |
| Бара одговорност и работна дисциплина | 84 |
| Прифаќање и учење на хуманите вредности | 85 |
| Развивање доверба, почитува различни мислења и обезбедува добра комуникација | 88 |

Исто така висока согласност учениците изразиле и кон мислењето дека демократизацијата значи прифаќање и учење на хуманите вредности (85%), наспроти оние кои не се согласуваат со ова мислење 12%.

Дека демократизацијата бара одговорност и работна дисциплина, согласност изразиле околу 84% наспроти 13% кои не се согласуваат.

Земајќи ги предвид сите девет тестирани мислења за демократизацијата во образованието, највисока согласност учениците изразуваат во насока на тоа дека таа преставува развивање доверба, почитување на различни мислења и обезбедува добра комуникација.

### 2.2.3. Демократизација и задачи на училиштето

Следниот сет ставови се однесуваат на задачите во училиштето, односно тестирање дали истите секогаш, често, ретко или никогаш се во функција во рамките на нивното училиште.

Задачите преставуваат широк спектар на информации за учениците, кои имаат за задача развивање на вештините кај учениците, во поглед на граѓанска одговорност, решавање проблеми, постигнување ученичка интеракција, почитување на личноста, активно учество на час итн.

Систематски и организирано, учениците треба да усвојуваат знаења и да стекнуваат вештини потребни за наредниот степен на образованието.

Учениците како директни корисници на образовни дејствија и услуги, поставени се во центарот на воспитно–образовниот процес како активни актери и обликувачи на процесот во кој тие се стекнуваат со знаења, способности, вештини, ставови.

Учениците се главни учесници во процесот на достигнување на целите на учењето и носат со себе дел и од одговорноста за резултатите од учењето.

Во нашиот воспитно–образовен процес наставниците пристапуваат кон поставување на задачите, а учениците во ова истражување имаат можност да

процената колку поставените задачи се во интерес на демократизацијата.

Имено, на прашањето дали задачите во училиштето ги подготвуваат учениците за активни граѓани во општеството, една третина од учениците одговориле дека оваа задача училиштето секогаш ја исполнува. Околу 35% од учениците одговориле дека задачите ги подготвуваат учениците за активни граѓани во општеството "често", околу 23% одговориле "ретко", и околу 8% од учениците одговориле дека задачите во училиште воопшто не ги подговуваат да бидат активни граѓани во општеството.

**Табела 18. Задача на училиштето да ги подготвува учениците за улогата на активен граѓанин**

| Ги подготвува учениците | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Секогаш | 79 | 33 |
| 2 Често | 84 | 35 |
| 3 Ретко | 55 | 23 |
| 4 Никогаш | 18 | 8 |
| 9 Без одговор | 1 | 0.4 |
| Тотал | 237 | 100 |

Дека задачите во училиштето секогаш поттикнуваат учење по пат на решавање проблеми, одговориле една третина од учениците додека пак околу 42% одговориле дека тоа е често. Околу 8% од учениците не се согласуваат со овој став и одговориле дека задачите никогаш не ги поттикнуваат на учење по пат на решавање проблеми.

**Табела 19. Учење по пат на решавање проблеми**

| Ги подготвува учениците: | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Секогаш | 71 | 30 |
| 2 Често | 100 | 42 |
| 3 Ретко | 48 | 20 |
| 4 Никогаш | 18 | 8 |
| Тотал | 237 | 100 |

Дека задачите во училиштето секогаш создаваат механизми за стекнување вештини на ученикот за активна партиципација и граѓанска одговорност, одговориле околу 28% од учениците, додека 37% одговориле дека задачите во училиштето често се насочени кон создавање на овие механизми. Околу 9% од учениците не се согласуваат со овој став и одговориле "никогаш" односно дека задачите не создаваат механизми за стекнување вештини на ученикот за активна партиципација и граѓанска одговорност.

**Табела 20. Механизми за стекнување вештини на ученикот за активна партиципација и граѓанска одговорност**

| Ги подготвува учениците: | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Секогаш | 67 | 28 |
| 2 Често | 88 | 37 |
| 3 Ретко | 57 | 24 |
| 4 Никогаш | 21 | 9 |
| 9 Без одговор | 4 | 2 |
| Тотал | 237 | 100 |

Врз основа на добиените резултати од спроведеното истражување, според мислењата и ставовите на учениците се обезбедија емпириска поддршка и сознанија за односот меѓу задачите на училиштето и колку тие ја исполнуваат својата функција кон учениците.

Во приложената табела се забележани одговорите на учениците за преостанатите задачи, и се забележува дека во однос на активното учество на учениците во наставниот час се издвојуваат најголем број одговори "секогаш". Земајки ги предвид и една третина одговори (34%) кои се однесуваат на одговорот "често", тогаш можеме да процениме дека партиципацијата на учениците во наставниот час преставува практика во анкетираните училишта и овој вид задача ја зголемува мотивацијата на учениците.

**Табела 21. Односот меѓу задачите на училиштето и колку тие ја исполнуваат својата функција кон учениците**

| | Задачи на училиштето | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ги подготвува учениците: | Ги подготвува учениците за доживотно учење | Вештини за користење на повеќе извори на знаења | Постигнува ученичка интеракција | Почитување на другиот | Почитување на личноста на детето | Активно учество на учениците во наставниот час | Учество на учениците во донесувањето на одлуки во училиштето |
| Секогаш | 35 | 41 | 33 | 55 | 46 | 48 | 25 |
| Често | 31 | 31 | 35 | 26 | 36 | 34 | 32 |
| Ретко | 25 | 22 | 25 | 13 | 13 | 12 | 23 |
| Никогаш | 7 | 6 | 5 | 6 | 4 | 6 | 19 |
| Без одговор | 2 | 1 | 3 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Тотал | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |

## 2.2.4. Формирање и функционирање на ученички парламент

Ученичкиот парламент како легитимна форма, каде што учениците со заедничко носење на одлуки се обидуваат да застанат зад своите права и од училиштето да создадат пријатно место за престој, со својата напорна работа, труд и идеи се обидуваат да ги менуваат работите што ќе бидат од корист за сите ученици во училиштето.

Во прилог следат одговорите на учениците од прашањата кои се однесуваат на формирањето и функционирањето на ученичкиот парламент во нивните училишта.

Во однос на прашањето дали ученичкиот парламент овозможува подготовка на учениците за современо демократско живеење, една третина (33%) од учениците во потполност се согласуваат со овој став. Се согласуваат околу 53% од учениците, не се согласуваат 11%, додека категорични дека воопшто фукнционирањето на парламентот нема никаква врска со нивната подготовка за современо демократско

парламентот нема никаква врска со нивната подготовка за современо демократско живеење се 3% од анкетираните ученици.

**Табела 22. Формирање и функционирање на ученички парламент: овозможува подготовка на учениците за современо демократско живеење**

| Степен на согласност | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Во потполност се согласувам | 79 | 33 |
| 2 Се согласувам | 126 | 53 |
| 3 Не се согласувам | 26 | 11 |
| 4 Воопшто не се согласувам | 6 | 3 |
| Тотал | 237 | 100 |

Дека, формирањето и функционирањето на ученичкиот парламент овозможува демократски живот во училиштето, согласност изразиле околу 76% (агрегирани одговорите потполно се согласува и се согласува) наспроти 24% кои не се согласуваат дека овој ученички парламент воопшто во некоја насока им овозможува на учениците демократски живот во училиштето.

**Табела 23. Формирање и функционирање на ученички парламент: Овозможува демократски живот во училиштето**

| Степен на согласност | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 Во потполност се согласувам | 60 | 25 |
| 2 Се согласувам | 119 | 50 |
| 3 Не се согласувам | 47 | 20 |
| 4 Воопшто не се согласувам | 10 | 4 |
| 9 Без одговор | 1 | 0 |
| Тотал | 237 | 100 |

За формирањето и функционирањето на ученичкиот парламент во училиштето, во однос на сите 9 испитувани ставови, учениците во најголем број во потполна согласност изразуваат со ставот кој се однесува на тоа дека учениците се

почитуваат меѓу себе и ги почитуваат наставниците и раководството во училиштето. Демократскиот начин на здружување заради застапување на интересите на сите ученици во училиштето и учеството на учениците во донесувањето на одлуки кои се однесуваат непосредно токму на нив, според одговорите на учениците кои земале учество во ова истражување, се забележува дека постои висока свесност за придобивките од формирање односно функционирање ученички парламент.

**Табела 24. Формирање и функционирање на ученички парламент**

| Формирање и функционирање на ученички парламент | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Степен на согласност | Го подобрува односот меѓу наставниците и учениците | Ги подготвува младите луѓе за живот во демократско општество | Им овозможува подобро да го сваќаат реализираат начинот на гласање и избирање на претставници | Учество на учениците во работата на училиштето и активна соработка со раководството на училиштето | Учениците одлучуваат за работи и потреби во училиштето | Се подготвуваат да сносат одговорност за одредени одлуки кои ќе ги донесат | Учениците се почитуваат меѓу себе и ги почитуваат наставниците и раководството |
| Во потполност се согласувам | 34 | 36 | 36 | 36 | 24 | 27 | 42 |
| Се согласувам | 48 | 41 | 41 | 44 | 37 | 42 | 35 |
| Не се согласувам | 16 | 15 | 17 | 13 | 27 | 23 | 15 |
| Воопшто не се согласувам | 1 | 6 | 4 | 7 | 12 | 8 | 6 |
| Без одговор | 1 | 2 | 1 | | | 1 | 1 |

Националната програма за образование на Република Македонија настојува, во духот на современите цивилизациски вредности, како што се: знаењето, демократичноста, правичноста, толеранцијата и хуманоста, да ги креира основните правци на развој на образованието во државата.

Притоа, во рамките на зацртаните цели за реализација, се обидува доследно да ги почитува генералните принципи на кои се темели развојот на образованието во Република Македонија, како што се принципите на: квалитет, граѓанска

во Република Македонија, како што се принципите на: квалитет, граѓанска одговорност, поврзаност со пазарот. Оттаму и продолжувањето на времетраењето на задолжителното образование во Република Македонија е значаен аспект за демократизација на воспитно образовниот систем и е во функција на задоволување на потребите на општеството.

## 2.2.5. Времетраење на задолжителното образование во Република Македонија

Испитуваните ученици имаа можност со оцени од 1 до 5 (каде 1 е најниска застапеност а 5 е највисока застапеност) да ја евалуираат значајноста на времетраењето на задолжителното образование во Република Македонија. Од нивни аспект, според пресметаната средна оцена која има вредност над 3, учениците изразуваат позитивно мислење за продолжувањето на времетраењето на задолжителното образование во Република Македонија како значаен аспект за демократизација на воспитно образовниот систем.

**Табела 25. Продолжувањето на времетраењето на задолжителното образование во РМ е значаен аспект за демократизација на воспитно-образовниот систем и е во функција на задоволување на потребите на општеството**

| Степен на значајност | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 најниска значајност | 9 | 4 |
| 2 2 | 52 | 22 |
| 3 3 | 53 | 22 |
| 4 4 | 68 | 29 |
| 5 најголема значајност | 45 | 19 |
| 9 Без одговор | 10 | 4 |
| Тотал | 237 | 100 |

Согласно прашањето за времетраењето на задолжителното образование, за највисоката оцена се одлучиле околу 19% од учениците, додека за најниската оцена односно најниска значајност за времетраењето на задолжителното образование, анкетираните ученици издвоиле околу 4%.

На следната табела се прикажани компаративно средните вредности за учениците Албанци и учениците Македонци посебно во основно и средно училиште. Во последната колона е преставена дали постои статистички сигнификантна разлика во перцепцијата за продолжувањето на времетраењето на задолжителното образование во Република Македонија, и дали тоа е во функција на задоволувањето на потребите во општеството.

**Табела 26. Компаративни средни вредности за учениците Албанци и учениците Македонци во основно и средно училиште**

| Продолжувањето на времетраењето на задолжителното образование во РМ е значаен аспект за демократизација на воспитно образовниот систем и е во функција на задоволување на потребите на општеството | M | Стат. сиг. разлика |
|---|---|---|
| Средно училиште - ученик - Албанец | 2.75 | ДА |
| Средно училиште - ученик - Македонец | 3.78 | |
| Основно училиште - ученик - Албанец | 3.27 | ДА |
| Основно училиште - ученик - Македонец | 3.97 | |
| Основно училиште - ученик - Албанец | 3.27 | ДА |
| Средно училиште - ученик - Албанец | 2.75 | |
| Основно училиште - ученик - Македонец | 3.97 | НЕ |
| Средно училиште - ученик - Македонец | 3.78 | |

## 2.2.6 Учество на учениците во донесување одлуки во училиштето

Во однос на следниот сет прашања, учениците имаа можност да ги изразат своите ставови околу партиципацијата во девет различни сфери на активности во училиштето.

Нивните одговори ги разгледувавме низ призма на училиште, дали испитаникот е од

основно или средно училиште и според нивната национална припадност.

**Табела 27. Ставови околу партиципацијата во девет различни сфери на активности во училиштето**

| Дали вие како ученик одлучувате за теми и активности во училиштето: % | | Основно училиште - ученик - Албанец | Основно училиште - ученик - Македонец | Средно училиште - ученик - Албанец | Средно училиште - ученик - - Македонец | Тотал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Уредување на училиштето | Да, секогаш | 58 | 17 | 36 | 14 | 34 |
| | Не, никогаш | 29 | 44 | 44 | 48 | 40 |
| | Понекогаш | 14 | 39 | 20 | 38 | 26 |
| Со кого ќе седат во клупа | Да, секогаш | 37 | 27 | 42 | 56 | 41 |
| | Не, никогаш | 51 | 12 | 42 | 14 | 32 |
| | Понекогаш | 12 | 61 | 16 | 30 | 27 |
| Начинот на работа во наставниот час | Да, секогаш | 60 | 18 | 24 | 14 | 32 |
| | Не, никогаш | 33 | 40 | 50 | 49 | 43 |
| | Понекогаш | 6 | 43 | 26 | 37 | 26 |
| За избор на содржина од наставниот материјал во согласност со интересот на ученикот | Да, секогаш | 29 | 18 | 27 | 18 | 24 |
| | Не, никогаш | 54 | 54 | 46 | 57 | 52 |
| | Понекогаш | 17 | 28 | 27 | 25 | 24 |
| Уредување на училницата (паралелката) | Да, секогаш | 29 | 37 | 46 | 28 | 35 |
| | Не, никогаш | 57 | 15 | 15 | 38 | 33 |
| | Понекогаш | 14 | 49 | 39 | 34 | 32 |
| За организирање на културниот и забавниот живот во училиштето | Да, секогаш | 36 | 15 | 27 | 34 | 29 |
| | Не, никогаш | 53 | 34 | 33 | 40 | 41 |
| | Понекогаш | 11 | 51 | 40 | 26 | 30 |
| За местата каде ќе се оди на екскурзија | Да, секогаш | 35 | 24 | 27 | 30 | 30 |
| | Не, никогаш | 59 | 54 | 33 | 36 | 46 |
| | Понекогаш | 6 | 22 | 40 | 34 | 25 |
| За облекувањето на учениците | Да, секогаш | 30 | 15 | 16 | 28 | 23 |
| | Не, никогаш | 56 | 65 | 56 | 58 | 58 |
| | Понекогаш | 14 | 20 | 27 | 14 | 19 |
| Избор на ученик кој ќе биде награден | Да, секогаш | 30 | 24 | 24 | 24 | 26 |
| | Не, никогаш | 42 | 46 | 53 | 46 | 47 |
| | Понекогаш | 28 | 29 | 24 | 30 | 28 |

Цел на образовната политика на секоја земја е да обезбеди можности за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и да осигура дека истите поседуваат знаења, вештини и ставови кои се во согласност со барањата на општеството. Поради тоа, образованието мора да биде достапно за секој без оглед на пол, религиозна определба, етничка припадност, здравствена состојба, социјална и финансиска положба. Образованието мора да го карактеризира динамички и флексибилно поставена структура која ќе излезе во пресрет на променливите потреби на поединците и општеството во целост.

Образовниот систем мора да ги надмине проблемите и да ги елиминира факторите кои предизвикуваат апстиненција кај некои ученици. Едноставно вклученоста на секој ученик во активности на час или воопшто во училиште треба да биде обврска а не прашање на желба или можност.

Од приложената табела се забележува дека кај анкетираните ученици во најголем број се издвојуваат одговори кои се однесуваат на нивното одлучување со кого ќе седат во клупа (41%). Издвоени се единствено одговорите "Да, секогаш", кои покажуваат нивна постојана активност на определените теми и активности.

Во најмал број позитивни одговори (дека секогаш сами одлучуваат) се забележуваат кај изборот на содржини од наставниот материјал и облекувањето на учениците.

**Табела 28. Дали вие како ученик одлучувате за теми и активности во училиштето:**

| Теми и активности во училиштето: | Да, секогаш | |
|---|---|---|
| | Фреквенција | % |
| Со кого ќе седат во клупа | 97 | 41 |
| Уредување на училницата (паралелката) | 83 | 35 |
| Уредување на училиштето | 80 | 34 |
| За местата каде ќе се оди на екскурзија | 71 | 30 |
| Начинот на работа во наставниот час | 70 | 30 |
| За организирање на културниот и забавниот живот во училиштето | 70 | 30 |
| Избор на ученик кој ќе биде награден | 60 | 25 |
| За избор на содржина од наставниот материјал во согласност со интересот на ученикот | 57 | 24 |
| За облекувањето на учениците | 53 | 22 |

## 2.3. СТАВОВИ И МИСЛЕЊА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРАШАЊАТА ПОВРЗАНИ СО ДЕМОКРАТИЗАЦИЈАТА ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

### 2.3.1. Оценка на наставниците за примена на демократизацијата во воспитно-образовните институции

Наставниците во основите и средните училишта во Македонија како едни од директните учесници во процесот на демократизација на образованието, запрашани за примената на демократизацијата во воспитно образовните институции во најголем број (40%) сметаат дека таа достигнува некое средно ниво (3). Третина од испитаните наставници сметаат дека примената на демократизацијата достигнува многу добро ниво (4). Мал е бројот на оние кои сметаат дека постои максимална застапеност на демократизацијата во воспитно – образовните институции – 8%, додека пак уште помала е бројот на оние кои сметаат дека постои најниска застапеност на примената на демократизација во училиштата – 2%.

**Табела 29. Оценка на наставниците за примена на демократизацијата во воспитно-образовните институции**

| Степен на застапеност | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 најниска застапеност | 3 | 2 |
| 2 2 | 22 | 14 |
| 3 3 | 62 | 40 |
| 4 4 | 47 | 30 |
| 5 најголема застапеност | 13 | 8 |
| 9 Без одговор | 8 | 5 |
| Тотал | 155 | 100 |

**Табела 30. Средна оцена за примена на демократизацијата во воспитно-образовните институции**

| | | |
|---|---|---|
| N | Тотал | 147 |
| | Missing | 8 |
| Mean | | 3.31 |

Ваквите резултати погледани низ призмата на етничката припадност укажуваат на тоа дека наставниците од албанска националност во помал степен ја доживуваат демократизацијата во воспитно-образовните институции. Средна вредност М која ја даваат албанските наставници е 3,07 наспроти нешто повисокото М кај македонските наставници 3,69.

Подлабоката анализа покажува дека примената на демократизацијата најмногу ја перципираат наставниците од Скопје (M=3,51) и тоа од основното училиште Никола Вапцаров (M=3,85), додека пак најмалку ја перципираат наставниците од Куманово (M=3,17), од основното училиште Наим Фрашери (M=2,44).

Постои и мала разлика во перцепцијата и доживувањето на примената на демократизацијата помеѓу наставниците од основно (M=3,43) и наставниците од средно училиште (M=3,18). Доколку се имаат предвид развојните промени кај учениците, разбирливо е дека и видовите на проблеми со кои наставниците се соочуваат во секојдневната работа се разликуваат помеѓу оние во основно и оние во средно училиште, што понатака може да доведе и до различна перцепција на примената на демократизација во воспитно-образовните институции.



ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

## 2.3.2. Перцепција на значењета на демократизацијата на образованието кај наставниците

Наставниците во ова истражување имаа можност да се произнесат околу своите размислувања (степен на согласност) за тоа што за нив преставува демократизацијата во образованието.

Беше приложен сет од девет насоки кои се однесуваат довербата, почитувањето, хуманите вредности, толеранција итн. Можните одговори беа:

4= Во потполност се согласувам,

3= Се согласувам

2= Не се согласувам

1= Воопшто не се согласувам

Развивањето доверба, почитувањето различни мислења и обезбедувањето добра комуникација, како основни постулати на едно демократско општество кај 90% од наставниците се евалуирани како важен дел од процесот на демократизација на воспитно-образовните институции (агрегирани одговори "потполно се согласувам" и "се согласувам").

Висока согласност кај наставниците постои и во однос на прифаќањето и учењето на хуманите вредности како дел од демократизацијата (88%). Сепак доколку се погледнат овие резултати низ призмата на етничката припадност, воочлива е разликата помеѓу наставниците македонци, каде средна оценка на овој аспект е M=3,4 и наставниците албанци каде средна оценка е M=3,1

Одговорноста и работната дисциплина како друг аспект на демократизацијата на воспитно-образовните институции исто така кај 88% од наставниците се препознаени како важни.

Дека демократизацијата го поставува учењето и постигнувањата на учениците во центарот на активностите во училиштето се согласни 86% од наставниците наспроти 14% кои не се согласни.

Во најголем број од наставниците 75% се согласни дека демократизацијата претпоставува и децентрализација на образованието, наспроти 25% кои не се согласни со овој аспект. Иако е поголем бројот на оние кои се согласуваат сепак постои воочлива разлика во прифаќањето на овој аспект на демократизацијата за разлика од останатите набројани, во насока на несогласност.

Согласни со тврдењето дека демократизацијата значи и почитување на различноста се 85% од испитаните наставници, наспроти 14% проценти кои не се согласни со ова тврдење и 1% кои не изразиле свое мислење во однос на ова тврдење. Доколку се зема средната вредност М и се спореди кај наставниците македонци и наставниците албанци ќе се забележи дека постои разлика во перцепцијата на овој аспект – наставниците македонци повеќе имаат тенденција да се согласуваат (М=3,5) за разлика од наставниците албанци (М=3).

Развивањето на критичкото мислење како аспект на демократизацијата го препознаваат 83% од наставниците, додека пак 15% не се согласни со ова тврдење и 2% не изразуваат свој став во однос на ова тврдење. И кај овој аспект на демократизацијата имаме разлика гледано низ призмата на етничката припадност – наставниците македонци покажуваат поголема тенденција да се согласуваат (М=3,4) од наставниците албанци (М=3).

Во однос на потребата за еднаков пристап на образованието без разлика на полот, етнитетот и социјалната состојба 88% се согласни дека е дел демократизацијата. Земајќи ја предвид етничката припадност и кај овој аспект постои разлика кај наставниците македонци (М=3,7) и наставниците албанци (М=3,3).

Дека демократизацијата подразбира образование за мир и развивање на толеранција се согласуваат 85% од испитаните наставници, наспроти 14% кои не се согласуваат со ова тврдење и 1% кои не даваат свое мислење во однос на овој аспект.

Имајќи ги предвид овие разбирања на демократизацијата на образованието од страна на наставниците може да се претпостави дека истите се рефлектираат и во нивното однесување. Наставниците како модел на однесување за младите е многу важно постојано да се развиваат во духот на еднаквоста (праведност, достапност и уважување на правата за сите, без разлика на пол, возраст, расна, етничка и религиска припадност, место на живеење, социјален и здравствен статус, итн.) и партиципацијата (слободата да се изразуваат мислења, правото на избор и активно учество во носење одлуки и прифаќање одговорност).

**Табела 31. Разбирања на демократизацијата на образованието од страна на наставниците**

| Разбирање на демократизацијата | Се согласувам % |
|---|---|
| Децентрализација на образованието | 75 |
| Развивање на критичко мислење | 83 |
| Почитување на различноста | 85 |
| Образование за мир и развивање на толеранција | 85 |
| Го поставува учењето и постигнувањата на учениците во центарот на активностите | 86 |
| Еднаков пристап на образованието без разлика на полот, етнитетот, социјалната состојба | 88 |
| Бара одговорност и работна дисциплина | 88 |
| Прифаќање и учење на хуманите вредности | 88 |
| Развивање доверба, почитува различни мислења и обезбедува добра комуникација | 90 |

Од табелата е воочливо дека наставниците развивањето доверба, почитувањето различни мислења и обезбедувањето добра комуникација се перцепирани како главни показатели на демократизација, додека пак потребата за децентрализација на образованието најмалку.

Имајќи предвид дека наставниците имаат директно учество во спроведувањето на демократизацијата, постои простор сеуште истите да се сензибилизираат на темата преку постојана едукација.

## 2.3.3. Демократизација и задачи на училиштето

Понатаму во истражувањето наставниците беа запрашани и колку училиштето ги остварува своите задачи во процесот на демократизација на четиристепена скала:

1= Секогаш,

2= Често

3= Ретко

4= Никогаш

Училиштето сфатено како вертикална трансмисија на знаење во процесот на демократизација го менува својот фокус од оваа задача кон пренесување социјални вештини кои се неопходни за живот во демократското општество.

Две петтини од наставниците (41%) сметаат дека училиштето секогаш ги подготвува учениците за улогата на активен граѓанин. Сличен е и бројот на оние кои сметаат дека оваа задача училиштето често ја завршува (44%). Околу 13% одговориле ретко дека училиштето ја извршува оваа задача, додека пак 2% сметаат дека училиштето никогаш не ја извршуваа оваа задача. Наставниците албанци се разликуваат значајно од наставниците македонци во однос на ова прашање. Наставниците македонци сметаат дека почесто се исполнува оваа задача. Средната вредност М кај албанците изнесува 1,99, додека кај македонците М= 1,49. ($t= 4{,}221$; $df=146$; $p<0{,}01$).

Околу третина од наставниците (30%) сметаат дека училиштето секогаш ги учи учениците преку решавање проблеми. Околу половина пак (49%) сметаат дека училиштето често на овој начин пристапуваат во образованието. Дека училиштето ретко учи преку решавање проблеми сметаат 18%, додека пак 3% сметаат дека оваа задача училиштето никогаш не ја исполнува. Погледано низ призма на етничката припадност наставниците албанци помалку сметаат дека се одвива учење по пат на решавање проблеми М=2,06, за разлика од наставниците македонци М=1,78. ($t=2{,}258$; $df=146$; $p<0{,}05$).

Преку училиштето учениците е важно да добијат механизми за стекнување со вештини за активна партиципација во општеството и граѓанска одговорност. Скоро половина од наставниците (48%) сметаат дека училиштето често успева да ја изврши оваа задача. Околу 28% сметаат дека училиштето секогаш ја завршува таа задача. Петтина (21%) од наставниците пак, сметаат дека училиштето ретко успева да ги обезбеди потребните механизми за стекнување вештини за активна партиципација и граѓанска одговорност. Дека училиштето никогаш не успева да ги обезбеди учениците со овие механизми сметаат 2% од испитаните наставници. Средната вредност во однос на овој аспект значајно се разликува кај наставниците албанци M=2,09 за разлика од наставниците македонци M=1,79. ($t=2,382$; $df=142$; $p<0,05$).

Запрашани колку училиштето ги подготвува учениците за доживотно учење 35% од наставниците сметаат дека секогаш се постигнува оваа задача. Околу 43% сметаат дека често училиштето успева да ги подготви учениците за доживотно учење. Скоро петтина пак, сметаат дека училиштето ретко успева да ја постигне оваа цел (19%). Дека никогаш не успева да ја постигне оваа цел се изјаснуваат 1% од наставниците. Одговорите во однос на ова прашање се разликуваат од аспект на етничка припадност. Наставниците албанци помалку сметаат дека се училиштето ги спрема учениците за доживотно учење M=2,01, наспроти наставниците македонци кои сметаат дека почесто се случува тоа M=1,70. ($t=2,533$; $df=142$; $p<0,05$).

Со промената на општественото уредување, со напреднувањето на технологијата, се отвараат границите за комуникација помеѓу разни области, институции, медиуми, со што протокот на информации се зголемува и тие стануваат достапни за сите. Оттука, ученикот треба да се научи да користи повеќе извори во добивањето информации. Наставниците одговораа и во однос на тоа колку сметаат дека училиштето му овозможува на ученикот да стекне вештини за користење повеќе извори. Според анализата на одговорите 34% сметаат дека училиштето секогаш ја постигнува оваа задача. Скоро половина (46%) сметаат дека училиштето често ја постигнува задачата, додека 16% сметаат дека ретко. Дека училиштето никогаш не успева да им пренесе вештини на учениците за користење повеќе извори

на знаења сметаат 2% од наставниците. И во однос на овој аспект постојат разлики кај македонските и албанските наставници, односно македонските наставници почесто сметаат дека се учат учениците да користат повеќе извори на знаење. ($t=2{,}759$; $df=144$; $p<0{,}01$).

Запрашани колку сметаат дека училиштата овозможуваат постигнување ученичка интеракција, 31% од наставниците сметаат дека училиштето секогаш ја овозможуваат истата, 52% сметаат дека училиштата често овозможуваат ученичка интеракција. Околу 16% од наставниците сметаат дека ова ретко им се овозможува на учениците.

Почитувањето на другиот како важен постулат во интеракцијата на луѓето пожелно е да биде поттикнато и моделирано во склоп на формалното образование. Половина од наставниците (51%) сметаат училиштето секогаш влијае врз развојот на почитта кон другите, додека 36% сметаат дека тоа се случува често. Од прашаните наставници 10% сметаат дека ретко училиштето успева да ја развие почитта кон другиот кај учениците, а 2% сметаат дека никогаш училиштето не успева во тоа. Постои разлика помеѓу наставниците албанци и наставниците македонци, во насока на тоа што македонските наставници сметаат дека почесто се учат учениците на почитување на другиот. ($t=2{,}178$; $df=145$; $p<0{,}05$).

Освен меѓусебната почит, училиштето како институција мора да ја уважи индивидуалноста на секое дете и истата да ја почитува. Повеќе од половина (54%) сметаат дека училиштето секогаш ја почитува личноста на детето, 37% сметаат дека често се почитува личноста на детето, додека пак, 8% сметаат дека ретко се почитува личноста на детето. Повторно, наставниците македонци повеќе сметаат дека постои почитување на личноста на детето $M=1{,}28$, за разлика од наставниците албанци $M=1{,}71$. ($t=4{,}325$; $df=145$; $p<0{,}01$).

Со демократизација на училиштата и образовниот процес се истакнува и потребата за активно учество на учениците во наставниот час. Повеќе од половина (55%) од наставниците се согласни со тоа дека учениците се секогаш активно вклучени во наставниот час. Третина од наставниците сметаат дека често се вклучени, 10% сметаат дека ретко училиштето ја поттикнува активноста на

учениците во наставниот час, додека пак, 1% сметаат дека тоа никогаш не се случува. Наставниците албанци (M=1,73) се разликуваат значајно од наставниците македонци (M=1,40). И во однос на оваа задача на училиштето, македонските наставници сметаат дека почесто се исполнува. ($t=2,838$; $df=145$; $p<0,01$).

Учениците во едно демократизирано општество и училиште се претпоставува дека се активни партиципатори во донесувањето на одлуки во училиштето. Четвртина од наставниците се согласни дека учениците се секогаш активни учесници во донесувањето одлуки. Дека учениците често учествуваат во донесувањето одлуки сметаат 41% од наставниците, а скоро третина (28%) сметаат дека ретко се случува да се вклучат учениците во процесот на донесување одлуки. Околу 6% сметаат дека никогаш не се вклучуваат учениците во донесувањето одлуки во училиштето.

## 2.3.4. Формирање и функционирање на ученички парламент

Наставниците, понатака во истражувањето се изјаснуваа и на сет прашања за формирањето и функционирањето на ученичкиот парламент.

Во однос на тоа дека овој парламент им овозможува подготовка на учениците за современо демократско живеење 89% од наставниците се согласни (агрегирани скорови "во потполност се согласувам" и "се согласувам"). Останатите 11% не се согласуваат со оваа изјава (агрегирани скорови "воопшто не се согласувам" и "не се согласувам").

Дека ученичкиот парламент овозможува демократски живот во училиштето согласни се 85% од наставниците, додека 15% не се согласни.

Со изјавата дека со функционирањето на ученичкиот парламент доаѓа до подобрување на односот меѓу наставниците и учениците се согласни 83% додека 17% не се согласни дека парламентот влијае врз односот наставник - ученик.

Околу 88% се согласни дека ученичкиот парламент ги подготвува младите луѓе за живот во демократско општество, додека околу 11% не се согласуваат дека парламентот успева да ги подготвува младите. Сепак постои разлика помеѓу овој

став кај наставниците македонци (M=1,66) и наставниците албанци (M=1,96) $t=2,758$ $df=144$ $p< 0,01$. Ова покажува дека наставниците Албанци помалку сметаат дека ученичкиот парламент ги подготвува младите за живот во демократско општество.

Понатаму, наставниците беа запрашани дали се согласуваат дека парламентот им овозможува подобро да го сфаќаат и реализираат начинот на гласање и избирање претставници. Околу 88% се согласни со тоа, додека пак, 12% не се согласуваат.

Дека ученичкиот парламент со своите активности ги вклучува учениците во работата на училиштето и овозможува активна соработка со раководството на училиштето се согласни 87% од наставниците, наспроти 12% кои не се согласуваат.

Околу 67% од наставниците сметаат дека учениците одлучуваат за работи и потреби во училиштето, наспроти третина од наставниците кои не се согласуваат со тоа. Ваквата распределба на мислењето покажува дека сеуште постои ограничување во вклучувањето на учениците во работите на училиштето, односно дека процесот на демократизација на образованието не е сеуште завршен.

Повторно, поголема е стапката на оние наставници кои се согласуваат дека преку ученичкиот парламент учениците се подготвуваат да сносат одговорност за одредени одлуки кои ќе ги донесат (79%), наспроти оние кои не се согласни со тоа (21%).

Дека формирањето и функционирањето на ученичкиот парламент помага учениците да се почитуваат меѓу себе и да ги почитуваат наставниците и раководството на училиштето се согласуваат 85% од наставниците додека 15% не се согласуваат со тоа.

## 2.3.5. Времетраење на задолжителното образование во Република Македонија

Пред неколку години во Република Македонија е внесена промена во основното образование – од осмолетка премина во деветолетка. Воедно, воведено е задолжително средно образование. Наставниците имаа можност на скала од 1 до 5

да се изјаснат колку е значајно ова продолжување на задолжителното образование за демократизацијата на воспитно образовниот систем. Околу третина од испитаните наставници (30%) сметаат дека таа промена многу значајна (4). Најниска значајност за демократизацијата (1) сметаат 12% од наставниците, додека пак 17% ја оценуваат со 2 значајноста. Повеќе од четвртина (27%) сметаат дека е средно значајна (3). Најголема значајност на продолжувањето на времетраењето на задолжителното образование за демократизацијата сметаат 7% од наставниците. Останатите не го искажале своето мислење во однос на ова прашање.

**Табела 32. Времетраење на задолжителното образование во Р. Македонија**

| Степен на значајност | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 најниска значајност | 19 | 2 |
| 2 2 | 27 | 17 |
| 3 3 | 41 | 26 |
| 4 4 | 47 | 30 |
| 5 најголема значајност | 11 | 7 |
| 9 Без одговор | 10 | 6 |
| Тотал | 155 | 100 |

Анализата на одговорите покажува дека средна вредност М кај наставниците Албанци е М=2,78, додека пак кај наставниците Македонци М=3,38. Ваквата разлика е статистички значајна. (t=-3,180 df=137 p<0,05).

Кај наставници од основни училишта средната вредност М изнесува М=3,13, додека пак кај наставниците од средните училишта таа изнесува М=2,91. Сепак ваквите разлики не се статистички значајни. (t =1,137 df=143 p=0,257)

Доколку се земат предвид градовите може да забележиме дека во Скопје М=3,25; Тетово М=3,11; Куманово=2,94 и Гостивар М=2,81. Ваквите разлики не се статистички значајни.

### 2.3.6 Учество на учениците во донесување одлуки во училиштето

Демократизацијата на воспитно-образовните институции подразбира и активно вклучување на учениците во процесот на носење одлуки во однос на училиштето и наставата. Наставниците одговараа и колку се согласуваат дека учениците треба да бидат вклучени во секојдневното носење одлуки на сет од девет аспекти.

Во однос на тоа дали учениците треба да учествуваат во уредување на училиштето 91% се согласни (агрегирани скорови "во потполност се согласувам" и "се согласувам"), наспроти 9% кои не се согласуваат (агрегирани скорови "воопшто не се согласувам" и "не се согласувам").

Дека учениците треба сами да решаваат со кого ќе седат во клупа се согласуваат 68% од наставниците, наспроти 32% кои не се согласуваат.

Скоро три четвртини (73%) од наставниците сметаат дека учениците треба да учествуваат во носење одлуки за начинот на работа во наставниот час, наспроти 27% кои не се согласуваат со тоа.

Во однос на вклучување на учениците во изборот на содржина од наставниот материјал во согласност со интересот на ученикот повеќе од половина (59%) се согласуваат дека е потребно, наспроти 40% кои не се согласуваат.

Поголема согласност постои кај наставниците во однос на вклученост на учениците во уредувањето на училницата (86%), наспроти 13% кои не се согласуваат со тоа. Сепак помеѓу наставниците албанци (M=2,01) и наставниците македонци постои статистички значајна разлика (M=1,66); t=2,927 df=145 p<0,01. Наставниците албанци повеќе имаат тенденција да се согласат да ги вклучуваат учениците во уредувањето на училницита.

И во однос на вклучување на учениците во организирање на културниот и забавниот живот на училиштето постои поголема согласност (89%), наспроти 11% кои не се согласуваат. Низ призмата на етничката припадност постои статистички значајна разлика во однос на ова прашање. Имено, македонските наставници имаат

поголема тенденција да се согласуваат да ги вклучуваат учениците во организирање на културниот и забавниот живот во училиштето M=1,56. Средната вредност кај наставниците албанци е M=1,95. (t=3,154 df=146 p<0,01).

Вклучување на учениците во одлуките за местата каде ќе се оди на екскурзија сметаат дека е пожелно 84% од наставниците, наспроти 15% кои не се согласни со тоа.

И во однос на ова прашање резултатите се разликуваат низ призмата на етничката припадност. Средна вредност кај наставниците албанци е M=2,08, додека кај наставниците македонци е M=1,78. (t=2,425 df=145 p<0,01).

Околу две третини (61%) од наставниците сметаат дека учениците сами треба да одлучуваат за облекувањето, додека 39% не се согласуваат со тоа.

Околу 81% сметаат дека учениците треба да бидат вклучени во изборот на ученици кои ќе бидат наградувани, додека пак, 19% не се согласуваат со нивното вклучување во изборот. Во однос на оваа ставка постои статистички значајна разлика кај наставниците од основни училишта M=1,81 и наставниците од средни училишта M=2,10; (t=2,424 df=153 p<0,05).

## 2.3.7. Демократски однос помеѓу локалната заедница и училиштето од аспект на имплементација на децентрализацијата

Наставниците одговараа во однос на тоа како ја оценуваат функцијата на процесот на децентрализација на локалната власт кон училиштата во функција на демократизација.

Околу 6% сметаат дека постои најниска функција на процесот, 14% ја оценуваат со (2), 43% со (3), околу третина (29%) оценуваат со (4), додека 8% сметаат дека постои највисока фунцкија на процесот на децентрализација.

**Табела 33. Демократски однос помеѓу локалната заедница и училиштето од аспект на имплементација на децентрализација**

| скала на функционалност од 1 до 5 | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 најмала функција | 9 | 6 |
| 2 2 | 21 | 13 |
| 3 3 | 67 | 43 |
| 4 4 | 45 | 29 |
| 5 најголема функција | 13 | 8 |
| Тотал | 155 | 100 |

Од аспект на етничката припадност не постои разлика во ова проценка. Додека пак, постои разлика помеѓу одговорите на наставниците од основни училишта и наставниците од средни училишта. Средна вредност М за наставниците од основни училишта е М=3.52, а кај наставниците од средните училишта М=2.90 ($t=4$, $df=153$ $p<0,01$).

## 2.3.8. Квалитет на меѓучовечки односи во наставничкиот колектив во функција на градење на демократски живот во училиштето

Наставниците беа запрашани да го оценат квалитетот на меѓучовечки односи во наставниот колектив на скала од 1 до 5, каде 1 е најнизок степен а 5 највисок степен на квалитет. Од добиеното се гледа дека со 1 го оцениле 1% од наставниците, со 2 го оцениле 9% од наставниците. Околу третина (31%) го оцениле со 3. Со 4 го оцениле 40% од наставниците, додека пак, со највисока оценка (5) го оцениле 19% од наставниците.

**Табела 34. Квалитетот на меѓучовечки односи во наставниот колектив**

| скала од 1 до 5 | Фреквенција | % |
|---|---|---|
| 1 најмал квалитет | 1 | 1 |
| 2 2 | 14 | 9 |
| 3 3 | 48 | 31 |
| 4 4 | 62 | 40 |
| 5 најголем квалитет | 30 | 19 |
| Тотал | 155 | 100 |

Ваквите ставови статистички се разликуваат помеѓу наставниците македонци од основни училишта (M=4,00) и наставниците македонци од средни училишта (M=3,55). ($t=2,162$ $df=66$ $p<0,05$).

## 2.3.9. Ставови со кои наставниците се водат во дијалогот со учениците значајни за демократизација на односите наставник-ученик

Како важен сегмент на демократизацијата е односот наставник – ученик. Наставниците на четири степена скала оценуваа колку се согласуваат со некои од принципите на демократски дијалог помеѓу нив и учениците.

1= Во потполност се согласувам.

2= Се согласувам

3= Не се согласувам

4= Воопшто не се согласувам

Дека е битно што мислат и говорат одличните ученици се согласуват 66% (агрегирани скорови "во потполност се согласувам" и "се согласувам") од наставниците, додека пак 33% не се согласуваат (агрегирани скорови "воопшто не се согласувам" и "не се согласувам").

Во најголем број од наставниците се согласуваат дека треба да им се даде можност на сите да го кажат своето мислење (96%), иако 3% не се согласуваат со тоа.

Исто така, во најголем број од наставниците се согласуваат (95%) дека дијалогот со учениците треба да биде толерантен. Со ова не се согласуваат 3%.

Дека дијалогот треба да води кон одреден заклучок се согласни 97% од наставниците, додека пак 2% не се согласуваат.

**Табела 35. Ставови со кои наставниците се водат во дијалогот со учениците**

| Ставови | Се согласувам % |
|---|---|
| Битно е што мислат и говорат одличните ученици | 66 |
| Треба да им се даде можност на сите да го кажат своето мислење | 96 |
| Дијалогот да биде толерантен | 95 |
| Дијалогот да води кон одреден заклучок | 97 |

Во однос на сите четири аспекти, постои значајна разлика доколу се погледнат одговорите од етничка призма.

**Табела 36. Ставови со кои наставниците се водат во дијалогот со учениците во однос на националноста на испитаниците**

| Ставови со кои се раководите во дијалогот со учениците: | Наставник Албанец | | Наставник Македонец | Стат. сиг. разлика |
|---|---|---|---|---|
| Битно е што мислат и говорат одличните ученици | 1,95 | → | 2,54 | ДА |
| Треба да им се даде можност на сите да го кажат своето мислење | 1,61 | → | 1,32 | ДА |
| Дијалогот да биде толерантен | 1,70 | → | 1,47 | ДА |
| Дијалогот да води кон одреден заклучок | 1,68 | → | 1,38 | ДА |

# 3. АНАЛИЗА НА ИНТЕРВЈУАТА СО ДИРЕКТОРИТЕ ВО УЧИЛИШТАТА ОПФАТЕНИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

Дополнителен драгоцен и незаменлив извор на информации за процесите и ефектите од процесот на демократизацијата во воспитно образовните институции представуваат мислењата на директорите во основните и средните училишта. Тие по своето место и улога во воспитно образовниот систем низ секојдневното работно искуство сублимираат низа сознанија и од аспект на постигнатото т.е. ефектите од демократизацијата во образованието и од аспект на оценка на бариерите кои стојат на патот на остварување на овие цели. Истовремено тие се и во состојба да ги оценуваат постоењето на дирекните отпори кон процесите на демократизација во образобанието. Истовремено треба да се води сметка и за нивното лично и субјективно "закривување" во перцепците и евалуацијата на тие процеси во позитивна или негативна насока.

Анализата на содржината на интервјуата направени со директорите упатуваат на заклучок дека кај повеќето од нив постои тенденција со извесна доза на скептицизам да гледаат на процесите на демократизација во образованието. Повеќето од нив соработката помеѓу наставниците и учениците во овие процеси се склони да ја оценуваат како задоволителна. Тоа укажува дека мнозинството од нив имаат резервиран став кон оценките за перформансите кон директните учесници во образовниот процес (наставниците и учениците) дека имаат развиени капацитети да ја имплементираат во пракса суштината на проектот за подобрување на демократизацијата во образовниот процес. Ваквиот став се должи во прв ред на еден стереотип дека учениците не се доволно спремни активно да учествуваат во вакви процеси со основно образложение дека кај учениците не се доволно развиени капацитетите да донесуваат одлуки. Тука акцентот е пренагласено ставен на моментот во донесувањето на одлуки а не е афирмиран акцентот на моментот на потребата дека учениците треба да учат на практичен начин да парицipираат во

донесувањето на одлуки.

Оценките се фокусираат на маргинални одлуки при решавање за организирање екскурзии и сл. а не на посуштествени прашања кои се однесуваат на градење на демократски вредности и принципи кои ги афектираат сите важни подрачја на секојдневниот живот на учениците. Во тој контекст повеќето директори истакнуваат дека должината на задолжителното образование не е во функција на потребите за личниот развој на учениците.

Ваквите критички диспонирани евалуации на директорите на училиштата фрлаат една нова светлина на битието на демократизацијата во образованието и даваат квалитативни информации кои треба да се земат предвид кога се работи за изнаоѓање решенија за надминување на проблемите и отпорите кои се испречуваат во секојдневниот практичен живот на општеството во целина. Накратко кажано вредностите и идеалите на демократијата за повеќето луѓе одсекогаш биле со ореол на магична привлечна моќ да бидат глорифицирани и декларативно прифатени. Но во реалноста на патот до нивната имплементација во животот во најмала рака кажано отсекогаш биле голем предизвик за луѓето заради што декларативно ја поддржувале демократизацијата генерално но во пракса или пасивно се однесувале во примена на нејзините принципи или под разни изговори се откажувале од неа.

## ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОРИ

### *1 Директор на гимназија „Кирил Пејчиновиќ„ Тетово*

Во врска со првото прашање директорот се изјасни дека постои задоволувачки однос меѓу наставниците како и меѓу наставниците и учениците. За одлуките кои се донесуваат во училиштето не секогаш се почитуваат мислењата и барањата на учениците, бидејќи не може да се оди според желбите на учениците и не може да се задоволуваат сите барања на учениците (како за местото каде ќе се оди на екскурзија, активностите во училиштето, и др.)

За проблемите во училиштето се дискутира во советот на наставниците, како и во слободните разговори меѓу наставниците и меѓу наставник и ученик. Не постои

иста заинтересираност и интерес кај сите наставници за да се вклучат во дискусија и решавање на некој проблем или недоразбирање во односот меѓу ученик-ученик или пак наставник-ученик. Има случаи кога и се жалат дека им се прекршени правата.

Повеќето од наставниците сметаат дека донесувањето на одлуки не е за ученици, бидејќи тие не се зрели за донесување одлуки кои се од важност за училиштето. Мал број на наставници се за вклучување на учениците во вакви одлуки. Ученичкиот парламент постои но не посоти голема заинтересираност на учниците за учество и функционирање на истиот. Така претставниците во парламентот се избираат од страна на раководството на училиштето.

Сметам дека достапноста во образовниот процес не дека задоволува некои значајни демократски потреби и барања. Задолжителното образование е долго и не им овозможува на учениците некој голем развој и запознавање со потребните знаења, умеења и навики. Напротив предолгото задолжително образование и измнеите во образовниот систем ги преоптоваруваат учениците и не им даваат простор за индивидуален развој и напредок. Никој не обрнува внимание на граѓанското општество, барања, сметам дека со граѓанско образование и демократско делувањево училиштето секако дека ќе имаме и по развиено општество и по демкратско.

## **2** *Директор на ОУ „Гоце Делчев„ Тетово*

За демократизацијата се дискутира во нашето училиштето. Што се донесува до односот наставник-наставник и наставник -ученик во нашето училиште тие односи се добро развиени и постои почит и разбирање меѓу истите. Наша постојана обврска е тоа, ако сме поблиску до учениците целта побргу ќе се реализира. Се почитува и мислењето и на другите и на мнозинството. Во нашето училиште постои ученичка заедница: која што функционира совршено и советот на родители. За екскурзија се бара мислење на учениците, но тешко е секогаш да се почитуваат нивните желби и барања, бидејќи процесот на одлучување на одење во екскурзија се прави во почетокот на учебната година и постои голема администрација и

бирократија (централизам) кое што се регулира со правилник од Министерството за образование, согласност од советот на општината-локалната власт, наставничкиот совет, советот на родители и Бирото за развој на образование.

Јас како директор се залагам да вклучам поголем број на наставници и ученици во разни дискусии за различни проблеми и случувања во нашето училиште а сето тоа се случува во одделенските часови и совети. Нивна обрска значи на наставниците е да ги вклучат учениците ви разни дискусии ив о одделенеските часови да ги запознаат и учат за животни вештини. Наставниците во нашата државата со закон воопшто не се заштитени; понекогаш има жалби за кршење на правата во смисла: ме брка од час, му ставив единициа дека беше немирен на час и др.

Не може секогаш да се вклучат учениците во донесувањето одлуки за училиштето, бидејќи тешко е да испочитуваш сите ученички барања. Се залагаме да ги почитуваме желбите на ученицте но сепак секогаш се гледа средината. Учениците се вклучуваат п.р. во пуштање оценки. Ученички парламент не постои и сметам дека во вакви услови и не е можно да постои, доста ние од Републичкиот парламент, не дека ни дава некоја позитивна слика за демократскиот живот во нашата држава.

Тринаесет годишното задолжително образование ги задоволува нечии хирови, не дека е потреба. Едно е да се бара нешто со закана, со присила, а сосема друго е да се учествува или да се оди од задоволство. Ниту пак одговара на потребите за развивање на демократско сестрано развиена личност. Што се донесува до пазарот на трудот, сметам дека апсолутно не е точно дека задолжителното образование (13 години) одговара на потребите на пазарот на трудот. Од година во година се повеќе ги оптоваруваме учениците, а тоа не значи дека ако наметнуваме се поголме број на предмети ќе бидеме по европски стандарди или пак ќе ги задоволиме нив. Што се однесува за тоа дека преку граѓанското образование може да се развива демократско општество сметам дека тоа е само претпоставка дека може да се постигне тоа така.

## 3 Директор на ОУ „Гоце Делчев„ Гостивар

Постои задоволувачки однос меѓу наставниците како и меѓу наставниците и учениците. За одлуките кои се донесуваат во училиштето не секогаш се почитуваат мислењата и барањата на учениците, бидејќи не може да се оди според желбите на учениците и не може да се задоволуваат сите барања на учениците (како за местото каде ќе се оди на екскурзија, активностите во училиштето, и др.)

За проблемите во училиштето се дискутира во советот на наставниците, како и во слободните разговори меѓу наставниците и меѓу наставник и ученик. Не постои иста заинтересираност и интерес кај сите наставници за да се вклучат во дискусија и решавање на некој проблем или недоразбирање во односот меѓу ученик-ученик или пак наставник-ученик. Има случаи кога и се жалат дека им се прекршени правата.

Повеќето од наставниците сметаат дека донесувањето на одлуки не е за ученици, бидејќи тие не се зрели за донесување одлуки кои се од важност за училиштето. Мал број на наставници се за вклучување на учениците во вакви одлуки. Ученичкиот парламент не постои.

Сметам дека достапноста во образовниот процес не дека задоволува некои значајни демократски потреби и барања. Задолжителното образование е долго и не им овозможува на учениците некој голем развој и запознавање со потребните знаења, умеења и навики. Напротив предолгото задолжително образование и измените во образовниот систем ги преоптоваруваат учениците и не им даваат простор за индивидуален развој и напредок. Секоја година има некоја измена а сето тоа влијае на оптовареноста на ученикот.

## 4 Директор на ОСТУ - Гостивар

Што се донесува до односот наставник-наставник и наставник -ученик во н шето училиште тие односи се добро разввиени и постои почит и разбирање меѓу

истите. Наша постојана обврска е тоа, ако сме поблиску до учениците целта побргу ќе се реализира. Се почитува и мислењето и на другите и на мнозинството. Во нашето училиште постои ученичка заедница: која што функционира совршено и советот на родители. За екскурзија се бара мислење на учениците, но тешко е секогаш да се почитуваат нивните желби и барања.

Јас се залагам да вклучам поголем број на наставници и ученици во разни дискусии за различни проблеми и случувања во нашето училиште .

Не може секогаш да се вклучат учениците во донесувањето одлуки за училиштето, бидејќи тешко е да испочитуваш сите ученички барања. Се залагаме да ги почитуваме желбите на ученицте но сепак секогаш се гледа средината. Ученички парламент постои и функционира добро што се однесува до одлуките кои се однесуваат за уредување на училиштето, односите на наставниците со учениците, работата на наставниците, работата на директорот на училиштето, и др.

Мислам дека не е потребно толу долго задолжително образование . Ниту пак одговара на потребите за развивање на демократско сестрано развиена личност. Што се донесува до пазарот на трудот, сметам дека апсолутно не е точно дека задолжителното образование (13 години) одговара на потребите на пазарот на трудот. Од година во година се повеќе ги оптоваруваме учениците, а тоа не значи дека ако наметнуваме се поголме број на предмети ќе бидеме по европски стандарди или пак ќе ги задоволиме нив. Што се однесува за тоа дека преку граѓанското образование може да се развива демократско општество сметам дека тоа е само претпоставка дека може да се постигне тоа така.

## 5 *Директор на ОУ „Никола Вапцаров„ Чаир - Скопје*

Односот меѓу наставниците како и меѓу наставниците и учениците е задоволувачки. За одлуките кои се донесуваат во училиштето не секогаш се почитуваат мислењата и барањата на учениците, бидејќи не може да се оди според желбите на учениците и не може да се задоволуваат сите барања на учениците (како за местото каде ќе се оди на екскурзија, активностите во училиштето, и др.)

За проблемите во училиштето се дискутира во советот на наставниците, како и во слободните разговори меѓу наставниците и меѓу наставник и ученик. Не постои иста заинтересираност и интерес кај сите наставници за да се вклучат во дискусија и решавање на некој проблем или недоразбирање во односот меѓу ученик-ученик или пак наставник-ученик. Има случаи кога и се жалат дека им се прекршени правата.

Повеќето од наставниците сметаат дека донесувањето на одлуки не е за ученици, бидејќи тие не се зрели за донесување одлуки кои се од важност за училиштето. Мал број на наставници се за вклучување на учениците во вакви одлуки. Ученичкиот парламент не постои.

Сметам дека достапноста во образовниот процес не дека задоволува некои значајни демократски потреби и барања. Задолжителното образование е долго и не им овозможува на учениците некој голем развој и запознавање со потребните знаења, умеења и навики. Напротив предолгото задолжително образование и измените во образовниот систем ги преоптоваруваат учениците. Секако дека и политичкото влијание на образовниот процес, односно измените базирани врз политичка позадина лошо влијаат врз наставниот процес и врз градењето на ставовите и односите меѓу учениците.

## *6 Директор на СУ „Цветан Димов„ Чаир - Скопје*

Во врска со првото прашање директорот се изјасни дека постои задоволувачки однос меѓу наставниците како и меѓу наставниците и учениците. За одлуките кои се донесуваат во училиштето не секогаш се почитуваат мислењата и барањата на учениците, бидејќи не може да се оди според желбите на учениците и не може да се задоволуваат сите барања на учениците (како за местото каде ќе се оди на екскурзија, активностите во училиштето, и др.)

За проблемите во училиштето се дискутира во советот на наставниците, како и во слободните разговори меѓу наставниците и меѓу наставник и ученик. Не постои иста заинтересираност и интерес кај сите наставници за да се вклучат во дискусија и

решавање на некој проблем или недоразбирање во односот меѓу ученик-ученик или пак наставник-ученик. Има случаи кога и се жалат дека им се прекршени правата.

Повеќето од наставниците сметаат дека донесувањето на одлуки не е за ученици, бидејќи тие не се зрели за донесување одлуки кои се од важност за училиштето. Мал број на наставници се за вклучување на учениците во вакви одлуки. Ученичкиот парламент не.

Сметам дека достапноста во образовниот процес не дека задоволува некои значајни демократски потреби и барања. Задолжителното образование е долго и не им овозможува на учениците некој голем развој и запознавање со потребните знаења, умеења и навики. Напротив предолгото задолжително образование и измнеите во образовниот систем ги преоптоваруваат учениците и не им даваат простор за индивидуален развој и напредок. Никој не обрнува внимание на граѓанското општество, потребита на учениците и младите, сите измени се прават да ги задоволат политичките апетити, потреби на тие што во момнетот се наоѓаат на власт.

## 7 *Директор на СПУ ,,Перо Наков,, Куманово*

Директорот се изјасни дека постои задоволувачки однос меѓу наставниците како и меѓу наставниците и учениците. За одлуките кои се донесуваат во училиштето не секогаш се почитуваат мислењата и барањата на учениците, бидејќи не може да се оди според желбите на учениците и не може да се задоволуваат сите барања на учениците (како за местото каде ќе се оди на екскурзија, активностите во училиштето, и др.)

За проблемите во училиштето се дискутира во советот на наставниците, како и во слободните разговори меѓу наставниците и меѓу наставник и ученик. Не постои иста заинтересираност и интерес кај сите наставници за да се вклучат во дискусија и решавање на некој проблем или недоразбирање во односот меѓу ученик-ученик или пак наставник-ученик. Има случаи кога и се жалат дека им се прекршени правата.

Повеќето од наставниците сметаат дека донесувањето на одлуки не е за ученици, бидејќи тие не се зрели за донесување одлуки кои се од важност за училиштето. Мал број на наставници се за вклучување на учениците во вакви одлуки. Ученичкиот парламент не постои .

Сметам дека достапноста во образовниот процес не дека задоволува некои значајни демократски потреби и барања. Задолжителното образование е долго и не им овозможува на учениците некој голем развој и запознавање со потребните знаења, умеења и навики. Напротив предолгото задолжително образование и измнеите во образовниот систем ги преоптоваруваат учениците и не им даваат процтор за индивидуален развој и напредок. Никој не обрнува внимание на граѓанското општество, потребите на учениците и младите, нивниот понатамошен живот и нивното професионално делување.

## *8 Директор на ОУ „Кочо Рацин„ Куманово (училиште со македонски наставен јазик)*

Што се донесува до односот наставник-наставник и наставник -ученик во н шето училиште тие односи се добро разввиени и постои почит и разбирање меѓу иститe. Наша постојана обврска е тоа, ако сме поблиску до учениците целта побргу ќе се реализира. Се почитува и мислењето и на другите и на мнозинството. Во нашето училиште постои ученичка заедница: која што функсионира совршено и советот на родители. За екскурзија се бара мислење на учениците, но тешко е секогаш да се почитуваат нивните желби и барања.

Јас се залагам да вклучам поголем број на наставници и ученици во разни дискусии за различни проблеми и случувања во нашето училиште .

Не може секогаш да се вклучат учениците во донесувањето одлуки за училиштето, бидејќи тешко е да испочитуваш сите ученички барања. Се залагаме да ги почитуваме желбите на ученицте но сепак секогаш се гледа средината. Ученички парламент постои и функционира добро што се однесува до одлуките кои се однесуваат за уредување на училиштето, односите на наставниците со учениците,

работата на наставниците, работата на директорот на училиштето, и др. Во ученичкиот паралмент учествуваат сите претседатели на одделенијата.

Мислам дека не е потребно толу долго задолжително образование . Ниту пак одговара на потребите за развивање на демократско сестрано развиена личност. Што се донесува до пазарот на трудот, сметам дека апсолутно не е точно дека задолжителното образование (13 години) одговара на потребите на пазарот на трудот. Од година во година се повеќе ги оптоваруваме учениците, а тоа не значи дека ако наметнуваме се поголм́е број на предмети ќе бидеме по европски стандарди или пак ќе ги задоволиме нив. Што се однесува за тоа дека преку граѓанското образование може да се развива демократско општество сметам дека тоа може да се постигне со поразвиени другарски и човечки односи во училиштето и надвор од неа.

## *9 Директор на ОУ „Наим Фрашери„ Куманово (училиште со албански наставен јазик)*

Директорот мисли дека постои задоволувачки однос меѓу наставниците како и меѓу наставниците и учениците. За одлуките кои се донесуваат во училиштето не секогаш се почитуваат мислењата и барањата на учениците, бидејќи не може да се оди според желбите на учениците и не може да се задоволуваат сите барања на учениците (како за местото каде ќе се оди на екскурзија, активностите во училиштето, и др.)

За проблемите во училиштето се дискутира во советот на наставниците, како и во слободните разговори меѓу наставниците и меѓу наставник и ученик. Не постои иста заинтересираност и интерес кај сите наставници за да се вклучат во дискусија и решавање на некој проблем или недоразбирање во односот меѓу ученик-ученик или пак наставник-ученик. Има случаи кога и се жалат дека им се прекршени правата.

Повеќето од наставниците сметаат дека донесувањето на одлуки не е за ученици, бидејќи тие не се зрели за донесување одлуки кои се од важност за училиштето. Мал број на наставници се за вклучување на учениците во вакви

одлуки. Ученичкиот парламент не постои и сметам дека не постојат услови во нашите училишта за ученички парламент.

Сметам дека достапноста во образовниот процес не дека задоволува некои значајни демократски потреби и барања. Задолжителното образование е долго и не им овозможува на учениците некој голем развој и запознавање со потребните знаења, умеења и навики. Напротив предолгото задолжително образование и измените во образовниот систем ги преоптоваруваат учениците и не им даваат простор за индивидуален развој и напредок.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Врз основа на добиените емпириски и теоретски податоци и поставки обработени во трудот произлегуваат следните заклучоци:

1) Образованието е општествена категорија, фундамнетално човеково право и право на децата без разлика на нивната етничка припадност, верска, расна и културна определеност. Демократизацијата на општеството во целина во транзиционите општества односно држави опфаќа два клучни процеси а тоа се: плурализмот и деполитизацијата на образованието.

   Образованието е инвестиција за иднината на децата, младите па и општеството во целина.

   Денешното училиште има тешка и одговорна задача, а тоа е да образува ученици кои ќе бидат способни да ја менуваат постоечката состојба во општеството-одговарајќи така на предизвиците на современите општествени и технолошки промени, и истовремено да го разберат и почитуваат европскиот идентитет на општеството во кое што живеат - така да и понатаму се одржат културните, демократските и правните традиции на европската цивилизација.

2) Интенцијата на нашата држава од осамосотјувањето па се до денес е осовременувањето и прилагодувањето на системот на образованието кон европските развиени држави и нивните воспитно-образовни системи. Така измените кои што се извршија во основното образование а конкретно во продолжувањето на времетраењето на основното образование од осум години во девет години беа се со цел за по развиено основно образование и адаптирање на нашето основно образование кон основното задолжително образование на развиените држави. Според Законот за основно образование и воспитание во Република Македонија основното образование е задолжително за сите деца без разлика на нивната етничка, верска и

социјална определеност; е бесплатна за сите деца без исключок; и трае девет години. Една од причините за продолжување на основното образование е тенденцијата за опфаќање на се поголем број на деца и со предучилишното образование без разлика дали се тие од руралните или од урбаните средини. Исто така и задолжителното средно образование е еден нов сегмент со кој што сакаме да се приклучиме кон европските развиени земји.

3) Образованието во демократско општество треба да биде независна. Независноста се смета во смисла на почитување на образованието како еден важен и самостоен сегмент кој што битно влијае во развитокот на општеството во целина преку развојот и оформувањето на единката како еден важен ресурс во развојот на државата.
4) Самата демократизација на општетството а со тоа и демократизацијата на образованието пред себе поставуваат едно фундаментално барање, а тоа е почитувањето на различноста. Кога велам почитување на различноста, сметам дека тоа не е само почитување на различни етнички групи, почитување на различни културни групи, различни верски припадности, туку и почитување на индивидуалноста на единката и во една етничка припадност, бидејќи секое една единка е структура во себе кое што има свои потреби, свои барања, различни капацитети, различни можности, своја потреба за афирмација и почитување.
5) Од круцијална важност за демократско развиено општество е почитување на сегментот на полова еднаквост. Демократизацијата и на општеството и на образованието бара пред се еднакво третирање и респектирање на двата пола. Образованието е тој клуч кој што треба да го развива и чувството за еднаквост во смисла на еднакви можности, еднакви услови, еднакви права и на девојчињата и на машките деца.
6) Почитувањето на мултиетничноста и мултикултурата не значи само меѓусебна толеранција и разбирање, туку и развој и унапредување на различните култури, етнитети и воедно и реципрочно прифаќање и развивање на тие вредности. Во духот на меѓусебно почитување и вреднување

сметам дека треба да се афирмира интеркултурализмот како начин и можност за подобро фунционирање во едно мултиетничко општество. Зошто се определувам за интеркултурализам, подоле ќе објаснам на кратки црти:

*Мултикултурно општество* - во него постојат различни културни, национални, етнички, религиски етнитети кои живеат во рамките на една иста територија, но тоа не значи дека тие остваруваат меѓусебна комуникација.

*Интеркултурно општество* - во ваквите општества постојат различни култури, национални групи кои живеат заедно во една територија, кои задржуваат отворена комуникација и интеракција меѓу себе, соработуваат меѓу себе и заемно ги признаваат своите културни вредности и начини на живеење. Во една ваква ситуација зборуваме за активна толернација и одржување на праведни релации каде секој има свое значење, секој се почитува, не постојат стереотипи што значи никој не е супериорен ниту пак инфериорен, не постојта во ваквите општества добри и лоши луѓе, туку сите заедно се борат и работат за подобрување на нивната земја и нивниот животен и професионален стандард.

Сето ова поуспешно и поквалитетно може да се постигнува само тогаш кога граѓаните ќе се подготват и ќе се информираат од раната возраст, значи почнувајќи од основното образование, дека треба секој да се почитува, дека секој има потреба од развој и афирмација без разлика на неговата етничка, верска, расна и културна припадност. Сметаме дека секој вреди онолку колку што пред се сам ќе се почитува и ќе се цени а потоа колку некој друг ќе го почитува и цени. Затоа и треба секој да има развиено самодоверба и квалитети за успешно планирање и реализирање првично на сопствениот живот а потоа и на поширокото општествено живеење.

